Доктор Квак

(Антологија на хрватски модернистички расказ)

Книгата е објавена со финансиска поддршка од
Министерството за култура на Република Хрватска

БИБЛИОТЕКА – *ARS MAGNA*

Главен уредник
Филип Димевски

Приредувач и поговор
Игор Дворшќак

Превод од хрватски јазик
Ѓорѓи Крстевски

Јазична редакција
Филип Димевски

Компјутерска обработка
Бегемот

Ликовно уредување
Владимир Лукаш

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ
Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Доктор Квак

(Антологија на хрватски
модернистички расказ)

Бегемот
Скопје, 2020

СОДРЖИНА

Антун Густав Матош
ГЛУШЕЦ 7
ИГЛЕСТО ЧЕДО 33

Јанко Полиќ Камов
БРАДА 48
ЖЕНА 63

Улдерико Донадини
ДОКТОР КВАК 76
ЃАВОЛОТ НА ГОСПОДИНОТ
АНДРИЈА ПЕТРОВИЌ 86

Миливој Дежман Иванов
ИСПОВЕД 95

Јосип Бариќевиќ
НЕПРИЈАТНА РЕМИНИСЦЕНЦИЈА 104

Фран Галовиќ
ВО САМРАКОТ 112

Никола Шоп
ДВАЈЦА ОРМАНИ 118

Мирослав Крлежа
СМРТТА НА БЛУДНИЦАТА МАРИЈА 122
БАРАКА ПЕТ Б 131

Иван Горан Ковачиќ
ЗБУНЕТИОТ ДЕНГУБА 157

Јанко Лесковар
ПОМИСЛА НА ВЕЧНОСТА 162

Ксавер Шандор Ѓалски
СОНОТ НА ДОКТОР МИШИЌ 173

ПОГОВОР 221

ГЛУШЕЦ

Антун Густав Матош

Doch merk't vot andren Dingen
Wie unbedingt, uns zu bedingen
Die absolute Liebe sei!
Goethe

I

А сега да ти соопштам нешто што можеби ќе те израдува. Драг Мишко, Бог ја благослови нашата љубов: бремена сум!

Овде го завршувам писмото, бидејќи многу се распишав. Се надевам дека ќе ми одговориш веднаш.

Твојата
Глувчица.

Откако Милиновиќ го прочита тој чуден крај, го обзеде непријатен страв. Беше и малку суеверен. Значи, мрачните претчувства што го

преплавуваа во последно време не биле случајни. Легна на диванот, нерасположено загледувајќи се во шарата на плафонот. Од глупавите мисли го спаси тешкиот сон. Се разбуди дури во предвечерието, лесен и весел, а ненадејната вест веќе се беше престорила во спомен. Запали цигара и почна да пишува:

Драга моја Глувчице,
Виена, 3 мај 1897 година.

Твојата вест – да се изразам така – ме зачуди. Не се надевав дека уште си толку наивна. Небаре едвај чекаше да ме збуниш со ова, на кое не се надевав ни во сон. Се чини дека сакаш да ме обврзеш и да ме присилиш да се оженам со тебе. Не сфаќаш дека тоа засекогаш би ме скарало со чичко ми, кој ми остана единствен роднина.

Прости ми за грубоста, но веројатно не сакаш да ми кажеш дека постоењето на тоа мало наметливо суштество стана физиолошка или „морална“ потреба? Биди како модерните госпоѓи од високата класа по добивањето на нивното задолжително второ дете! Тоа не е никакво злосторство. Колку порано се решиш за мојот спасоносен совет, толку подобро е за тебе, а да не се споменувам и себеси. Најдобро би било да земеш неколку денови отсуство од чичко ти, божем одиш дома, па да дојдеш ваму, каде што ќе завршиме работа со помош на еден мој познајник, доктор Н., специјалист за тие работи.

Секоја чест на неговите родители, но се сомневам дека човечкиот род во нашиот натрапник ќе изгуби некаковси Аристотел или Рафаел.

Биди трпелива, моја мила Глувчице. Ти кажав веќе дека не можам да се оженам уште две години. За некој ден ќе бидам во Араберг, па ќе се договориме како зрели луѓе, кога веќе сме осудени на тоа поради немилиот настан.

Твој
Михајло.

П. С.

Те молам, не ме нарекувај веќе Мишко или Мишкец. Тие кајкавски прекари не ми се многу прираснати за срцево.

Со писмово ти праќам и неколку книги преку чичко ми.

Го запечати, се проѕевна и застана пред елегантното огледало да се дотерува.

Снажно момче. Уреден и ситен како девојка. Нема повеќе од шеесет килограми. Ја помина дваесет и петтата година, а мазен е во лицето, нема ни влакно. Лицето му има маслинеста боја, чисто е и хипократски бледо. Впечатливите темнозелени очи му се бистри и мирни како на егоист, а блескаат и пропаднале како кај мечтател. Дури кај усните тешкиот живот избраздил две тенки, но длабоки бразди. Густата долга коса, блескава и мека како свила, му паѓа

на темето неуредно како на некој виртуоз. Не се носи како конте, туку потсетува на елегантен глумец или сликар.

Родителите му починаа рано и не се сеќаваше на нив. Татко му тргуваше со благословениот славонски даб и му остави двесте илјади во пари, со кои управува чичко му Петар, краински капетан во пензија. Тој имаше убав имот близу Виена и прекрасна ќерка Јелка. Мајка му на Михајло беше сиромашна благородничка од горнокарловачкиот крај. Се омажи дури на триесетгодишна возраст, за стар човек, без љубов, а неколку месеци потоа почина, раѓајќи го синот единец. Михајло секаде ги носеше нејзината златна гривна во облик на змија со смарагдни очи и огромниот медаљон со мајчината посивена фотографија, како амајлии. Често намуртено ја набљудуваше непознатата госпоѓа во црн, свилен и голем кринолин, со книга на крилото, нејзините бујни и кафени кадрици, полуотворената уста и замислените очи. Речиси напамет ја научи единствената книга со нејзиниот потемнет потпис: еден од првите броеви на книжевното списание *Даница Илирска*. Од мајка си ги наследи мечтателскиот нарав, аристократскиот изглед и гордоста, а од татко си трговската себичност и разбирањето на прозата. Истовремено, беше и дете и старец.

Гимназијата ја заврши со одлични оценки во загрепскиот Дворјански интернат, каде што силно ја замрази дволичноста. Рано почна да чита и читаше сè што ќе му паднеше под рака.

Веќе на шеснаесет години го имитираше Хајне: ги навредуваше блиските и кришум ги посетуваше забранетите места.

Еве го, сега, во Виена, каде што е на пракса како медицинар веќе шеста година. По неколку месеци живее како осаменик, посетувајќи само концерти и музеи, а кога лумпуваше, малку му беше и една недела. Беше многу кокетен. Се дружеше само со елегантни жени, од кои веќе искуси добар дел од нив. Беше надарен толку многу, што им завидуваше на среќните глупаци. Немаше пријатели.

„Се чудам“, пишуваше во својот дневник, „како им се верува на пороците, кои сè уште денес го мамат светот, бладајќи за некакво сочувство. Сочувството е варварска емоција што исчезнува пред образованието и развојот на поединецот. Токму затоа и апостолите на општата љубов се *неморални* без да го посакуваат тоа: речиси секогаш ѝ се заколнати непријатели на цивилизацијата.“

„Што е тоа патриотизам? Мамка со која енергичните софисти го ловат обичниот народ. Во политиката нема идеали. Постојана е само егоистичката последица на славољубието. Денес, кога парите, струјата, списанијата, социјализмот и економските интереси ги претвораат Европејците во еден народ, кога националниот карактер сè повеќе се губи – денес патриотизмот, како и религијата, се претвора во урнатини. Што е тоа народ? Ист јазик – и ништо повеќе, т.е. нешто сосем споредно. Најинтересно е дека за патриотизмот најмногу се бучи онаму

каде што најмалку го има, на пример, во нашата блажена Хрватска, таа најжална дупка во Земјината вреќа.“

II

За три дена Милиновиќ доби одговор.

Драг Мијат,
Араберг, 5 мај 1897 г.

Го добив твоето кратко и сурово писмо. Боже, за какви само работи ме обвинуваш!

Твојот совет е добар, но не можам да се натерам да размислувам како тебе. Зарем тоа не би било убиство, што ќе ме следи до смртна постела? Не, не можам да те послушам овој пат. Ми се чини дека со следењето на твоите благородни бесмислености во мене би згаснала последната искра од мајчинското, човечко чувство. Не можам одново да те послушам, бидејќи знам дека поради „натрапникот“ би те изгубила и тебе, моја единствена и последна љубов! Боже, што ли дочекав! Со кое право, како некоја распуштеница, постара од тебе една година, се надевав дека ќе ме усреќиш? Ах, каква будала испаднав! Што ли ќе се случи со мене? Мијат, ќе ти кажам уште нешто, но нема да те растажувам без потреба. Знам дека си нервозен. И без тоа ќе дознаеш сè...

Твојот господин чичко не насетува ништо зашто секое утро сама одам до поштата. Не

стравувај за мене: и да загинам, светот ништо нема да дознае!

Пишувам на чардакот. Овде е прекрасно! Во салонот Елка ја свири прекрасната *Крајслеријана* од Шуман. Околу мене цути јоргован.

Господинот Милиновиќ оздрави, а Јелица веќе правилно пишува хрватски. Утрово бевме на гробот на твојата покојна стрина. Прекрасни гробишта! Сместени се на ритче; покрај нив сонливо се извишува древна готска црква, а долу чади селото. И јас би сакала да почивам таму. Господинот капетан плачеше повеќе од Јелка и од мене. Вие момчињата им се подбивате на офицерите дека се мисири и што уште не, но во својата работа како дадилка се уверив дека тоа се најчесните мажи. Угледај се на господинот Петар! Не ти верувам, сепак те сакам! Нежен си како крин, а убав и грозен како Луцифер. Иако понекогаш си лош, срцето ти е благородно – го чувствувам тоа. Не, не верувам дека би можел да ме уништиш. Нели, душичке моја, ти не би можел намерно да ме упропастиш?!

Читам песни, но во нив слабо го наоѓам она што го чувствувам. Боже, ама е прекрасно овде! Досега ниедна пролет не ме опила како оваа! Од езерцето во градината мириса на рибини крлушки, а од сочната виенска шума – на смола. Во воздухот бранува нешто медено – како сонцето да е златен лаворов цвет, а чистото небо – љубичица. Колку тој цвет е почудесен, толку повеќе ја чувствувам својата бескрајна несреќа и пустата осаменост. Ме измачуваат

тие млади бои, ме измачува нежниот пој на славејот, ме измачуваат задоволните човечки лица! Кога би умрела сега, сепак би ми било полесно одошто да умрам во зима или во здодевна есен. Ах, нека е проклет оној што прв излажа дека постои среќа! Еве, сами од себе, од перото, ми извираат стиховите што ми ги прати тогаш:

Сам на светов, самец без помош,
Сам лазам по мракот на оваа ноќ,
И издишувам со тешка злоба:
„Кога ќе чукне смртниот час, кога?“

Плачам, мил мој Мијат, и не можам понатаму. Овде човек не смее ни да се исплаче на раат!

Смилувај ми се, драг мој! Утеши ме, душичке моја! Биди милослив кон своето дете, ако веќе ме презираш мене! Имај барем трошка сомилост, те преколнувам во името на Бога!

Твојата жена
Љуба Коларић

П.С.

Сега малку се потсмирив. Прости ми ако претерав. Ти благодарам за книгите. Кој би рекол дека Србите имаат толку убави нешта! Јакшиќ е прекрасен, подобар од Прерадовиќ. Тие пишуваат на хрватски подобро од самите Хрвати! Веројатно веќе го доби списанието *Матица*? Што велиш за Лесковар?

Дрдорам, како веќе да заборавив дека од твојот одговор зависи мојата судбина. Ех, што не бев како другите!

Збогум, срце мое!

Милиновиќ го прочита писмото еднаш, вторпат, третпат и напиша ново, тешејќи ја топло и возбудено својата љубовница. Во првите мигови го занесоа несфатливата и небесна преданост, благородната љубов. Пишуваше дека трепери поради неа, ги опишуваше кобните претчувства што – сигурно поради неа – денонокно го задушуваа. Но, додека ја пишуваше нејзината адреса, се сети дека таа се преправа, дека присилно е духовита за да го измами...

„Ако роди, мора да се оженам со неа поради детето. А дали го можам тоа? Таа може да ме интересира само уште две-три години. А ни сега не е толку убава...“

Во мислите му се појавија нејзините плеќи, широки како кај божицата Јунона, блескави како мермер и порцелан, прелевајќи се како седеф. Беа топли како свежо измолзено млеко, а на нив беше наденат силен врат со нежни прамени... Се појавија рацете со прстени и преубави вдлабнатини, па главата со коса како гавраново крило, густа како мов, па лицето, бледо од слатка среќа и страст, па очите, ох, очите длабоки како море, црни и занесни како полнокна радост, блескави и сетни како месечина! Пред очите му прелетаа девиците, со лица бели и росни како јоргован, а невиноста во нивните

очи се плавеше како мајчина душичка... Една од нив – кнегиња... Го љуби. Бегаат во Италија... Градат град на морскиот брег – ист како оној на сликата *Вила покрај морето* на Беклин. Ги послужуваат верни и неми Арапи, а тие двајцата шетаат низ бујниот парк, разговараат со Пан и со дријадите, си играат со делфините и со Протеј на топлата плажа. Сами се, заљубени и голи како Адам и Ева...

...И Милиновиќ се сети на бедната Глувчица во износена облека...

„Не ја сакам. Ја сожалувам. А тоа е ситница поради која не можам да го жртвувам својот мир, своите студии, својата иднина.“

И го искина првото писмо, и покрај тоа што нешто го боцна во срцето, и почна да пишува ново:

Драга Глувчице,
Виена, 5 мај 1897 г.

Многу се чудам – овде користам најблаг израз! – на претераната сентименталност и превртувањето очи во твоето последно писмо. Дрдориш како Јулија на Русо, а јас немам ни најмала волја да бидам Сен-Пре.

Ти се допаѓа ли мај? Баш убаво! Мене пролетта ми е здодевна како и сè друго што често се повторува. Уживам само во уметноста. Најслаткото блаженство го доживувам изгубен во своите мисли и во чадот од добра цигара во самотна соба. Твоето најново поетско возбудување е обична патолошка последица од необич-

ната телесна состојба, од која треба што побрзо да се ослободиш. Тоа е причина за празните зборови што, признавам, ги има многу, па се надевам не си ги препишала.

Ми се закануваш како Клара Милич[1], која ја познаваш од преводот на Мишкатовиќ. Баш убаво! Само што сум премногу позитивен и немам волја да бидам Аратов – ако не го грешам името на тој трансцендентален љубовник.

Ако го прифатиш мојот паметен совет, јави ми за да ти пратам рецепти, а ако не го прифатиш – што не би ми било најдраго – дај отказ кај чичко ти и отпатувај во Хрватска. Таму ќе ти праќам сè што ќе ти треба. *За една минута сладост, илјада денови жалост*... Еве, и мене ми извираат туѓи стихови од перото!

Многу ти благодарам за книгите. Романот на Лесков е одличен. Огромен ефект има неговиот наслов. Кај нас уште царуваат Хамлет и Шопенхауер. Загрепчаните купуваат литература што е во мода, која одамна е излитена на елегантните страници. Шеноа е нашиот прв и последен романописец. Ѓаволски одличен новелист.

Бидејќи ни најмалку не ми ласка да бидам хрватски или српски писател, пишувам на германски. Што да правам? Во Србија не би смееле да ме објавуваат, а меѓу Хрватите би ме разбрале само Љубомир Недиќ и, можеби, уште два-тројца. Моето дело ќе биде големо. Толку

[1] Лик од повеста „После смртта (Клара Милич)“ на рускиот писател Иван Тургенев (1818–1883). (сите забелешки се на преведувачот).

за книгите, штом те радуваат. А сега, уште еднаш те замолувам да го послушаш мојот совет, да се стрпиш и да не запаѓаш во крајности и во морализирање, кои само ме јадосуваат.

Ти ги бакнувам рачињата
Михаел.

П.С.

Каде го најде, по ѓаволите, тој „Мијат“? Се колнам, ќе преминам во Евреите или во Турците за да те израдувам со ново име, Мујо или Мошел!

III

Дури кога се врати дома од поштата, почувствува снеможеност како пред треска. Го тискаше неразбирлив страв. Измешаните чувства го шибаа како силен ветер. За да се соземе, појде во кафеаната *Бетовен*. Во ушите го чувствуваше отчукувањето на срцето, а левото уво му пиштеше. Устата му беше сува, па го полнеше стомакот со вода. Не можеше да ги разбере ни најобичните вести во весникот. Наеднаш одново се најде пред поштата. Влезе и се сети дека, веројатно, дошол по своето писмо. Се срамеше што не играше на патриотската карта пред Љубица. Два-три пати прошета низ салата, треперејќи во колената, без храброст да го наговори чиновникот кому му го предаде писмото.

Качувајќи се по скалите кон својот стан во Алзерштрасе, повремено запираше да земе

здив: се плашеше да не се урнат скалите под него и дека веќе не го слуша отчукувањето на сопственото срце. Во собата долго не можеше да најде кибрит, а бидејќи беше и суеверен, се збуни уште повеќе. Кога наместо десниот – што вообичаено правеше – го соблече левиот чевел, беше преплавен од очај. Надвор дуваше ветер, потоа ненадејно заврна дожд. Фучењето на ветрот го измачуваше како урнебесно завивање на незадоволен мачор, а секоја капка дожд се претвори во здодевна коњска мува, секое тропкање на прозорецот го боцкаше во желудникот како игла.

Лежеше скршен во креветот повеќе од два часа, потонат во растрчаните и мачни мисли, немајќи сила да стане.

Од мечтаењето го оттргна домаќинката, госпоѓа Маричка, мошне „конзервирана“ и љубезна вдовица на еден граничарски капетан.

„Ќе повелите ли да вечерате?“

„Па... би можел, да.“

Почувствува глад дури откако го изеде првиот бифтек. По четвртиот бифтек и четвртото шише плзењско пиво, домаќинката сомнително ѝ намигнуваше на старата слугинка. А на Милиновиќ му беше мило што има киклопски апетит.

Се врати во својата соба и запали мирислива цигара. За малку не излезе да го прошета песот, за уште посвежо да му живнат потресените нерви. До полноќ се забавуваше со читање богословија, *Гримоар* на папата Хонориј, *Телескоп* на Заратустра или *Клуч за големата магиска*

кабала. Долгите зимски ноќи ги минуваше над книгите за Фауст, за неговото чиракување, за пан Твардовски, за нашиот Грабанцијаш, за игуменот Тритхајм, а ги голташе и фантазиите на Херпентил, новиот Платоник, на свети Бонавентура, на Јакоб Боме и на генијалниот Сведенборг. Се мачеше како швапски приватен доцент, сепак беше мрзлив; работеше без цел.

Само што заспа, од полусонот го извлече некаков шум... Зашушка на масата и се слушна грицкање хартија.

„Глушец, проклет бил!“, викна Милиновиќ и со бастунот почна да мава под мебелот. Целосно се расони. Сиот здробен, го зеде својот дневник:

...Денес самотијата ме притискаше посилно од кога и да е. Цел ден ме тиштеа грозен сомнеж и длабок таинствен страв – поради онаа гуска Љубица, која ме вознемирува со непромислени писма. Но, зарем е можно да ме измачува таа бесмислица! Или, зарем немам сила да бидам во пракса она во што верувам со целото битие: доследен и студен егоист? Зарем глупавиот словенски алтруизам ќе се растегне во мене на штета на здравата логика? Болен сум! Пред малку ме исплаши еден глушец, бидејќи несвесно помислив на дадилката. Да не се смалила до толку? Глупости! Жален факт е тоа што мојата најнова нервозност не е обична. *Si timor atque molestia longo tempore perseverant, melancholiam significant* – вели древниот Хипократ. Освен тага, ме измачуваат уште т.н.

Zwangsvorstellungen[2]. Страдам и од еден вид агорафобија. Впечатоците ми се несредени, не можам да ги сосредоточам мислите, ми се губи волјата: вистинска манија! Приквечерината, на диванот ми отрпнаа рацете и нозете: каталепсија! Најновиов настан со глушецот ми мириса на хистерија, хипохондрија и делириум. Сето тоа се последици од неуредните студии, од самотните гревови во интернатот и од оној страшен пад од скалата, од кој, за малку, не добив воспаление на мозокот и не скинав конци на деветгодишна возраст. Треба да внимавам на себе! Мојата болест – ако сеќавањето не ме лаже – е *melancholia attonita sive stupida* во прв степен. Многу е раширена.

Да, нашево време е болно и гнило: време на лоша музика и на лоша литература. Сè повеќе се губи чувството за здравје и за вистинска, опиплива уметност. Го имаме Ротшилд, а ги немаме Медичи; Беклин, најголемиот уметник на векот по Гете и Бетовен, исчезнува пред салонската популарност на Зола. Залудно: природните науки не се од вечна и млада природа! Кој плива, лови и јава има подобар желудник од нас што наизуст ја учиме физиологијата. *Fin de siècle*?! Смешно! Ние на поколенијата од 5000 година ќе им изгледаме како што нам ни изгледаат децата што си играат дедовци и баби...

Откако одново легна, не можеше долго да заспие. Во собата над него се слушаше тропање

[2] (герм.) Опсесии.

на нозе... Мир.. 'Рчење... Зачкрипи со забите... Женски вик! Го полазија морници... Тешка воздишка: спиела, сонувала кутрата на третиот кат!

И во мозокот почнаа да му вријат врели мисли како пареа во лонец... Дождот престана. Тишина. Во собата навлезе зрак од месечината. На Милиновиќ му олесни. Почна да тоне во сон, од кој го оттргна некакво шушкање – најпрвин под креветот, па во душекот од слама. Со сета сила удри со дланката под креветот и ги изгреба прстите од нешто остро. Се разбесни и ги фрли под креветот чашата за вино, чашката и свеќникот. Глушецот загреба преку подот и, небаре за инает, почна да игра на месечината свртен кон прозорецот, удирајќи со црното мало тело во ѕидот. Милиновиќ викна, стана и почна да фрла во тој правец, првин чаша, па мастилница, книга, најпосле студената и огромна ламба.

„Што се случува таму?", дотрча домаќинката со свеќа.

Милиновиќ се исплаши дека, можеби, ќе си помисли оти полудел, па гласно се насмеа.

„Сакав да ве видам и во ноќна облека, милостива госпоѓо, и ми успеа. Леле, колку убави рачиња имате, какви убави гради под тантелата! Никогаш досега не сте биле олку привлечна, олку шик!"

„Вие денес сте малку *лошичок*!"

Се насмеа, се зарумени во лицето и посака да седне, но Милиновиќ ѝ го сврте грбот и почна грубо да ги облекува чорапите.

„Веќе зазорува, се разведри небото, ќе трknам малку до Пратер."

Домаќинката си замина, како да ја полеаја со студена вода.

Откако се облече, Милиновиќ едвај се довлечка до првиот беден хотел на спиење. Во ушите му бучеше, очите го болеа од светлината, му беше мачно и го обземаше несвестица.

IV

Дома се врати дури во предвечерието. Затекна телеграма од Араберг. Петнаесетина минути се мислеше дали да ја отвори. Рацете сè повеќе му трепереа, а очите му распламтуваа како што продолжуваше да чита:

Утрово ја најдовме госпоѓа Коларић, „Глувчица“, мртва во кадата во нашиот дом. Кутрата, со мојот брич во водата си ги исекла вените на рацете. Не ја знаеме причината за тоа. Во поштата велат дека добила писмо од Виена од некој што често ѝ пишува пост-рестант: сигурно некој маж. Но, не најдовме ништо од тоа: сè запалила. Утре ќе биде погребот. Јави ми веднаш дали доаѓаш. Дојди секако! Такво нешто да се случи во моја куќа! Јелица се плаши! Сè ќе продадам.

Чичо Перо.

Милиновиќ се почувствува како некоја силна рака да го удрила по темето. Сакаше да заплаче, но не успеа, токму поради тоа што са-

каше. Немоќно тонеше во бездната на очајот. Значи, она претчувство што го прогонуваше толку долго навистина се остварило, мрачно и страшно! И заборави на сè, дури и да му испрати одговор на чичко си. Потона во себе и си стана некако грозен себеси. Се чувствуваше како да проголтал нешто гадно и смртоносно: глушец. А глушецот се сместил во утробата и секој миг ќе му ги изгризе цревата и ќе го касне за срцето!

Дури отпосле забележа дека во собата е мрак, па излезе како да е пијан, тетеравејќи се при секој чекор. Надвор повторно врнеше. Милиновиќ скиташе по пустите улици и накисна до гола кожа. Тоа го смири и му помогна да се соземе.

Околу единаесет часот наврати во гостилницата во хотелот на Фронер. Нарача јадење и вечерата ја џвакаше како хиена, зачудувајќи ги со својот апетит келнерите, но и себеси. Кога пивна од шишето со рајнско вино веќе се опушти. Го обземаше одушевена, сатирска радост.

Појде во салонот на Ронахер и најми две преубави дами. Се пиеја коњаци, малага и шампањско. Момчето толку се расположи, што веќе не го држеше место. Ги фати новите познајнички под рака, ги пикна во пајтон и му заповеда на возачот да ги одвезе најбрзо што може во хотелот Метропол. Им годеа брзото возење и воздухот што ги биеше в лице. Кога дамите цврсто го зграпчија со рацете, го обзеде силно гадење и му се слоши од нивните силни парфеми. Му викна на возачот да запре, им го фрли кесето

со пари на зачудените девојки и отрча, како да бегаше од самиот себе.

Во некоја самотна уличка, на сет глас, инстинктивно запеа – можеби втор или третпат во животот:

Бушава, немиена, отворај врата...

Кога се врати дома, беше уморен и задоволен. Лежејќи в кревет, помисли на покојничката и му стана мило што тоа ни најмалку не го вознемируваше. Во полусонот го слушна познатото шушкање, но ни тоа не го измачуваше како претходно...

...Глушецот е под орманот за книги. Тврдите заби грицкаат сѐ посилно... Страшно: тоа веќе бучи и трешти како мелница! Наеднаш, глува тишина како во подземна зандана... Ха, ене го, сега, покрај прозорецот. Потскокнува на месечината, удира со главата по ѕидот и со острите запчиња чкрипи во такт: цвр-цвр-цвр.

...И цвр-цвр-цвр! – глувчешкиот џагор се разнесе низ зелениот небесен свод како цвркот на ластовички. Облаци? Не. Тоа се голи, црни и избраздени глувчешки опаши што саскаат како змии во ноќниот воздух. Ѕвезди? Не. Тоа се вжарените зеленкави и крваво пакосни глувчешки очи. Месечина? Не... Ах, тоа е дадилката од Араберг! Не, не е: тоа е грозен стаорец со жолтото лице и посивената коса на госпоѓата Љубица. Милиновиќ се скри под јорганот, но таа му се смешкаше со бледа насмевка, ронеше златно-сребрени солзи и изговараше кабалистички зборови:

„Орифиел, Орифиел, Јофиел, Самаел, Израел, Аратрон, Бетор, Фалег, Ох, Фагит, Мишкец, Мишко, Мијат, Михајло, Мишел...“

А нејзиниот глас сребрено одзвонува како камбана на прастара катедрала...

...И одново зачкрипеа милион грозни коски, засвечкаа милион опашки – и падна глув мир и слеп мрак...

...Низ мртвата тишина се слуша како нешто ползи по ѕидот од надворешната страна. Одново заблескаа и ѕвездите и месечината, а на прозорецот се појави – глушец. Си ги душкаше шепите. Цвичи – како маче или како новороденче. Рипна на подот и трчкаше на месечевата светлина кон креветот. И крцнаа, зачкрипеа штиците на креветот под железните заби... Сега ријат и пробиваат низ сламениот душек. Ах, колку ги дразни тоа вжештените нерви, колку ги жеже распламтеното срце и болниот мозок! Милиновиќ сакаше да стане, да викне, но не можеше: тој е огромна рана што ја растргнуваат адски болки.

„Значи, тоа е смртта! Ова не е кревет, туку смртна постела! Значи, има уште нешто по животот: вечна и нема неподвижност, вечна и пеколна очајност! Каде си, ти тивко и блажено Ништо!“

...И на грбот ги почувствува влажните, лепливи глувчешки влакна. Страв без дно, одвратност без граници... Ѕверчето претрча преку слабините и се качува по ребрата... Оф, колку скокоткаат студените шепи!... Сега застана на градната коска и душка, душка, небаре го целива со студени бакнежи. Го пипка и го целива,

го целива и го пипка, и оди накај срцето, накај срцето... Оф, леле! Сега! И срцето прсна како лесен меур. Бликна крв, го испрска таванот и почна да капе на уморното чело и на бледото лице како рујни и врели солзи.

„Леле... Глушецу... Љубице!“, залелека Милиновиќ и – срипа. Насетувајќи го глушецот на подот, јурна напред, застана на прозорецот, па се фрли и се смачка на калдрмата – а потоа се расони.

Запали свеќа и тешко воздивна. Го опипа пулсот: крвта му беснееше како да има температура. Се погледна во огледалото и се запрепасти. Беше блед како крпа. На челото преку новите брчки му се намрежила студена пот. На слепоочниците – неколку бели влакна.

И Милиновиќ очајно се плесна по челото.

„По ѓаволите со тие будалаштини! Уште вечерва ќе го сменам станов!“, полугласно се охрабри, се напи коњак со антипирин, си истури свежа вода врз главата, на вратот и на грбот и почна да ги вежба мускулестите раце со тешката метална шипка. Се облече, па му се посвети на дневникот:

...Пак ми помина гадна криза. Пред десетина минути страшно халуцинирав. Седнав да се анализирам пишувајќи, зашто тоа моментално е најдобриот лек. Децата, кога плачат, се смируваат пред огледало. И јас сум еден патетичен плачко. Срамота!

Ако вечерва не бев целосен лудак, никогаш нема да бидам. При читањето на телеграмата

сигурно ми заболеа периферните нерви. Имав силно срцебиење. Вечерашново пијанчење и улавеење беа класична манијакална егзалтација. Ова анализирање на самиот себе можеби не е ништо друго, освен графоманија. Сето тоа се јасни знаци на чиста *dementiae paralyticae*. Значи, веднаш морам да одам до аптеката по морфиум или по *digitalem spirituosam*.

А мојот егоизам? Не е болест, иако имаше слични симптоми со *cum dementia senili*. А ако постои некое морално лудило? Тогаш кај човек е нормална само абнормалноста. Случајот со Ниче, кој негирајќи го моралот мошне накитено говорел, а не рекол ништо ново, не докажува ништо, бидејќи не само што нема постојани закони за моралот, туку моралот де факто не ни постои. Зошто не полуделе Чезаре Борџија, Људевит XI, Ричард III – воопшто, мнозинството големи политичари и аристократи? Ако егоизмот е морално лудило, тогаш господарската, образована класа е луда, па дури и оној што ја пронашол таа четвртодимензионална болест.

И пак ме обзема некаква морничавост. Што е тоа? Да не се јавува атавистички т.н. совест? Зошто? Не сум виновен. Никогаш не ѝ реков дека ја љубам, а Глувчица не ме ни прашуваше. Да бидам искрен, таа мене ме заведе. Нејзиниот сплескан нос, расипаните заби и шашавото око многу ми здодеаја. Се споивме зашто беше неиздржливо во виенската шума. Ми се допаѓаше само нејзината ситна и еластична става, затоа и ја нарековпо некоја француска дама Глувчица. За да не страда залудно, ја советував како секој

модерен натуралист или лекар, но не ја присилував. Значи: не сум „виновен“! Па, кој ќе знае зошто се самоубила! Можеби поради нејзиниот пијан маж. Можеби од егоизам, бидејќи, како чедо на имотна куќа, се навикнала на раскош и на слобода. Да бев сиромав, истото ќе го сторев. Штета! Беше добра и умна! Се сеќавам на зборовите од сонетот на Лувр Медичи: „Разумот ѝ беше машки, и не беше толкава помодарка. Беше сосем ослободена од општата женска грешка: насила да разбира сè и да просудува“.

Уф, срцето пак болно ме жегна. Да се оди...

Одново нешто затропка под орманот. Стана, го наполни револверот и почна бесно да се свери наоколу.

Тишина...

Наеднаш се досети на нешто, се насмеа пакосно и, бладајќи, рече:

„Милостива госпоѓо, значи вие ми објавувате војна? Жалам што не можам да ве фатам жива, бидејќи со вжештен скалпел би ви ги искорнал очите, би ви ја отсекол опашката и би ве фрлил на улица. Но и тоа нема да биде лошо, ха-ха-ха!“

И заврза една врвка за чкрапалото, го обви целиот револвер така што иглата ќе удри, а куршумот ќе истрела дури откако врвката ќе попушти. Ја стави замката на орманот, меѓу две книги, а за да му се одмазди на тој сеништен глушец, убаво го намачка со сланина местото каде што врвката се обвива околу грлото на цевката. Глушецот нема ни да стигне да го

голтне мрсното парче, а куршумот веќе ќе го разнесе.

Милиновиќ легна, ја изгасна свеќата и почна да му се привидуваат нешта. Трепереше како лист од јасика. Устата му се залепи, му беше премногу сува. Пред очите му се појавуваа жолти и пурпурни кругови. Здивот му беше зазбивтан – не како на ловец на мети, туку како на злосторник над жртва што му побегнала од досегот на пушката...

Ноќта веќе почна да бледнее, врапците на покривот почнаа да цивкаат, а глушецот тропкаше и шушкаше под орманот. Милиновиќ веќе почнаа да го жежат гаќите и кошулата од претешкото чекање, а врелата пот ги гасеше. Опцу нешто непристојно и стана. Запали цигара, го облече горниот капут и нерасположено продолжи во дневникот:

...Моите халуцинации сигурно се последица од самотијата и од читањето, од кои се развила *folie raisonnante*. Веќе нема да пишувам однапред, а ќе ги читам само Рабле, Хорациј, Бокачо и нашите народни песни, за со таа сочна храна да ја заздравам својата ослабена фантазија. Ќе си најдам пријател, макар бил и најздодевен, односно Хрват или Србин. Ќе биде уште подобро ако си земам од Виена или од Пешта некаква убава кутра женска што би сакала да ме следи во Приморје. Патувам утре. Остарев, а не си го средив животот според здравиот епикурски метод на Монтењ. Што ми е гајле за целиот свет, по ѓаволите! Човекот е стока што има разум само да

ѝ завидува на другата стока. Ако постои „грев“, тогаш слугинчето, кое за туѓи мевови дави бели гулаби, е стопати „погрешно“ од некој челник што на светската касапница влече милиони идиоти, од кои секој мора и може да се брани. Повеќето луѓе си се непријатели самите себеси – и оттаму произлегува сето зло. За мене, отсега, постојат само оние што ми требаат. Измамите...

И одново го збуни шушкањето. Погледна и затрепери како вода пред бура... Сакаше да крикне. Гласот го напушти, а тажната воздишка му се скамени во смрзнатите гради. Глушецот веќе гладно ја глодаше врвката на грлото од цевката, која Милиновиќ, во занесот на пишувањето, сосем ја сметна од умот, а сега таа беше насочена кон него. Почувствува како му се накостреши косата и како смртна пот му тече по кожата на челото.

Сето тоа траеше еден миг, а нему му се причини подолго од сета вечност.

Соземајќи се, некако собра сили и со очајнички напор ја турна тешката маса за да го исплаши малото чудовиште. И во мигот кога се наведна за, паѓајќи, да го избегне истрелот, квалитетниот англиски револвер истрела, го разнесе глушецот и – му го продупчи мозокот на Михајло Милиновиќ.

* * *

Народот си мислеше дека се самоуби поради непозната причина, а чичко му – поради

Љубица Коларић. Со неа и го погреба на самотните арабершки гробишта, покрај својата жена.

Зад покојникот останаа интересниот дневник и еден нацрт за драмска поема на германски јазик.

ИГЛЕСТО ЧЕДО

Антун Густав Матош

Вистинска игла е тој Мирко Новаковиќ. Иглест му е вратот, главата му е шилеста со иглеста коса што стрчи како од скината фотеља. Иглест му е кривиот нос; иглест му е погледот на искосените сиви очи; на ушите секогаш му стои мек шешир; иглести му се чевлите на шилестите нозе. Бидејќи е иглест, не можете да го забележите, иако кафеаната е празна. Тој е од оние луѓе на кои вратникот им е кренат преку уши и лете, што се држат подгрбавено и што широко чекорат со танките нозе. Се подразбира и тоа дека рацете обично му се пикнати в џеб до лактите. Не е непромислен. Се дружи, ама не пријателствува со никого. Заврши фармација, но ја батали, бидејќи верува дека секој лекар мора да стане... расеан. Еднаш тргна на пат за Париз, а се врати дома од... Вараждин. Многу чита, бидејќи читањето му е најмалку здодевно. Со месеци е воздржан,

а потоа понекогаш ќе се вознемири без некоја посебна причина. Откако не му ги објавија чудните песни во некој угледен весник, стана уште помолчалив. Ја обожава музиката, но кога еднаш мајка му го затече како потсвирнува, се вцрви како рак. Уште како дете плачеше малку, подоцна воопшто не плачеше, па ни кога му настрада татко му. Секој ден се капе. Кога ќе го чуе ветрот, го обзема неразбирливо спокојство. Се накострешува кога ќе слушне шушкање на свила и токму затоа никогаш не оди на забави. Кожата му е толку бела и нежна како на најблагородната Англичанка. Единец е и близнак, па едвај го одржаа во живот. Ги обиколи сите австриски бањи. Татко му беше граничарски капетан: навидум беше кавгаџија, а во суштина – душа од човек. Кога му потпорасна детето, замина во пензија и од О. се пресели во Загреб, за Мирко подобро да му се школува. Од здодевност почна да чита весници, па еден убав сончев летен ден појде во собранието и – гласаше за опозицијата. Жена му и синот дознаа за тоа дури по три дена. Две недели подоцна, а три дена откако дознаа за смртта на еден негов роднина и добротвор, каноникот Х. од Вац, го одвлекоа чудниот опозиционер во загрепската лудница. Таму се потсмири, но истата вечер кога го доведоа дома, го најдоа на таванот како виси на парадниот појас.

Несреќната вдовица, по погребот, во стариот цилиндар на својот сопруг најде некакво писмо од кое ѝ се стемни пред очите: стариот каноник го нарече нејзиниот Андриј никаквец

и неблагодарник, јакобинец и таен анархист и му ветуваше дека, поради тоа што гласал за опозицијата, ќе го проколне на умирање. Плачејќи, му го покажа писмото на синот што, по обичај, лежеше и читаше на широкиот диван од црна кожа. Синот пушеше цигара и рамнодушно ѝ рече:

„Го мислев татко за многу попаметен. Поради клетвата на еден стар и сенилен поп... хм... глупости!“

Сакаше да ѝ каже уште нешто, но во тој миг го здогледа златото на капетанската капа што стоеше на орманот...

„Те молам, мајко, продај го тоа најбрзо што можеш, собери си ги парите од банка и купи си некаков имот, зашто и двајцата ќе полудиме во оваа *Господска улица*, најздодевната улица во целиот Загреб. Да живеевме на некое друго место, верувај ми дека татко немаше да замине вака лудо.“

„Ох, Боже господе... пак со твоите фантазии!“, воздивна госпоѓа Новаковиќ, си ги склопи полните раце на големиот мев, се замисли, воздивна и одново почна да пие бело кафе со дебел кајмак. За време на изминатава година веќе ѝ се беа појавиле бели прамени во косата со костенлива боја, под убавите и кротки очи ѝ се подуле подочници, а полните образи ѝ беа виснале. Никогаш не беше помодарка и ја ценеше убавината на својот дом и на домашната храна, но сега целосно се беше запуштила. Облеката на неа беше само нафрлена, цел ден само мечтаеше, а почна да пуши и некои силни цигари.

Се стемни. Мирко ја остави книгата и процеди низ заби:

O, fie lich doch in den Garten,
Wo die Blumen meiner harrten,
Wo ich mir off gewünschet hab'
Ein reinliches Sterben, ein duftiges Grab.

„Вечера, вечера!"

„Фаника, донесете му млеко и шунка на младиот господин!"

„Не сакам Фаника да ми ги донесе! Таа девојка ми е непријатна, зашто секогаш дрско ме гледа в очи."

Госпоѓата Новаковиќ воздивна и замина без да каже ништо. *O, fiel lich doch in den Garten* – шепоти нејзиниот син и гледа во жолтиот здодевен ѕид од куќата отспротива.

* * *

Мирко стануваше сè помлитав. Го обзеде нешто нејасно пред кое неговата волја се топеше како путер во кој паднала врела игла. Цели денови ги минуваше сонливо на својот диван. Понекогаш не ни стануваше од креветот. Се нафрли на чистата математика и колку повеќе се замислуваше, толку сè друго му стануваше попусто, безлично. Цели ноќи со мајка си играа шах. Стана толку чувствителен што и музиката почна да го измачува. Му здодеа и мајка му, па се заклучи во својата соба како во кафез. Госпоѓата Новаковиќ немаше друг избор освен да

му пише на својот брат, кој работеше како економ во Славонија, а тој лаконски ѝ одговори:

„Родила мајка мрзливец. Детиштето има веќе дваесет и пет години, треба да се жени. Ако нејќе, прати го ваму, убавите моми ќе го излечат.“

И, на нејзино големо изненадување, Мирко отпатува во Језерце.

На в-чката станица го пречека вујко му со санка со впрегнати коњи. Којзнае од кога го немаше видено, па заплака како дете и татковски го прегрна.

А Мирко мошне воздржано му рече:

„Батали го тоа, ќе те боли глава! Зошто не си се избричил? Твоите неизбричени игли ме боцкаат како да си за'рѓан селски свештеник. Ладно ми е. Донесе ли бунда?“

Вујко му Перо, силен Посавец, во бунда и во чизми, со набрекнат врат, чиниш секој миг ќе пукне во вратникот од мечкина кожа, со побелени мустаќи што му паѓаа речиси на градите, сето тоа го прими како шега, го прегрнуваше момчето и со кочијашот го кренаа и го сместија во санката.

„Та-а-ка! А сега, Јоцо, терај како да те гонат ѓаволи!“

Кочијашот се почеша зад десното уво, од огромното кесе извади тутун и запали луле. Ја наби шапката уште повеќе врз ушите, се зави во ќебиња, плукна низ заби преку крзното и коњите и силно викна:

„Ајде, црвени, напред!“

И загребаа силните коњи, и закрцка свежиот снег под убавата санка.

Вујкото Перо, страшен патриот, почна да го испитува Мирко за политичките околности и за луѓето во Загреб – престолнината, но Мирко молчеше, набљудувајќи ги новиот џемпер на кочијашот, треперењето на коњските уши, врапите што се црнеа на полето како дамки од мастило и ѓеранот што изгледаше како црната буква Т на бела хартија. Вујкото, тогаш, подробно се расприкажа – бидејќи внукот не го слушаше и само велеше: аха – за приликите во Бродската општина, а веќе стигнаа и до првото село.

Се смрачи. Месечината, како да се заплеткала на исток во шумските гранки, жолтееше како килибар. Селските сокаци беа пусти, голи. Некој бесен пес ќе се залеташе пред предните коњски копита, ’ржејќи и лаејќи. Низ ретката магла црвенееја прозорчињата како поспани лица во меански чад. На старата црква камбаната почна да го отчукува часот со звук небаре беше рапав од студ и од старост. Мирко почна да се присетува на тоа село, на своето детство, на татко си, и бидејќи веќе продолжија во самотното поле, му падна тешко.

„Да, да! Ти треба со свештеникот Карл да се измешаш малку меѓу народ, да го...“

„Замисли, вујче Перо, во едно село покрај Загреб има камбана што звучи баш исто како оваа во Поток.“

„Остави го тоа, Мирко. Ти, навистина, или не се занимаваш со ништо или ништо не разбираш.“

„А ти, вујче, не ги разбираш ни камбаните што ги слушаш секој ден. Ѕвоната се јазици на

овој наш стар граничарски крај. Помисли: ова исто селско ѕвоно ги поздравуваше нашите стари кога се враќаа од битките на Пад, на Рајна, на Лаба!“

„Мирко, ти да не си некаков поет? Да не си џаболебар, што би рекол вечниот Старчевиќ?“

„Ама од каде сега тоа?“

„Па, што си? Зашто не ми личиш на аптекар.“

„Сакам да загинам, а не да правам помади.“

„Па, што си намислил?“

„Искрено да ти кажам, ништо. Ќе ја натерам мама да ми купи овде земја. Сакам да бидам селанец, да се изедначам со селанството. За книги веќе не ме бива, зашто апсолутно веќе не разбирам ништо, ти се колнам. Во последно време многу пресметував, научив многу од вишата математика, па...“

„Па?“

„Губење време е. Во право е оној Англичанец кога вели дека мравјиот мозок е многу поинтересен од нашиот. Доста си ја мачев тиквава со тие твои прашања, како што ги нарекуваш тие глупости, и гледам дека најдобро е да се фрлам на работа, таму ќе најдам таканаречен морал, односно задоволство. И онака моралот не е ништо друго освен задоволство. Оној што ќе ти каже дека е морално сето она што е корисно, речи дека те лаже, зашто не постојат ни двајца што се согласни во тоа што е корисно за општеството. Таканаречените утилитарци се софисти и лицемери. Сакам да бидам економ, сакам да им се навратам на дедовите чекори,

а мислам дека ќе ја научам таа работа, бидејќи не е тешка.“

„Остави го тоа, Мирко! Економијата веќе не носи добивка, денес тоа ти е најлоша заработка, а ти не си ни работник ни штедач. Ех, што чудно момче ќе беше!“

„Е, штом е така, навистина не знам што ќе правам. Но, со нашите педесет илјади ќе можеме да живееме кај тебе во Језерце. Ми се смачи од градот, сакам да умрам на село. Сигурно нема да гладувам, нели, вујче?“

„Нека биде по твое, синко, кога веќе си го наумил тоа. И вака оваа татковина може да има корист од тебе. Ти си најотворената глава во нашето семејство.“

„По ѓаволите и татковината! Сите тие твои патриоти се фалбации, како и татко ми, ми ја згорчија таа твоја татковина. Баш ми е сеедно дали во оваа земја ќе се зборува германски, унгарски или хрватски. Денес зборуваат празните стомаци, вујче мој! Не сум удрен по глава, па да им палам свеќа на луѓето што не ги познавам и што не ми се посимпатични од, на пример, берлинците или парижаните. Со тоа нема да речам оти ти немаш право на такво нешто или дека патриотите се самозалажуваат. Жално и смешно е... сите си имаме право.“

Вујко му Перо остана со подзината уста, небаре ќе ги проголташе зимурливиот кочијаш, санката и селото што се смешкаше низ дрвјата, како жарче под грнето со вечера за овчарот. Коњите јурнаа уште посилно и за’ржија, кочијашот запеа и плукна, прскајќи со остатоците

од тутунот за џвакање по бундите и по лицата на своите сопатници. Надесно во полјанката лаеја пци, бркајќи зајаци. И Мирко се присети на прикажувањата на покојниот татко како, кога бил дете, токму на овој пат го бркале волци додека се возел во санка. Сивото и сребреникаво небо почна да го боде црна игла – прст – кубе – крст: црковната кула на Језерце, која Мирко често ја сонуваше. Дуваше ветер од Сава и зуеше низ полињата со пченка. Еве ги, минуваат покрај старите гробишта, минуваат покрај селото. На Мирко срцето почна силно да му чука, а потоа и го пецна.

Санката ја оставија кај гостилницата на Перо и тргнаа пеш.

Старата куќа на Матизевиќ почна да одзвонува од бакнежи и од стискања.

„Леле, ама е убав, ама е дотеран, леле, леле! Ама е бел, танок и блескав, како игла“, со солзи дрдореше вујна му Марија, помагајќи му на внукот да се преоблече и да се среди, а потоа го одведе во собата каде што сипаа нејзините гости што пиеја ракија: Чулиќ, локалниот поп, неговиот помошник, свештеникот Карл Пинторовиќ, голем веселник, шумарот Стојановиќ, едно старо човечиште кому вечната шубара секогаш му е натната врз ушите и му стои на главата како лонец. Едвај испоседнаа. Мирко беше изморен и го обзеде редовната потиштеност, па безобзирно се протегна врз диванот, со испружени нозе во англиски жолти чевли и гамаши на столот. Притоа, гостите се збунија и замолкнаа. Стариот Стојановиќ ѓаволесто му

намигнуваше на Карл, а славниот свештеник уште поѓаволесто му враќаше.

„Ајде, ајде, не срами се“, рече вујна му пред вратата. За да не ги гледа гостите, а и новодојдениот, сигурно уште поздодевен гостин, Мирко запали цигара и сакаше да се сврти кон ѕидот.

„Што ти е, Мирко? Еве ја Елица, дојде да те види!“

Новаковиќ дури сега се сети на својата братучетка што ја немаше видено. Скокна како попарен. Го фати срам, бидејќи беше природно учтив кон жените, како сите оние што не ги бараат, туку само тајно ги посакуваат. Славниот свештеник Карл почна да ика и сите прснаа во смеа, а попот ја туркаше насмеаната Јелица:

„Ајде, будалче, баци го градсково конте! Роднини сте.“

А таа ги стиснала усните, го наведнала кроткиот поглед, па не ѝ се гледаат очите зад свилените и влажни трепки, и срамежливо чепка со румените раце по прекрасната престилка, народна гордост од Жупанија.

„Таа е, таа е!“, нешто запеа внатре во Мирко и почувствува пријатни иглички по телото и студ по темето. Околу неа како да се стопија покуќнината, ламбата, славниот Карл Пинторовиќ, стариот шумар Стојановиќ, Перо мустаќлијата, бледиот поп Чулиќ и румената вујна Марија. Кога ја донесе мирисливата чорба, Мирко ја зеде Јелица под рака и ја одведе во другата соба. Сите се возбудија. Славниот Карл почна ѓаволесто да му намигнува на стариот шумар, а Стојановиќ уште поѓаволесто

му враќаше. Да не се олади чорбата, вујкото Перо нестрпливо sирна од вратата и го здогледа Мирко како ѝ ги целива рацете и го слушна како гуга:

„Мораш, Јелице, мораш, бидејќи те љубам иако сум те видел само во моите соништа.“

„Молчи, молчи, Мирко, тато е тука!“

Кога младите се вратија во собата да јадат, славниот Карл Пинторовиќ дофрли:

„Еј, господин Мирко, каде најдовте вишни во оваа зимска доба да ѝ ги намачкате образите на Јелица? Хм, опасни сте биле!“

А Мирко целиот се преобрази. Како да порасна за еден лакт.

„Дали нашле вишни или не, таа е јаготка што растела да расцути на мојата капа“, рече Мирко, а очите му блескаа како кај добар коњ по трка. „Заситен сум од денгубење и од бесцелно постоење. Живот, нов живот ќе ми дадеш, Јелице!“

„Хм, а што велиш ти, Јелка?“, праша насмеаниот татко.

А Јелица побегна во кујната, па оттаму во дворот, па во градината, иако имаше снег до колена. Виде како се отвора еден прозорец, а низ него се натпреварувaа, пукајќи во облак, славниот поп и свештеникот, како и нејзиниот збунет и убав братучед. А татко ѝ веќе со шумарот и со попот ја запеаја песната: „Милкината куќа на крајот, на крајот пците лаат...“ Се разбира, наместо „Милкината“ тие пееја „Јелкината“.

* * *

Кога взори се прибра во својата соба, Новаковиќ беше речиси нерасположен. Го болеше главата, па го намокри вратот со студена вода. Не можеше да сфати како нему, тром и самотник, можеше да му се случи тоа сношти. Па, уште онака лудо! Кога ќе се присетеше, чувствуваше топол срам на лицето. „Каков човек сум јас? Не се познавам себеси и никогаш не познавам некој што е толку непромислен, толку детинест, така... беден...“

Се гледаше во огледало како седи потиштен во фотељата, со старечко, презаситено лице, и му стана криво за сопствената иглеста надворешност. Се сети дека ја придоби Јелица како глумец, како некое сосем трето, нему непознато лице, и штом таа ќе забележи дека тој ја измамил, штом тој излезе од својата неприродна улога...

На прстот механички го вртеше прстенот што го доби ноќеска, слушаше како кукуригаат петли, како гракаат гуски, како ’ржат коњи. Го смируваше тоа гласно будење на живината. Се огласи камбаната за утринска молитва и го обзеде уморно спокојство, мир.

Легна и почувствува дека е во нејзиниот кревет. Осети топлина во срцето и во очите, го преплави сладок мирис на девојчинска душа. На закачалката ја забележа нејзината шапка, па ја сметна и ја зеде со себе в кревет. Бакнувајќи ја и притискајќи ја кон градите, почувствува болка. Од шапката го повреди една долга игла

од челик со тркалезна дршка од рубин. Ја извлече иглата од шапката, а кога на кошулата забележа крвава дамка што се наоѓаше веднаш до срцето – почна да се тресе. Грчевито ја притискаше иглата и не им веруваше на своите очи дека со таа ситница можеше да се рани, дека можеше да се убие.

...Да се убие... да се убие... да се убие...

По кобната смрт на татко му, смртта му се чинеше како нешто страшно, нешто трагично, а еве – смртта е игла, игличка – смртта ја држи в раце...

Веќе сакаше да ја фрли и да ја изгасне свеќата, но во тој миг му прелета мислата дека со едно движење на белата и слабичка рака со тоа железно, мртво предметче би можел да умре...

...Да умре... да умре... да умре...

И се виде себеси на посмртна постела. Блед е; мирен, слаб пламен на бледите свеќи; слаб плач, бледа и несвесна Јелица, бледа и несвесна мајка му; слабо отчукување на камбаните; нем гроб, бела и нема пепел, нема и несвесна смрт...

...Смрт... смрт... смрт...

Грчевито ја држи иглата, зјапа во неа, по извесно време му се привиде дека тој нежив и железен предмет се вжештил, дека се врти и се извива како смрзната змија. Помисли на Ева, на рајот, на заводничката, и нешто неодоливо го повлече да види, да спознае, да дознае.

...Спознавање... спознавање... спознавање...

Во тој миг, од другата страна на ѕидот се слушна шепот. Ги начули ушите: гласот беше

на Јелица. Кутрата, шепотеше во сон – можеби за него! И одново безобразно почна да зјапа во нејзината игла – тоа ништо би можело да ја помати среќата на неговата слатка избраничка – тоа ништо...

...Ништо... ништо... ништо...

„Не, тоа не е можно, не може да е така!“

И го исправи тоа железно влакно над своето срце. Тоа не е рубин, тоа топче е тврда, студена и крвава змиска глава, тврдо, студено и крваво змиско око. Со врвот ја допре кожата. Притисна малку: речиси никаква болка. Зарем тоа е смртта? Зарем има разлика меѓу тој меур, меѓу животот и смртта? И притисна малку посилно, па уште малку посилно... Уште ништо! Да ја види невозможноста, да отпие малку блескава смрт од тој пехар, да нурне во вечната тајна, во вечниот Сабат...

Го почувствува рубинот на кожата, тоа движење го извади и го исфрли од неговото лежиште. Почна да испушта нејасни звуци и да ја тресе тешката дабова маса. Сакаше да ја извади иглата од срцето и викаше:

„Игла... игла... игла...“

Падна назадечки, почувствува остри игли во нервите, во мозокот, во очите, во усните, на кожата, и шепотеше:

„Игла... игла... игла...“

Тогаш дотрча вујко му Перо и веднаш се фрли да му помага:

„Леле, Јела, Јела, несреќнице, доаѓај ваму!“

Јелица се расони од слаткиот сон, нафрли наметка врз себе и дотрча по влечки, а слатка-

та насмевка уште ѝ спие на крупните пепелави очи и на сочните усни.

„Кој ти рече, проклетнице, да ја ставиш твојата шапка во неговиот кревет? Зошто не ја зеде во твојата соба? Погледни го, погледни го Мирко! Си го прободел срцето, легнувајќи в кревет, со таа проклета игла на твојата проклета шапка, ти смотано девојчиште!“

Таа се вкочани, побледе. Гледаше во својот избраник што во последен грч се влечкаше по шареният килим, гледаше во црвената дамка на неговите гради. Беше жолт во лицето, носот му стрчеше како игла, па со него ја прободуваше со својот последен, иглест поглед. Јелица падна преку него, љубејќи му ги белите гради и врелата рана, и почна лудачки да тажи и да вика:

„Леле, што ме снајде! Игла... игла... игла...!“

БРАДА

Јанко Полиќ Камов

Ја избричив брадата. Претходно имав густа, остра, црвенкава брада. Зошто се избричив? Тоа е мошне важно и интересно прашање! Човечката психа најмногу ја интересираат оние ситници што само во животот на големите играат голема улога и со тоа ги прават поинтересни од нивните дела. Нашата душа не е економија и наука; таа е книжевност, бидејќи е мошне еластична, случајна, ексцентрична, оригинална. Некој поединец живеел години и години сосем примерно, чесно, солидно; наеднаш пламнува и убива; или пламнува и силува; или пламнува и ограбува.

Никаде чудото, случајот и верата не се толку очигледни како во злосторствата; никаде невидливиот дух не се изразува толку видливо како кај убиството, пиењето и сексуалните испади. Божественото и духот секогаш влегуваат онаму каде што нашата душа сака да се побуни

против модерното општество или да ги изрази своите најскриени, несвесни и животински инстинкти. Неучените апостоли проговориле на неколку јазици преку ноќ, вели приказната; нашиот млад талент извршил самоубиство преку ноќ, вели хрониката. Еден единствен свет дух влегол во светата душа и ја доближил до она божество што го оживува сето она што во нашиот социјален поредок не може да се снајде и да се среди. Вербата во моралното битие што е над луѓето – таа верба воедно е иста и кај верниците и кај анархистите. Исус, секако, говорел за Бог што е над нас и во нас, и ја оправдувал анархијата во минатото и во иднината. Едно момче во своето пијанство совршено зборуваше германски, а кутрото се беше опило од жал и од очај зашто добило слаба оценка по – германски.

Така и еден веќе постар човек цел живот му се заканувал на својот сосед дека ќе го убие и – се разбира! – не го убил; а неговиот сосед навистина тврдел дека му посакува секое добро на својот непријател, но една ноќ му ја запалил куќата... Кучето што лае не каса, бидејќи лае и бидејќи психологиите на луѓето и на животните се слични во своите спротивставености, апсурди и чудеса.

И така, најпосле си ја избричив брадата. Дотогаш бев многу сериозен, работлив и добар човек. Живеев за науката и не чувствував никаква потреба за веселба, денгубење и љубов. „Сигурно имате триесет години“, ми велеа, „изгледате така сериозно и старо.“ А јас имав

само дваесет години. „Сигурно сте сликар“, забележуваа други. А јас ништо не знаев за сликарството. Во суштина, мислеа дека сум нешто што не бев и ми даваа повеќе години одошто навистина имав. Девојките ме заобиколуваа како „момче“. Ниедна жена не ги сакаше моите усни, не го бараше моето друштво, не помислуваше на моите стисоци. Еднаш пристигнав во едно село и сите помислија дека сум учител! Другпат го водев својот мал внук и сите мислеа дека ми е син. Третпат тргнав со својата четириесетгодишна тетка во продавница и трговецот ми рече: „А, тоа е вашата сопруга“.

Накусо: девојките не се тепаа за мене, па си имав сопствен мир. Не се бараше од мене на секоја прошетка да одговарам на погледи, ноќе да следам кратки здолништа, во кафеана со одредена намера да ја почестам келнерката. Така живеев и учев; од светот не примав никакви сексуални дразби, бидејќи не дразнев и не ме дразнеа.

Но! Не дразнев и не ме дразнеа, но сепак предизвикував. Каков што си бев – исушен, висок, обраснат со долга и сува брада, со суви усни на кои се читаше млак презир, со подгрбавена и учена става и со долг нос, на кој уморно почиваа очила – никако не можев да поминам незабележан. Чуден човек, шепотеа, а немирната младина од двата пола извикуваше, подбуцнувајќи се со лакот во ребрата: „Какво чудовиште!“ Едно девојче еднаш навистина крикна кога ненадејно ме виде, а друго, што беше со неа, прсна во смеа. Други девојки, кога би по-

гледнал кон нив, ми свртуваа грб. Тетка ми секојдневно ме преколнуваше да ја избричам брадата; на улица сите се свртуваа кон мене и во јавните локали се однесуваа како кон дојденец, па не можев ни да седнам на маса и намира да си испијам кафе. Немав мир во буквална смисла на зборот. Но, тоа што меѓу народот привлекував внимание, смешкања, подбуцнувања и непристојни дофрлувања придонесе, губејќи го мирот на улица, да стекнам спокојност во себе. „Меѓу луѓето сум смешен, но што ќе ми се тие? Живеам сам за себе и за својата работа, за себе и за својата работа.“ Одредена логична, цврста и студена мизантропија се создаваше во моите чувства што не можеа младешки, благородно и топло да протечат меѓу луѓето, да нараснат и да се растечат. Ми доликуваше, т.е. на мојата брада, да стојам отстрана при уличните искажувања на младината, да ги примам патриотските изјави и објави со сожалувачко смешкање и без интерес да поминам покрај уличните авантури на кучињата, на студентите, на мачките и на гимназијалците.

Женското дрдорење, кое само по себе претставува чиста бесмислица, ако го истргнеш од оние зачудени, наивни и несопирливи усни, очи, гради и сето она што се сместува во несфатливата привлечност под тактот на живописните движења, тенките прстиња и брзите чекори – од мене не можеше целосно да ги избие смешкањето, зборовите и погледот полн со копнеж. Ми велеа: „Па, ти не знаеш да се смешкаш“, а јас си мислев: „Зошто да се смеам

на секакви глупости? Не сум дете!“ А тие мислеа: „Да. Ти си веќе голем човек“. Тешко е да се каже дали на мајка ми ѝ се допаѓаше мојата брада. Земајќи ги предвид положбата, намерите и расположенијата на секоја мајка, би можело да се каже дека нејзе брадата ѝ пречеше онолку колку што ја смируваше. Со нас живееше една моја малечка роднина, која пред мене не сакаше никогаш да се насмее и да зазбори. Мајка ми си мислеше дека таа антипатија е насочена кон неа, но сепак мораше да забележи дека јас веќе не сум дете.

Патував многу, зборував малку; секогаш читав. Никогаш не се шегував. Некаде во туѓина ми се обраќаа со „професоре“, а некој непознат со мирна душа можеше да ми каже и „докторе“. По селата мислеа дека сум научник, а некои тврдеа, во поглед на моето образование, дека донекаде ми е рамен само тамошниот учител што носеше бинокл. Јас носев очила. Затоа не ме сакаа ни селските моми.

На тој начин, моите идеали излегоа целосно од животот и од луѓето, меѓу книгите и студиите. На почетокот ме вознемируваше подбуцнувањето со лакт меѓу луѓето, а подоцна се навикнав на нив и секаде почнав да гледам „лактање“ и укажување на мојата „чудна и смешна“ појава. Реагирав на тоа: презирот и воздржаноста ја одразуваа сета околина што ми се потсмеваше така безобѕирно и истовремено со многу чувства. Кога ме следеа некои дечишта, кикотејќи се, на себе го чувствував потсмевот – спарно, мачно и уморно, небаре

кикотот на тие мали ѓубриња е светло што неподвижно се одразува од стаклените и празни погледи на минувачите токму во мене. Така мојот однос кон луѓето воопшто, однос и на улица, во театар, меѓу јавноста – целосно се наоѓаше во мојата брада и во очилата. Луѓето, според нив, ме проценуваа и ме ценеа, а јас ги проценував и ги ценев нив. Изглед на учен човек, сериозен и смешен!

Ги споив тие две мои доживувања – сериозен и смешен – и тогаш мојата мизантропија западна во цинизам. Станував сè постуден и потсмешлив. Се случуваше да стојам на улица, да гледам во толпата како се поклонува, како минува, како се преправа и се превиткува, и најгрозни ми станаа уредните, убавите и елегантните луѓе. „Сето тоа е помада, кармин и парфем: парфем за нашиот мирис, кармин за нашиот вид, а помада за нашиот допир...“ Најантипатични ми станаа момчињата; заљубувањето го припишував на младоста, на глупоста и на мовта над усните. Додворувањето ми стана нешто слично на карикиран мајмун; љубовта – карикирано кокетирање; а забавите, прошетките и танците ми се претворија во карикатури на карикатурите. Ги засакав брадестите луѓе и, повремено среќавајќи ги, ќе се разнежев и ќе ме преплавеше милост, како да сум нашол сродна и благородна душа. Не. Не бев нормален. Знаев дека на девојките не им оставав впечаток на дваесетгодишно момче поради очилата, брадата и сериозниот изглед. Ако ме гледаа оддалеку, се смешкаа незапирливо и безумно. Но, ако им

се приближев и ако започнев разговор со нив, таа незапирливост стануваше мака, а безумноста – плашливост. Впечатокот што оддалеку им го оставав беше смешен; одблизу – строг; значи, врз нив го оставав истиот впечаток што еден професор им го оставаше на своите ученици!

Зарем поради тоа за малку немаше да силувам една девојка, удирајќи ја зашто ми се подбиваше, и зарем не почнав да чувствувам наклоност кон момчиња? Еден парадокс беше очигледен: ако немав брада, со издолженото лице, со носот и со строгиот поглед ќе оставав впечаток дека сум језуит.

Но, бев презаситен од сè. Се оддадов на науката и посакав целосен мир. Воопшто не беше во мој интерес да предизвикувам непознати личности: некој ми се потсмева, јас му реагирам и добивам уште ќотек.

Затоа, и само затоа, ја избричив брадата. Ме обзеде чудно чувство. Го допрев подбрадокот и ми се причини необично нежен, мал и детински. Се погледнав во огледало, викнав, се збунив, го платив берберот што ме бричеше и јурнав дома. Сите се возбудија. Мајка ми ме поцелива – како да бев нејзин изгубен син; на тетка ми ѝ живнаа очите и силно ме прегрна, а малата роднина заплеска со рацете, се вцрви и отрча, викајќи нешто. Веднаш почувствував дека сум олеснет; се исправив; улиците ги минував со потскокнување; погледнав во минувачите и, здогледувајќи насмевка на женските усни, станав немирен, весел, речиси дете. На мајчиниот бакнеж му се препуштив како чедо, на тетки-

ната прегратка како дете, на женските погледи – како момче. Сега тие погледи никако не можеа да значат потсмев; го чувствував и го знаев тоа. Така го поминав денот, скитајќи по улиците и по кафеаните. Дури неколкупати почувствував волја и желба за бакнеж, како целувките на мајка ми и на тетка и она разиграно потскокнување на малата роднина да ме пренесоа во детството, кога сите ѓаволштини се простуваат и се осудуваат со истата благост, со прст што се заканува и со добродушност. Сега изгледав помлад одошто бев; некои ми рекоа: „Како гимназијалец!“ Погледнав една своја фотографија од основно училиште и истиот лош, пакосен израз и сега ги вдлабнуваше рабовите на моите усни. Се сетив на мојата прва симпатија во детска градинка – едно танко и вито девојче, со напрчено носе и една усна преку другата. Дури ја бакнав, а таа тогаш заплака и од срам си го заби лицето во здолништето, кое ѝ досегаше до колената. И малата роднина отрча денес, и истите очи ги видов и кај неа – гореа на надуените образи. Сега почнав да ги забележувам сите бои и нијанси на младоста. Излегов сосем сметен и збунет од мајчините и теткините прегратки. Истото чувство на изгубеност и раскошно помирување го почувствував пред шест години, кога ме прегрна, ме бакна и ме скокотна жената во еден јавен локал со приватни цели. И со истиот лесен и задоволен чекор излегов од берберницата и од родниот дом, небаре со губењето на невиноста да сум го стекнал истото она што го стекнав денес – со губењето на брадата.

Оваа вечер се прошетав по шеталиштето како и сите други, почнав да гледам по девојките, првин од љубопитност (да видам како ме доживуваат), а потоа од вистинска страст; бидејќи сите тие смешкања и погледи ми велеа: „И оддалеку и одблизу си истиот, драг мој, мил мој, единствен мој! Бакни ме сега – твојот баknеж не боде! Приближи ги сега тие твои мали мустаќи до нашите тенки ноздри; брадата нè потсетува на старец, на нашите татковци, и на нашите учители што ни го забрануваат кокетирањето, нашата прва и последна љубов, нашата единствена и вечна цигара.“

Уште чувствував студ на подбрадокот; чувствував дека нешто ми недостига, дека со бричењето на брадата како да извршив вистинска младешка авантура, станав потсмешлив во истите очи: веќе не можев ниту знаев цинично да се смешкам. Сиот мој цинизам на идеите и личниот израз се содржеше во брадата.

Може да се каже оти тоа е апсурд; но, во случај да е, тогаш е психологија. Научникот бара логика и измислува теорија; книжевникот изнесува факт; ако има намера да се прифатат како вистини, тогаш троши време, мастило, хартија и здрав разум за тие да се поврзат, да станат логични, разбирливи и интересни и сето тоа го вложува за да измами. Научникот дава теорија – апстрактна невистина; книжевникот дава приказна – конкретна лага.

И ете, ја избричив брадата и уште наредниот ден заминав на студирање наука, снабден со чоколада, мармалад и неколку адреси на разни

госпоѓици, со цврсто уверување дека ќе учам на мир во соба и на улица. „Веќе не предизвикувам, но дразнам. Сеедно. Само јас да не сум раздразнет“, си мислев, седнувајќи во вагонот, откако ѝ кажав на мојата роднина дека ќе ѝ пишам писмо со растопена чоколада и ќе го залепам со мармалад, и дека никогаш нема да ја заборавам.

Отпатував вечерта. Патував цела ноќ. Во вагонот се наоѓаше и една девојка. Имаше и други луѓе, но јас ја забележав само неа, речиси потцртувајќи ја во мислите. Првин се разговараше, потоа некои заспаа седејќи; други задремаа, а јас молчев, гледав во девојката и ги затворав очите! Потоа сите заспаа. Во вагонот се втурнаа нови патници; девојката мораше да се стисне, морав и јас: така се најдовме еден до друг и продолживме да спиеме. Но јас само делумно ги бев склопил очите.

Слабото светло се нишаше на нашите лица, мамурно од тропањето на тркалата и сета врева. Понекогаш главите ни се судираа, но само за миг. Бедрата ни се допираа постојано. Тоа ми предизвикуваше жарење во месото. Секој миг ја тргнував ногата и потоа колената ни се судираа, и тогаш целосно се притиснував во неа, бидејќи не можев да зборувам. А носев краток капут. А таа беше толку близу... Еднаш ѝ ги видов очите, подочниците и зацрвенетиот образ, потемнет од несоница, замор и тресењето на вагонот. А јас не размислував на ништо; овие два дена „без брада“ останаа далеку и истовремено близу: како сон што може да се по-

вика и да се почувствува, но и да се заборави. Надвор ноќта паѓаше на земјата, удираше во небото и се стискаше во зачадените и подмрзнати стакла. Јуревме низ полињата, под планините, покрај села и градови, шуми и потоци. А куќата, родното село, мајка ми и познајниците останууваа секогаш на истото место. И оваа девојка заминуваше во светот, на служба. Ноќта сè подлабоко, поблиску и погусто течеше како надојдена вода и само белината на мислите, чувствувањето на студот и снегот што се навестуваше, црвените носиња, брзите чекори, нозете што тапкаа во место, распуканите усни, волната, ракавиците, јакните и пунчот целосно ме обземаа. Некакво пијано, сонливо расположение вчас ги олади мојата страст и допирите на младата жена. Влегувајќи во непознати краеви, оставајќи ги познатите лица, замислувајќи го животот во велеградот со ноќи поминати на галеријата од театарот или покрај прозорецот во кафеаната, или на маскенбал, силно се трогнав и посакав да имам едно женско суштество покрај себе на тротоарот и во галеријата, завиткано во волнена шамија во која се вплеткуваат снегулките; суштество што трепери, а очите му солзат, небаре чадот од цигарата му го заскокоткал носот.

Се разденуваше. Зората се пробиваше низ воздухот, сета завиткана во густа магла. Јас и девојката останавме сами во вагонот. Возот стоеше час и половина на таа станица. И ние чекавме, премрзнати, извалкани, скршени. Но здивот на новиот ден и, би рекол, прстињата

на свежото утро како да ни ги истрија поспаните очи. Се стиснавме во ќошот на вагонот. Се стиснавме уште посилно. Поцврсто. И не се пуштавме. Што си рековме? Главите ни се допираа, усните ни се впија во стутканите тела и ги чувствувавме скокоткањата на кожата, воздухот и зимата: почнавме да се ежиме, да се грчиме и да го чувствуваме сето тоа во мозоците. И само бледото светло избиваше како здив на мртовец, што може да биде и душа... вечен живот и вечна смрт.

Сиот бев во грч. Една мисла ми прелета низ умот. Доживување! Момчештво! Авантура! Во секој од овие зборови се содржеа уште другите два. Кратко ме трогна споменот на минатите две години учење, сериозност и смешност – па ненадејна желба за топлина, чувства и испади – и сеќавања, и по вторпат нешто остро, студено и топло ми помина по мозокот, по мускулите и колената... Јас немам спомени од ова веќе две години! Немам спомени! А сè, сè живее да може да се сеќава – минатото и младешките денови пред оние луѓе што влегуваат во животот, за потоа и тие еднаш да застанат и да отпочинат, живеејќи од каматата на својата животна главница – спомените.

И јас блед, исплашен, растреперен ја примив таа девојка и кога го здогледав истото бледо, исплашено и страсно месо, усните ми се запенија и нè збуни неочекуваниот час: се закрвивме, се зачудивме, се збунивме... Свирежот на железницата го најави заминувањето и завршувањето, и ние се разделивме. Фуј! Потоа

си го зедов багажот и појдов во другиот дел на вагонот, оној за непушачи. Таму запалив цигара и зедов да си докажувам дека мојот чин е благороден и пристоен; дека таа не може да ми забележи за ништо; дека жената што ноќе патува сама е нешто што се става надвор од законот и дека само тогаш љубовта е законита, т.е. влегува во моралот и во совеста, ако за последица има дете. А детето е единственото тоа што од нештата создава суштество, од незаконитата жена создава законита. Но, девојката веќе ѕиркаше на вратата и најпосле влезе во одделот за непушачи и побара една цигара... Подоцна утврдив дека тој спомен ме чинеше нешто помалку од медаљонот, наметката и сликичките што поклониците ги купуваат на местата за аџилак. На разделба ѝ стиснав рака и си рековме: До гледање!

А таму надвор, во велеградот, утрото, во маглата, покрај бело кафе и весник, под електрично светло и под бледите погледи на една касиерка – одушевен од првиот успех, почнав да ласкам со истите електрични очи, тело и вештини. А веќе вториот ден, откако најдов сместување, веднаш се заљубив во сите четири ќерки на мојата станодавка и, враќајќи се со нив од театар, им платив сладолед, и по четири дена веќе немав ни скршена пара. Почнав да чувствувам дека сум вовлечен во еден друг свет на денгубење и неработење и дека не можам да се оттргнам оттаму, бидејќи погледите и смешкањата на касиерката и на четирите ќерки беа стапица во која се улови една голема ѕверка.

Телеграфирав да ми испратат пари и, лишен од сè, без потпора и помош, непознат во туѓ град, една ноќ си легнав гладен в кревет. Не се ни собув ниту се соблеков. Лежев со температура. Исчекував пари и нов живот, односно го очекував стариот живот, претходниот; старата работа и старото задоволство. Она задоволство што го чувствував кога ќе се одделев од сите и кога не сакав да видам никого... А сега! Не можам да си ги смирам чувствата во осама, како што претходно не можев додека сум во друштво. Сега за смирување ми треба и барам нужно друштво, погледи, лица, насмевки – сето она поради кое останав без храна и без пари. Можеби сега тие погледи и насмевки би ми биле благодарни; би станале уште поголеми, подлабоки, посилни, пострасни и би можел и понатаму да живеам, да купувам, да стекнувам и да плаќам – спомени. Оваа осама сега ме измачува, ме исмејува и ме подложува на подбив како и пред да се дружам со луѓе, со дечишта и со девојки. Оваа осама носи самоубиство, грижа на совеста поради потрошените пари на мојата кутра мајка и потрошеното време на мојата сериозна младост... А тоа друштво ме смирува, бидејќи и понатаму ме дразни... Тука треба да се имаат милиони!

Љубовта и авантурата тука ти се како играње лотарија, како плаќање завет, богослужба и медалјон што вредат само онолку колку што може да вреди чудотворната моќ, вербата во рајот и измамата на битисувањето...

Ох, јас исчекував пари и ми се чинеше дека со нив би можел така трпеливо и смирено да чекам додека ми порасне брадата.

Потоа, можеби би се замислил: каде е моето јас – во сериозноста или во разузданоста, во цинизмот или во темпераментноста, во потсмевот или во презирот, во љубовта или во воздржаноста?

Би можел ли тогаш да признам дека моето јас се состои во избричената или во порасната брада, и дека сите индивидуализми седат на две столчиња и затоа се многу ризични и опасни. Тие секогаш стојат на нешто што е надвор од нив; и доколку тоа нешто се помести, тие одново паѓаат на нешто што е надвор од нив... А светот и подот не ја чувствуваат болката на нечиј пад... Настрадуваш од падот само со кутрите колкови, карличната коска и бедрата... на кутрите индивидуи што мораат да ја почувствуваат болката на она место за кое, од срам и од пристојност, не смеат ни да се почешаат и што не можат да го видат онака како што го гледаат тоа другите...

Југ–Звоно, 1912 г.

ЖЕНА

Јанко Полиќ Камов

Бев во театар; стигнав меѓу првите, за да најдам седиште, најдов и сепак го изгубив. Дојдов еден час порано, а една госпоѓица дојде пет минути порано и ѝ го отстапив своето место, и за време на паузата и за време на претставата, бидејќи ме замоли само за паузата – разбирате... Веднаш ѝ го отстапив местото и за паузата и за претставата, бидејќи ме замоли само за време на паузата, а јас, како кавалер, морав да ѝ дадам повеќе одошто бараше. Да се сетев на своите господски должности пред таа да се сетеше на своето женско право, ќе имав седиште за самата претстава, бидејќи ќе ѝ го понудев за време на паузата. Беше убава и тоа е, мислам, доволно. (Да се опишува убавината е најзгодно и најлесно: лага без противдокази и крадец без сведоци – ете ти поезија! Уметникот го открива, односно го гледа она што другите не го гледаат, и пишува, односно го прави она

што никој друг не го чини.) Ако жената прва те бакне, тогаш не можеш да останеш само на бакнеж, ако си кавалер. А сепак, ако правилно погледнеме на работите, таа госпоѓица сторила една непристојност – била дрска. Едно е, бидејќи ме замоли „само за време на паузата“, а друго е, бидејќи ја прифати мојата понуда и „за претставата“.

Знам дека галантноста е моралната цврстина на мажите, иако култот кон жената датира уште откако блажената девица Марија влезе како модел во сликарските ателјеа и откако убавата пејачка вреди повеќе од добрата пејачка. Рафаел, Муриљо и Сарто ни дадоа прекрасни мадони, Ван Дајк ни го даде грозниот Христос, Спањолето – грдите маченици. Грчките вајари, пак, ни го дадоа божествено убавиот Аполон, што не е чудо ако се земат предвид Сократ, платонизмот и Сафо и не се испуштат од вид занесите на света Тереза и Вероника по Исус. Секоја река има свој извор, а ако уметноста е создавање, тогаш таа ги претпоставува жената, мажот и детето. Ама не морам да пишувам за тоа; премногу е вулгарно и обично. Веќе извесно време сум опседнат со вистинска манија за откривање и артизам. Секакви бесмислици ми предизвикуваат илјадници болки и секакви луѓе илјадници мисли, и вака изгубен скитам по светот и само дождот може да ме прикова за маса.

Деновите се матни, дремливи, алкохоличарски; зеленилото жолтее и гние; цртите на планините, на крутото синило и зраците на се-

дото сонце се топат, се раствораат како чирови; атмосферата е како треска; облаците се како слуз; земјата како неизбришан отпадок на вселенското тело, а боите и облиците се како дегенерација. Погледот веќе не ни плива; тој тоне; нашата мисла не лета; таа паѓа; зората не се разликува од пладнето, ни вечерта од ноќта: небото е само сиво, и црно, и мрачно, и без волја лежи обвиено во памукот и газата на облаците, а кога таму ќе се протне зрак светлина, се чини дека тоа е млаз од бакнежот што ги опсипал преврските. Само навечер, за време на прошетката покрај веселите излози и светлата, каде што народот внесува здив на есенска меланхолија, покрај лисјето и интимноста на затворените места, само зјапањето низ прозорските стакла во стаклата на чашите и нишањето на димот и мислите над пијалакот што се лади со модар пламен – само тогаш надоаѓаат спомени и сон. И јас откривам. И кога ќе се вратам во својата соба, сакам да испуштам насмевки, жални и жолти како лисјето во нашите паркови, да го прекријат мртвото минато како цвеќе и земја.

* * *

Таа е жена на мој пријател. Не е убава, но беше. Сега е ослабена; јаболкцата ѝ се издаваат како две суви крушки, а кога е нерасположена, лицето наеднаш ѝ станува асиметрично, како некој да ѝ залепил силна шлаканица. Лесна е, сета ковчеста и сува; подочниците ѝ се малку

подуени; две темни црти косо ѝ ги сечат образите и нивната сенка е нежна, прозирна и мечтателска како импресија; усните ѝ се раздвоени, а кога ќе ги стисне, си помислуваш да не ја заболел заб. Понекогаш наутро знае да изгледа убаво – ако се појавиш ненадејно, ако ја затечеш, ако нема блуза, ако се засрами, ако косата ѝ е без фризура, забите неизмиени, ако мириса на кревет; ако знае дека е недолична – имено, ако ја затечеш во недозволена прилика. Е, тогаш е убава.

Еднаш седев во кафеана покрај неа и еден пријател. Пријателот зборуваше за застарената на материјализмот; јас случајно го мрднав палецот кон нејзините прсти; потоа ѝ го допрев коленото и видов дека е преубава, прекрасна, неодолива. Еве што: таа го љуби својот маж и ме почитува мене; знае дека маж ѝ нè сака неа и мене; знае дека го сакам маж ѝ и дека ја почитувам неа. А сега го чувствува мојот палец, потоа моето колено – знае дека ги чувствувам нејзините прстиња, силно притиснати во чевличето, и нејзиното коленце, облечено во црн чорап и платнено здолниште, до каде што досегаше белата тантела на нејзините гаќи. Таа знае дека правиме нешто – недозволено! Затоа очите ѝ се смешкаат и ѝ плачат; лицето ѝ бледнее и ѝ руменее; срцето ѝ чука во градите и грбот. Кога би смеела да му рече на мажот: „Те љубам само тебе, а тој само ме бакна – отсекогаш сум била твоја, а нему му се дадов само за пет минути – грешна сум, казни ме – ќе одам на понизна исповед за простување на гревовите, ќе згрешам

одново и ќе се покаам за гревот!“ На жената ѝ се потребни гревови и казни.

Таа сега ужива во допирот на моето колено како на исповедалница: таа го љуби Христос како Магдалена, макар била поневина и од Алојзиј.

Така започна нашата љубов и може да се каже дека и заврши.

Тогаш нарачав овошен ликер. Неговиот ласцивен, мрсен и леплив тек, неговиот мирис и бојата најмногу одговараат за вечерта што ја поминуваш во друштво на занесен пријател и одушевена жена. Тој го поврзува друштвото со сплетот симпатии, слаткоречивост и духовитост. Се чини како да е колено што го допира секоја нога, како усна на која ѝ се доближува секое лице, како насмевка што е упатена секому. На сите нам усните ни беа еднакво засладени, носевите еднакво помилувани, очите еднакво раширени. Таа рече: „Нејќам да пијам.“ Мажот ѝ ја преколнуваше да не се премислува. Не ја разбра. Таа рече: „Нејќам да пијам“ за навистина да го избегне пиењето; таа не пиеше ни поради желудникот ни поради мозокот: женскиот желудник и мозокот се послаби од нашиот. Постојано тврдеше: „Ама ќе се опијам!“ И кога ликерот страсно заигра во нејзините очи, во јазикот, во грлото и во утробата, изгледаше како девојка што на вашиот ненадеен поздрав или бакнеж ќе крикне од страв и збунетост, а постојано и сосредоточено внимавала да не ја одминете без поздрав и без бакнеж. Една чашка не може да ја опие; го знае тоа. Но ако не ве уве-

ри дека ќе се опие, односно дека ќе стори нешто недозволено, зошто тогаш воопшто би пиела?

Мојата покојна мајка му беше верна на татко ми; нејзиното шеесетгодишно минато не бележи ниту еден поглед. Но таа беше расипничка: создаваше долгови поради нас, децата; долгови и – вина, ги правеше долговите потајно, да не дознае татко ми, иако тој најпосле мораше да дознае за нив. Нејзиниот живот беше полн со вакви таинствени, недозволени и ситни долгови: купуваше шеќер, слатки, овошје... сето она што беше излишно, „за да не ѝ гладуваат децата“, како што уверуваше; во суштина, таа мораше да се задолжува за да може да се преправа, да лаже, да прави нешто недозволено – да има чувство дека греши и да чувствува пријатна вина поради тоа. И секогаш кога ќе се загледав во разголените гради на жената на мојот пријател, нејзиното утринско руво со мирис на кревет, нејзиното одбивање на понуденият ликер – се присетував на мајка ми, на непознатата госпоѓица во театарот и на сите невини зачудувања и згрозувања на недолжните девојки пред бакнежите за кои вие сте убедени дека се нешто толку едноставно и – невино...

Се разделивме. Ѝ пишував долги писма за артизмот. „Вашиот допир таа вечер и, подоцна, Вашата лесна појава што ја водеше Вашиот маж и мој пријател, која како сенка заминуваше во неговата куќа; Вашиот поглед што полупијано гледаше во мокриот асфалт; Вашиот врат што ги чувствуваше моите очи што се топеа на загреаниот метал од Вашето тело; Ва-

шата шапка што накривено и гордо трепереше со црвената лента при воздишките на огромната, матна и плачлива ноќ; Вашите чевличиња што тапкаа по тротоарот, како немирни и разгалени господски деца; Вашата половина што ја сликаше мојот пријател и Ваш маж; Вашите рачиња, вкочанети, слаби и бледи, кои несвесно барале милостина од топлина и целивања, и сета таа вечер што како леден здив навалуваше на стаклото од Вашите очи и Ви ја матеше бистрината на видот – сето тоа врз мене остави незаборавен впечаток. Оттогаш влеговте во најтесниот круг на моите мисли и чувства: како слика, како скулптура, како музика. Во самракот така се прикрадува Вашата појава и ми се чини дека секогаш Вашата сенка трепери на ѕидот од мојата мала соба. И јас ја љубам таа сенка, ја гледам таа сенка, ја фаќам. Недостижна. И во тоа се состои Вашата привлечност – во тоа се состои мојата уметност. Кога таа сенка би оживеала, кога Вие би влегле во мојата соба, отелотворена и наеднаш жива, кога мојот здив би се судрил со Вашиот, кога моите усни би се сретнале со Вашите, а мојот поглед би потонал во Вашиот – тогаш би дошол животот кој во прскот – не само на барут! – ја убива уметноста... Останете далеку, моја најсилна љубов – го бакнуваме млазот на сонцето – и сонцето е живот, додека не му се доближиме... Еве, самракот се претвора во мрак, не палам ламба; палам цигара...“

Не ми одговори. Сфатив дека мора да е ужасно несреќна, бидејќи животот би можел да

ѝ биде среќен само во таквата несреќа нејзиното воспитување да дозволи да ми пише, да ми се даде, нејзиниот маж да дознае сè и да ѝ прости. Таа е уверена дека маж ѝ не би ѝ простил, дека едноставно би ја избркал, дека би барал развод (тој е слободен мислител) и дека би завршила без средства за живот. Затоа и не е убава! Оние што почесто ја гледаа ми раскажуваа дека станува сè побезволна, послаба и погрда. Разбирам: таа е целосна во својот карактер, вистински културна жена е и не може да го задоволи тој свој нарав онака како што би сакала и како што бара нашата култура. На тој начин ја губи својата привлечност, својата женственост: се дегенерира и можеби ќе стане упориште на феминизмот ако навремено не стане мајка, па да ги љуби своите деца толку лудо, страсно и изгубено, што ќе чувствува вина пред својот сопруг. Мојот пријател мора да го сфати тоа и да ѝ даде на жена си или дете или љубовник.

И му пишав; му пишав за жена му и за својот артизам, и реков дека сум заљубен во неа до одредени граници и дека тој мора да го смета тоа за најчист изблик на мојата уметничка душа и дека не смее да биде љубоморен. Бидејќи, да бидам искрен, ми стана жал за жена му. Знам дека таа се стресува од помислата на љубовник: нејзиното воспитување и нејзината егзистенција ѝ го забрануваат тоа. Единствениот спас на нејзината женственост лежи во љубомората на нејзиниот маж. Го испратив писмото и појдов со еден пријател на пиво. Тој не беше женет: беше заљубен во свршеничката

на еден мој познајник. Таа знаеше дека мојот пријател ја сака и затоа беше задоволна и можеше да исчекува со намерна и необична трпеливост. Ќе му биде поверна на својот свршеник како што сè повеќе симпатии ќе чувствува кон мојот неженет пријател. Тоа е моето најдлабоко убедување.

Вечерта бев многу расположен. Љубовта на мојот пријател, пивото, разговорот за пролетните бои на платната на Буковац[3], за човекот-животно во боевите на Рубенс, за мускулатурата кај Микеланџело, сето тоа пријатно ме заскокотка и реков: „Ајде да одиме кај жени!“

Во салонот, каде што се вртка разни жени со истиот поспан поглед, кој оставаше впечаток како при арапските приказни, слушани зиме и раскажувани од седата тетка, почнав да го чувствувам големиот раскош на детството и на играњето. Една девојка седна на моето крило; малечка, полничка и со толку меко тело, што ми се причини дека рацете ми пропаднале в снег. Добив апетит: ми се насобра плунка на усните како при глетка на сладолед: крем, јагода и лимон, и во силниот налет на опиеност помислив да ѝ го принесам јазикот на целата неа и да оставам да се топат сладоста, љубовта и младоста, целата оваа студена, евтина и продадена жена на моите врели усни и уште поврелото непце. Горев од алкохол, а не од љубов. Таа ме оладуваше. Неколкупати ја фатив за вратот и морници ме полазија по телото. Снег! Почна

[3] Влахо Буковац (1855-1922), хрватски сликар, еден од главните претставници на хрватската модерна.

да ме измачува силна жед; гладна жед. И пак ја фатив за вратот. Моите тврди, долги и нерамни прсти пропаднаа во нејзиното меко тело, а таа се смешкаше. Устата ѝ се рашири, усните ѝ се стеснија, се истанчија и само нивните рабови, украсени со црвило, испишаа една тенка, долга и остра црта. Ми дојде на ум како една жена на шега му ги врзала очите на својот љубовник, како тој ѝ се препуштил на шегата, смеејќи се со завивање и како таа истрелала со револверот во неговото грло. И таа помисла веднаш, со едно брзо движење, ги избриша сите бои на нејзиното лице: очите ѝ се смешкаа. Почна да ме одушевува вајарскиот и драмски израз: да ја задавам додека се смее, на шега... Сè посилно ја давев. Таа се смешкаше; до солзи, кркорејќи. Ама не чув глас. Очите ѝ играа воспалено, пијани, како на игли; ослепев. Ги гледав своите ковчести прсти и брчките на нејзиниот врат, и почна да ме обзема едно ледено и силно одушевување од стравотното и од необичното, од вината и од злосторството. Се смеев. Таа се оттргна. Непрестајно се смеев. Ми се допаѓаше таа поза на задавување; како скулптура; и драмскиот ефект: да ја задавиш на шега. Ми се чинеше дека глумиме. Мојата улога ме занесе. Трипати ја фатив и трипати ми се оттргна. Бев решен навистина да ја задавам на шега: затоа се смеев и не си помислуваше дека серозно ја давам. Пријателот ме влечеше настрана; и тој мислеше дека се шегувам; прекрасно глумевме. Побледев од врежаната насмевка што како клешта ми ги шириеше усните. Ми се чине-

ше дека никогаш нема да ги стиснам пак. Свеченоста ме скаменила. Да ја задавам! Тоа содржеше елементи на ефектна завршница и намерно почнав да го влечам јажето. Ми се чинеше дека нѐ гледа публика што останала без здив, нестрплива, и ми се чинеше дека само моето стегање, нејзиниот отпор и пријателот што божем ме спречуваше, можеа да ги доведат нервите на гледачите до кулминација на напрегнатост. Ја фатив и четврти пат: аплаузот како да избиваше од погледите и од здивот на замислената публика и станував сè постуден; мразот на проституцијата ме вкочани: позата беше неподвижна, извајана, вечна: давење на шега – ефектна, ненадејна и брза смрт... Ако стиснам посилно, мразот ќе ги пробие сите наши гради: и на публиката, и на блудничката, и на уметникот. И не ја задавив. Пријателот ме оттргна, добродушно гровтајќи од смеа. Таа се смееше со вистински кикот и не успеав никако да ги спојам моите усни. Прејдовме на ликери. Пиев. Глетката ми остана врежана во зениците и кога пиев почнав да треперам, ми се чинеше дека моите очи се надвор од мене и дека за нив сум привржан со јаже како пес и дека ги следам под ударите на својот господар, сиот накострешен, опирајќи се и давејќи се во неговите цврсти раце.

Другиот ден бев буден, ама не и трезен. Се тресев од трогнатост, од занес и од страст. Пак појдов на пиво. Не си ги чувствував коските; гласот ми беше рапав и нежен; очите полни и матни; сонцето беше меланхолично и бледо; луѓето мрачни и потиштени; а во далечината

клисурите беспомошно и осамено се опираа на ласкањето на накострешеното море. И некакви тешки облаци, како изгорена сланина, почнаа да надоаѓаат откај планинските врвови и да кружат околу сонцето како ноќни мушички околу ламба. И тие се растворија. И пак појдов на пиво. Жеден сум.

Спомените почнаа да ме облетуваат како недостижни мириси, воздишки, вили и меланхолични пеперутки, разнобојни, прозирни, растреперени, смирувачки. Келнерката, бледа русокоса со сини очи, безгласно гледаше во мене и дупчињата на образите и на подбрадокот почнаа да ѝ се оцртуваат. Ѝ ги видов забите и бледите, тенки усни, и жената на мојот пријател и свршеничката на мојот познајник и мојата синоќешна пријателка почнаа кокетно да ги стремат своите погледи кон мене, црни, сини и кафени. „Не нè задави“ – шумеа околу мене нивните коси, фустани и мрежички на нивните очи. Шумеа жално и уморно. Ми се чинеше дека сите тие бараат вина, грев и злосторство во мене, дека го бараат идеалот на своите соништа и женственоста, но не и покајување. Тие очајно и тажно го бараат мажот што дави и не се кае: оној што убива проститутка, неверна жена и изгубена љубов, и ја презира покорноста... А јас размислував матно и замаглено, трогнат од алкохолот и пијан од трогнатоста и чувствата, дека не ме бива да бидам неволја за жените, дека љубовта не може да биде за мене извор на вина, ако не е поврзана со злосторство. Маженатa жена има љубовник – друго е ако мажот

има љубовница; жената му се дава секому што ќе плати – друго е ако мажот има сè; жената се изневерува, се продава, се лаже и нејзината привлечност е искупена – мажот мора да силува и да окрвави – тој првпат ја ранува својата жена и привлечноста веќе е изгубена; другиот пат мора да убие – бидејќи ако жената ти понуди бакнеж, не можеш да останеш само на тоа ако си кавалер. Нашиот живот е насилство – нивниот е умилување, ние сме крвници – тие се ласкавци; ние сме грев – тие се покорност...

А жената на мојот пријател се прикрадува низ ретките... Како да не знам! Ти беше девојка и погледот за тебе беше она што за твојот сегашен маж претставува стисокот. Ти го даде бакнежот како ангел, а тој веќе го имаше дадено како човек. А ангелите се подолго тука од луѓето... Слушни ја светата книга, руса љубовнице и црна сенко, мртва љубов и затрупано минато. Вие одите напред со напредувањето на животот, а ние со напредувањето на животните. И додека вие ќе смеете да дојдете до цигари, долги панталони, собранија и насилство, ние веќе ќе ја преминеме онаа точка каде што се споија мојата рака и мојата усна... Нема да има веќе жени... Еве, една личност од доверба, која е мошне упатена во работите, ми јави дека мојот пријател, примајќи го моето писмо, фино ја истепал жена си... И уште додава дека жената на мојот пријател како да ја добила својата боја и формата; вели, станува сè поубава, полничка и – возбудлива...

ДОКТОР КВАК

Улдерико Донадини

За учениот господин професор Актовиќ, човек мораше да си помисли дека на светов дошол со намрштено чело, со симетрично исчешлана коса и куса брадичка, нарекувана „ловец на девојки“, и дека откако се родил молчел неколку години, а тоа е така зашто овој големец уште тогаш размислувал за својата идна мисија во животот и за првиот збор што ќе биде забележан во неговата биографија. Со стравопочит се чувствуваше колкава хармонија владее меѓу неговата глава, вратникот, па сè до иглата што беше така остро забодена во неговата вратоврска. Големите очила, порабени со злато, говореа за неговото знаење, бидејќи за еден човек да стане кратковид или далековид, односно да не ги гледа предметите во неговата близина – а токму за тоа станува збор во нашиов случај – тоа можеше да му се случи само на учен човек што во животот прочитал бројни

тешко разбирливи списи и книгишта. Во таа целосна хармонија, дури по подолго набљудување, можеше да се забележи дека врвот на неговиот нос беше малку повеќе свртен налево.

Кога деновите беа сончеви, учениот господин, раширувајќи го над главата сивиот чадор, шеташе по градската алеја, а умната насмевка на неговото лице не дозволуваше никому да се посомнева во неговиот ум дури ни тогаш кога господинот Актовиќ не размислуваше за ништо. Погледот задоволно патуваше од солидниот цилиндар по копчињата од седеф и лизгаше преку мевот со сиви пруги, до црните панталони со лакирани чевли. Само поздравот од некој минувач го оттргнуваше нашиот учен господин од размислувањата и сега сите што ќе го видеа како достоинствено заокружуваше со цилиндарот, како од љубезната насмевка му се оцртуваат мустаќите и брадичката, а воздухот го разлева мирисот на помадата за мустаќи, не чувствуваа само хармонија, туку и вистинска симфонија. Еден ден, гледајќи ја својата слика во големото семејно огледало преку очите на Актовиќ, Бог се насмевна и стана задоволен од своето дело.

Сега внимателно, за да не ја растуриме тоалетата на господинот Актовиќ, да sирнеме во неговата душа со онаа сериозност со која и самиот тој гледаше, кога еден ден си помисли: „Колку голем мора да е мојот ум штом има откриено толку многу!“ До какви резултати дошол господинот Актовиќ во тие мигови, не е познато, бидејќи размислувајќи подетално за

таа тема заспа по мошне кратко време. Но, секако дека откритијата беа многу големи. Ученият господин во фосилните остатоци го наоѓа поврзувачкиот облик меѓу рибите и водоземците, ги отвора очите за својот век, ја разобличува црковната наука, ги оцрнува боговите, одново му дава силен доказ на светот дека жабата потекнува од рибата, а човекот од мајмунот.

Колку долго морал рибјиот мозок да се преобрази во жабји, сè додека не се затворил во черепот на господинот Актовиќ и не успеал да ја искаже таа мисла! Колку се чудесни патиштата по кои природата доаѓа до своето совршенство! Какви се тоа патишта! Какви се само тие преобразби!

Европа се возбуди. Се одржаа конференции. Му доделија златен крст на Атковиќ. На северната полутопка постојано го гледаа со ковчег. Паднаа мислења за и против. Некои негови откритија одушевија многумина, а други сомничаво кимаа со главите и велеа: „Таа теза го докажува развојот од полноглавец до жаба. Во тој случај, фосилните остатоци не се од голема важност!“

Но, среде таа возбуда, во која западна светот, се одржа внатрешниот мир на господинот Актовиќ, неговата брадичка растеше десно и лево, а насмевката на човек што раѓа не се симнуваше од неговото лице.

И сега, многу години подоцна, стареше со сенката на тој славен настан во својата канцеларија. Сонцето, небаре во негова чест, фрлаше раскошни сенки од белите завеси на кои беа из-

везени пеперутки, бубалки, школки и секакви животни.

Иако надвор вриеше од жештина, во просторијата беше ладничко. Господинот Актовиќ седеше во својата фотеља. Пред само половина час стана од обилниот ручек. Една пријатна, мрзлива мисла без никаков облик го скокоткаше по мозокот и поради тоа лицето му се развлече во широка и задоволна насмевка. Му се причини дека се крева и полетува заедно со фотељата, а од сите страни од облаците со шамичиња му мавтаат мали и полнички ангели. Сите пресреќно гледаат во него. Сите се опиени со неговата величина.

Толку учен човек, па уште се извишил на небото!

Но, наеднаш исчезна сето тоа блаженство, вратата се отвори и се случи нешто што господинот Актовиќ никогаш го немаше доживеано и поради што силно се разбесни.

Се отворија двете крила на вратата, облаче прав влета во собата, а на прагот стоеше домарот Себастијан, туркајќи пред себе во неговата канцеларија цел куп ѓубре.

Господинот Актовиќ најпрвин од зачуденост ги ококори очите, занемувајќи, а потоа одеднаш викна од фотељата:

„Што правиш, Себастијане? Зарем не ме гледаш?“

Но, на лицето на Себастијан, кој инаку трепереше од господинот Актовиќ, не се покажа ни сенка од страв. Се чинеше дека сега уште побесно павта со метлата, а уште малку и ќе го

измете и учениот господин Актовиќ како парче хартија.

Во последен миг, господинот Актовиќ скокна од пред метлата и го зграпчи домарот за раменатa.

„Ти си полудел!“, викаше. „Зарем не знаеш дека веднаш можам да те отпуштам!“

Но, само што заврши со реченицата, Себастијан се исправи, неговите обично обесени мустаќи сега се накострешија, а очите му блеснаа како на мачор. Подбивно смешкајќи се, со испруженатa рака покажа кон другата соба и, со глас од кој господинот Актовиќ се стресе, викна:

„Одете таму и ќе дознаете сè!“

На господинот Актовиќ колената му се стресоа толку многу, што едвај чекореше.

Штом застана на прагот од другата соба, во пресрет му излезе жена му. Од бес и лутина ѝ трепереше секој нерв на лицето.

„А!“, викна госпоѓа Актовиќ кога го виде. „Значи, тоа се случува со тебе!“ Беше очигледно дека едвај се воздржува да не му ги зарие ноктите в очи. Ги крена златните очила, а сиот нејзин бес се претвори во пакосен потсмев. Косата на затилокот гневно ѝ одлета на врвот од главата. Сета се накостреши.

„Што е?“, пелтечеше господинот, сиот потресен.

„Што е?“, му се клештете госпоѓата Актовиќ. „Па, уште прашуваш! Еве ти го весникот и прочитај си! Си го изгубил местото; ти го одзеле одликувањето, а за тебе пишува како за најголем незнајко и шарлатан!“

Велејќи го тоа, му ја подаде празната мала црна кутија, однатре обложена со кадифе, во која порано се наоѓаше неговото најголемо одликување: златен крст за заслуги.

На господинот Актовиќ му замре здивот. Како да се отвори земјата под него.

Како се случило тоа?, мислеше, замирајќи од страв, чувствувајќи го отчукувањето на срцето во грлото.

„Сега знаеш што треба да направиш!“, рече госпоѓата Актовиќ.

„Твоето име и честа на твоето семејство се извалкани. Постои само еден достоинствен излез од тоа!“

Не може да се опише што сè чувствуваше господинот Актовиќ во тие мигови. Стоеше долго со наведната глава, како да беше вкопан вземи, а кога конечно, сепак, се осмели да го крене погледот, забележа дека е сам: жена му веќе одамна ја напуштила собата.

„Што ми преостанува? Смрт! Само тоа!“, заклучи господинот Актовиќ, стоејќи со празната кутија покрај ѕидот, на кој висеше негова слика. Господинот Актовиќ на сликата имаше златен крст на градите и се чинеше дека оттаму ѓаволски злобно му се потсмева.

Господинот Актовиќ почна да размислува како да се убие. Да се застрела? Тогаш човек веднаш умира. Од отров предолго се мачиш. Се сети дека неколку дена претходно во весниците читаше како некој знаменит човек скокнал во вода, па тоа го привлече и реши да се удави. Освен помислата на смрт, господинот Актовиќ,

во овие мигови, сакаше само уште да го дознае оној што го упропастил и кој е виновен што сега мора да умре.

Слегувајќи по скалилата, на плочникот ја забележа својата јазовичарка Фида. Напуштен и презрен од сите, ѝ се обрати, очекувајќи сомилост и почит барем од неа. Но Фида, која обично секогаш радосно потскокнуваше кога ќе го видеше, сега не мавташе ниту со опашката.

„Фида!“, нежно ја повика господинот Актовиќ. „Твојот господар денес ќе умре, Фида! Уште малку и засекогаш ќе го изгубиш!“

Фида го набљудуваше тапо, без сочувство, а кога заврши, се проевна, се сврте и отрча по улицата.

Кучка!, помисли господинот Актовиќ. *Неблагодарна е како да е човек!*

Каде и да се свртеше, никаде не гледаше ништо утешително. По мрачното небо лебдеа облаци. Светкаа молњи, се подготвуваше невреме. Ветерот му носеше прашина право во лицето.

Како би било да се одвезам со кочија до реката?, помисли господинот Актовиќ. Но тоа сепак беше недолично, а и каде ќе најде сега кочија?

Околу него се извишуваа црни куќи и кобно стрчеа кон облаците. Како што одеше подалеку, така куќите се намалуваа, додека најпосле не се најде во една мрачна алеја.

„Еј! Научнику!“, господинот Актовиќ наеднаш, од мракот, слушна еден подбивен глас. „Вака студено време, а вие се подготвувате да

скокнете во вода. Ќе настинете, а можеби ќе си навлечете кивавица!“

Господинот Актовиќ се сепна и се сврте, но беше толку мрачно што ништо не се гледаше.

„Кој си, гаду?!“, викна. „Што се криеш? Дојди ваму ако си јунак.“

„Па, зарем не ме познаваш?!“, некој подбивно му се смееше од мракот. „Јас сум тој што ти ја симна маската на ученост. Јас сум смртта на сите лажни величини: доктор Квак!“

Квак!, господинот Актовиќ се стресе кога го слушна тоа име и сè во него зовре. „Лажеш, гаду!“, викна во мракот.

„Сакаше да ме заобиколиш“, продолжи доктор Квак, „бидејќи ти пречев на патот до кариерата што ја постигна наведнувајќи глава, но јас сум факт преку кој не се поминува!“

Во далечината веќе се извиваше реката, а низ ноќта страшно се разнесуваше смеата на доктор Квак.

Господинот Актовиќ ги напрегаше очите за да го види во мракот и тогаш, ненадејно, под уличната светилка здогледа висока и слаба појава, завиткана во црна наметка, чии крајчиња се вееја на ветрот.

„Ха! Ете си, никаквецу!“, господинот Актовиќ викна и јурна кон него. Веќе беше замавнал со чадорот со толкава сила, што мораше да се скршат – или чадорот или главата на доктор Квак – или двете истовремено, но наеднаш, на огромно изненадување, забележа дека доктор Квак има жабја глава. Господинот Актовиќ застана како вкочанет. Тркалезните зелени очи на

доктор Квак безизразно зјапаа во него, а устата му се шириле во широк жабји потсмев.

Човек со жабја глава! Тоа е малку чудно!, мислеше господинот Актовиќ, гледајќи во доктор Квак, но од неговата уста веќе не можеше да се слушне ниеден човечки збор. Колку подолго господинот Актовиќ гледаше, толку помалку го разбираше овој необичен настан и му се чинеше сè почудно, а потоа почна наеднаш да се сеќава на нешто, една светла мисла му се роди во мозокот и почна да ги потиснува сите други, а потоа господинот Актовиќ се разбуди, сиот облеан во пот.

Сè уште седеше во фотељата каде што седна по ручекот, и кога сфати дека сиот тој ужас бил само сон, воздивна среќно и задоволно. Тогаш неколкупати ги протри очите, па дури и се гризна за прстите за да се увери дали уште сонува.

Колку е луд човекот! Обичен сон, а толку силно ќе те вознемири!, размислуваше господинот Актовиќ шетајќи низ просторијата, настојувајќи да се ослободи од неубавите чувства, но нешто силно го влечеше кон шкафчето каде што го чуваше своето одликување.

Ако сето тоа беше само сон, тогаш моето одликување си е на место, мислеше. Но во неговата душа се всади страв што не можеше да си го објасни со никакви логички докази.

И иако, можеби, ова некому може да му се чини чудно, господинот Актовиќ, привлечен од неодолива сила, му се доближи на шкафчето, го отклучи, ја извади кутијата со одликувањето и

дури кога со свои очи го виде златниот крст, па дури и откако го допре со прстот, дури тогаш многу му олесни. И се смири.

ЃАВОЛОТ НА ГОСПОДИНОТ АНДРИЈА ПЕТРОВИЌ

Улдерико Донадини

Пијан од жештината, догоруваше жолтиот летен ден. Старата улица се искривила, куќите се наведнале, прозорските стакла се запалиле. Сенките се унаказени, развлечени, се кршат од ѕидовите. Часовите ползат. Се залепиле. Лисјата невралгично треперат. Покривите се склопени, како крилја на огромни птици, а куполата на кулата се вжарила како стопено злато.

На балконот, на третиот кат од својата куќа, седеше господинот Андрија Петровиќ – со тркалезен облик, небаре цел живот мрсел и јадел мисирки – и спокојно пушеше папенхајмско луле. Капки му течеа по лицето. Мустаќите му беа мокри од пот. Очилата му се слизнале до врвот на носот, само палците загрижено се вртеа еден околу друг.

Сонцето палеше и пржеше со своите последни сили и господинот Петровиќ чувствува-

ше колку е дебел, му се чинеше дека му отекува главата, дека му врие мозокот, а нешто ситно, како болва, го каса токму на темето.

Но, тоа што го касаше не беше ништо друго, туку една грозна мисла, мисла поради која господинот Петровиќ, кој никогаш во својот триесетгодишен брак ја немаше помислено, почна мошне да му тежи.

Зошто баш денес да се сети на својот замислен живот – денес пиеше како и обично – и на она што навистина се случило. Па сепак!

Какви навистина прекрасни мисли му се вртеа на тогашниот исушен гимназијалец, кому рацете му трепереа дури при најчистите платонски чувства, а очите му се обојуваа со модри кругови.

„Тоа се лудости“, конечно размисли господинот Андрија Петровиќ, тој, сопственик на крст за заслуги, трокатна куќа и ќелава глава што толку грижливо ја вовлекува во топлата волнена капа, кога земјата, со тежок гест, ќе ѝ се сврти и ќе се фрли во прегратката на ноќта, полна со испарувања на мирисите на жолтите рози, волшебните резеди и обесените чорапи што дебелите мајсторки, поради свеж воздух во домот, ги обесуваат на своите прозорци, од каде што во пајажинестиот сјај на месечината изгледаат толку сенишно.

Господинот Петровиќ почна да ги трие малите дебели очиња, но на сопствен ужас, спроти себе забележа еден господин во црно, со бледо и изморено лице, со раце прекрстени на градите, кој го набљудуваше со неопислив презир.

Сакаше да стане, да побегне, но непознатиот го беше приковал за столот со својот ужасен поглед, така што господинот Петровиќ не можеше ни да се помрдне.

„Добровечер, господине Петровиќ!“, викна појавата, за која господинот Петровиќ веќе немаше никакви сомнежи дека потекнува од пеколот.

„Дозволете да прашам, од каде сте вие?“

„Баш од пеколот.“

Тогаш, на господинот Петровиќ му се појави мислата:

О, па таму долу сигурно е уште пожешко, и притоа една тешка капка пот му се стркала по лицето.

„Секако!“, ѓаволот кимаше со главата. Господинот Петровиќ сакаше да стане и да се збогува.

„Знаете, многу ми е мило, но...“

„Останете уште малку, имаме да си поприкажеме за толку многу работи. Ќе најдете време. Сакате ли? Ех, гледате ли дека точно погодувам. Еве, видете, јас сум сè уште млад, а вие го имате целиот живот зад себе, барем вие сигурно знаете некоја интересна приказна. Или, сакате да ви помогнам? Вие сте стар, нели? Главата ви испарува, јазикот ви се плетка, а никогаш не сте ни биле нешто многу зборлест. Што се случува? Ништо. Поедноставно не може да биде... Сте се заљубиле и сте се венчале. Попот ви ги врзал рацете со својата благомирислива крпа и, цитирајќи го свети Павле, децата, иднината, ве отпушти од олтарот, уште мирисајќи на ракија и на темјан, а вие сте го послушале и

сте живееле во питом, за разлика од див брак, свето во Господа.“

„Нели било така?“, се смешкаше ѓаволот.

„И како да заборавам дека сте биле чиновник, а како таков и како оженет веќе никогаш не сте успеале да размислувате и да пеете. Вит како стап, сте трепереле од гордост и сте се поклонувале на сите страни кога вашиот господин шеф ќе благоизволел да ве посети. Таа чест толку ве сметнувала од умот, што не сте знаеле ни да му кажете каде да седне.

И се разви прекрасен разговор.

Како е мојот Андрија?, ќе праша вашата госпоѓа, припиена до господинот шеф... А тој е толку прекрасен човек, со големи мустаќи, силен глас и гласна смеа.

Хе-хе-хе! Баш е коректен. Многу! Се гордеам со него, а вие од пристојност се смешкате и тврдите дека не сте толку добар.

Па, сте биле добар, можеби не којзнае колку бистар, но сте биле љубезен кон господинот шеф, а тој бил љубезен кон вашата жена, па вие малку по малку сте напредувале. Нели е така? И еден ден сето тоа се нарушува. Еден несреќен и слаб писар се заљубува во вашата жена, а кога таа го одбива, тој ја издава – несреќниот писар – ја издава и ја уништува сета ваша среќа. Зошто ја издал? А баш ќе сте си живееле многу убаво. Писар, жена. Жени! Жени! Па, уште ве изневерувала со вашиот шеф. Грозно. Останувате вчудовиден, како нагло згасната свеќа. Страшни чувства се врткаат низ вашето убаво, тенко тело.

Измаменото, исушено Јас се прпелка под силните дланки на смеата, како коњушар што се тркала пред тажен и блед витез, и помодрува од силните дланки, како Чиста среда, ослепува на двете очи, а од устата и од целото тело почнува да му извира зеленатa течност на љубоморатa. Кутрото Јас, издишувајќи го последното пламенче душа, се заколнува на вечна и на страшна одмазда, посурова и од онаа на Отело.

На сѐ сте подготвени.

Слика: влегувате во собата, а вашата жена целата е задишана, испотена, врела; градите уште ѝ се креваат и се обидува да се насмее, но залудно, штом го здогледува вашиот строг и неумолив поглед, веднаш ја кажува сета вистина и се фрла на колена, ви ги прегрнува нозете и преколнува, но вие не се одsивате на ништо, само викате, како труба што го најавува судниот ден... И?

Вратата зачкрипува.

Полека, замирајќи го здивот, влегувате. Голорака, во домашна наметка, лежи вашата госпоѓа, чита весник и ве гледа толку спокојно, небаре ве прашува: *О, љубезен мој, кој ѓавол ве донесе ваму*?

Што е ова? Што е?, мисли оној млад Андрија, знаете, господине Петровиќ, и го обзема некое чувство, како некој да го претепал, како да паднал од облаци, низ оџакот и вратичката на печката среде соба во непозната куќа.

Низ црвените завеси се пробива румено светло, како злобен потсмев – боже мој – и кога тоа прекрасно момче само би се помрднало,

сè би прснало во смеа, и столовите, и масата, и диванот, и орманите, би се растворило, би се превртиле теглите со мармалад.

Тој тивко се повлекува до прозорецот и гледа нанадвор, а се чувствува како некој да го чешка по вратот, како да му се смешка покрај увцето, па дури и долу, од улицата, некое дете му го плази јазикот.

Ама што е?, се слуша предизвикувачки, дрзок глас, *о, боже, што да одговорам*, вратникот ми се смалил за два броја.

Се обидува одново да се налути, да се раздразни, но некоја света поспаност, сонлива вртоглавица стихијно му ги брка мислите, од телото му заскитува духот и дури го обзема срам – о, ти кутар млад човеку!

Таа лежи на диванот како да ја видела неговата непријатност, не сака ни да се помести.

Мисли:

Само кажи нешто! Пробај да викнеш. Ќе останам, макар до утре, до задутре, па дури и ќе ме молиш да ти простам!

И така брзо се разлутува што најпосле и самата поверува дека е невина.

Мисли:

Ух! Како би ти го свиткала вратчето!

Нели беше така? Нели, господине Петровиќ“, праша ѓаволот, а Петровиќ не му одговори, само очајно ја навали главата и длабоко се замисли. Што се случува денес во оваа стара и мирна улица, во која живееја само лоши мачки и добронамерни луѓе. Од каде сега наеднаш овој праведен човек, ни крив ни должен,

да биде посетен од ѓаволот? Нема одговор, не може да побегне, а ѓаволот стои и чека, го притиска. Крупни солзи добродушно се стркалаа по лицето на господинот Петровиќ.

„Ама зошто сте толку сентиментален? Каде е таа ваша прекрасна волја? Каде е вашиот прекрасен нарав што и тогаш ве спаси?“

„Јас сум невин“, плачеше господинот Петровиќ како мало дете. Но сето тоа воопшто не помагаше.

„Како само фино се утешивте со неколку афоризми против својата жена и сè што е поврзано со жените, и си живеевте мирно, идилично, патријархално. *Како сите, така и јас*, плачевте, како сите луѓе, и јадевте, и пиевте, и спиевте. А кога мислите ќе ви одлетаа, ќе се опиевте да заборавите на несреќата на господинот Петровиќ, кому му се смееја сите деца и со показалецот му цртаа спирали по челото. Станавте добродушен, наивен или, накратко кажано, глупак.“

Целиот балкон беше испреплетен со бршлен, низ лисјата веќе зиркаа ѕвездите, а долу, низ оградата, се спушти еден преубав бел цвет.

„Па, сепак, сепак сето тоа може да се поправи“, продолжи сотоната со мошне нежен глас.

„Не може“, господинот Петровиќ одмавнуваше со главата.

„Ама како? Сè е можно... а јас знам и како... Станете малку, господине! Го гледате ли цветон?“

Господинот Петровиќ стана со тешки маки.

„Го гледам, го гледам...“, поспано пелтечеше.

„Ете, гледате! Тоа е опасно – знам – но обидете се да го дофатите...“

Господинот Петровиќ гледаше надолу. Нему уште сега му се замаглуваа очите, а кога само повеќе би се наведнал – би паднал.

„Ете!“, велеше ѓаволот. „Покажете барем еднаш дека сте јунак, дека не се плашите од ништо. Или: зарем би можеле уште да живеете вака кукавички?“

„Ама, да, да... ама, не знам... што ќе ви е тоа...“

„Зошто се будалите? Ако сакам, веднаш ќе го дофатам, но во случајов не станува збор за тоа...“

„Не! Не можам...“, пелтечеше низ плач господинот Петровиќ.

„О! Мислите дека ќе ве присилувам? Ако не можете – здравје. Кукавица бевте и кукавица ќе си останете. Хе-хе! Што можев да очекувам од вас? Зошто мислев дека навистина можам да помислам на нешто такво. Тие ваши тапи очи, или цртите на лицето, или... фуј, фуј! Збогум, збогум... можеби пак ќе се видиме некогаш.“

„Но! Но!“, наеднаш се разведри господинот Петровиќ и лукаво се насмевна. „Чекајте! Ќе го... тоа... Хо-хо! Како само не ми текна претходно... Знаете... одам... па со стап...“

Ѓаволот гласно се насмеа, го прободе со својот пробивен поглед, па уште и го чукна по носот.

„Хе-хе! Види го ти него... колку е само досетлив... о, господине мој... Но... сигурно не сте таков. Па, и да паднете... што нема да ви се

случи, но и да паднете, би паднале како херој! А што ве чека во спротивно? Вашите пријатели? Зарем вашата жена, слаба и ковчеста, кон која морате да бидете присилно љубезен и да ја прегрнувате околу нејзиниот птичји врат, да ги гледате нејзините кокошкини очи и да ги бакнувате нејзините тенки и суви усни? Фуј, фуј! Барем умрете – по ѓаволите – како естет! Еве, погледнете само... колку е близу... тоа не е никаква опасност... ајде... ајде... ќе бројам: еден... два... уште малку... уште малку... така... така... три-и-и...“

Балконот остана празен. Веќе беше доцна навечер. На масата стоеја очила, весник и згаснато луле кога госпоѓата Петровиќ дојде на балконот. Не помисли на ништо друго, освен на тоа дека господинот Андрија Петровиќ, сопственик на трокатна куќа, ќелава глава и крст за заслуги, отишол во собата за од кедровата кутија да земе уште некоја фина цигара, па не го забележала во мрачниот салон и се разминале.

ИСПОВЕД

Миливој Дежман Иванов

Замислете си, ве молам, дека денес цело утро морав трпеливо да го слушам раскажувањето на мојот „искрен пријател“ – така барем се нарекува тој. – А што ми кажа несреќникот? Ме искара, ми го опиша мојот неубав живот, моите расипани ставови, а на крајот ме советуваше да си го сменам друштвото. Можеби тоа, сепак, би било паметно. Но, тука е потребна храброст, треба да се совлада животниот нагон што сака да живееш, кој секогаш ти дошепнува надеж. Не, не го можам тоа.

Да бидам искрен, не се сеќавам баш на сите негови кажувања. На почетокот нѐ забавуваше, беше толку многу смешен со таа негова сериозност, со тој негов патос; но подоцна ми здодеа. Ми рече дека сум лудак! Ме познавал во душата – рече – и почна да ми ги набројува сите мои зборови што сум ги кажал некогаш – веќе не се ни сеќавав на нив – и на основа на тоа ме иска-

ра. А на крајот, ми рече: „Се надевам дека ќе се соземеш и ќе се поправиш.“

Молчев и не го исфрлив надвор. А што да му правам? Смешното детиште си мисли дека ја гледа мојата душа! Некои, а можеби и повеќето луѓе, си мислат дека умеат да продрат во битието на своите блиски, а посебно во своето. Колку е само тоа смешно! Да спознаеш нечија душа?! Душата – збир од сите идеи, од сите ставови, од сите намерни и ненамерни мисли и чувства. Колку пати ги слушав раскажувањата на моите пријатели, во кои се расчленуваше некој што не беше присутен. Се вадеа некои настани од неговиот живот, се ловеа некои зборови и со нивна помош се доаѓаше до заклучоци, се составуваше цел човек и се одредуваше што би сторил тој во одреден случај. Тие теоретски игри за нив беа психичко набљудување!

Одново ќе кажам, немојте да си мислите дека некогаш сте спознале некого, а најмалку себеси. Видете, јас го доживувам поединецот како некаков мозаик, како збир од милиони најразлични елементи, а никако како еднородна целина.

Кој може да ги расчлени сите оние тајни, невидливи струи што несвесно се влеваат во секоја мисла? Тоа е моето мислење за набљудувањето, а за чудо, еве, во истиот миг се подготвувам да се опишам себеси! Велам дека тоа е невозможно, а сепак се обидувам!

Впрочем, останувам при своите зборови дека не можам да се опишам целосно, да се спознам себеси; признавам дека често запаѓам

во зачуденост кога во мислите ќе си наидам на сосем нов, непознат свет, на гледишта што им се спротивни на моите досегашни ставови. Всушност, онаму каде што се надевам на чувства, на мисли, наидувам на празнина и пустош. Речиси никогаш не зборувам за себе, можеби зашто се плашам да не се втерам себеси во лага. Но веќе ми се смачи!

Сите што мислат дека ме познаваат добро, тврдат дека сум луд или дека наскоро ќе бидам; оние што ме познаваат помалку, сметаат дека сум суров, расипан, а оние што најмалку ме познаваат, велат оти сум сосем обичен, коректен, дури и надежен човек.

Такви гласини ми донесува мојот „искрен“ пријател. А што ми е грижа што мислат за мене? Но сепак, размислувајќи, сметам дека никој од нив нема право и дека сите заедно се можеби блиску до вистината.

Според надворешниот впечаток, се чини дека сè е добро, дека има надеж, дека по четириесет години ќе се здобијам со висок чин и ќе добијам целосна пензија и дека ќе бидам среќен. Само што не знам во што ќе се состои таа среќа? Но тоа е надворешниот впечаток. Дали е доволно тоа што завршив училиште со одличен успех, што не трошам премногу и немам никакви испади, што постигнав многу за својата возраст? Одблизу е малку инаку. Се чини дека нема душевна рамнотежа. Што убав израз е тоа. Малку луд и малку лош. Хм! Впрочем, ваквото академско расправање станува малку здодевно.

Ќе ви соопштувам повремено по некоја ситница за мене, па ако ви е по волја, повелете, создадете си слика за мене. Ако ви е здодевно, немојте; сеедно е, на крајот на краиштата. Она што главно ме измачува е силната здодевност. Не е тоа обична здодевност, туку некоја чудна досада што не ти дозволува да мислиш или да работиш исто. Седам и гледам пред себе, па постојано си зборувам: Ох, ама е досадно, грозно досадно! Најпосле имам многу работа, но нешто не ми дава да сработам. Цело време ми е здодевно, да работам, да шетам, дури да се забавувам! Но штом еднаш се присилам да почнам, тогаш работата ми оди. Незадоволството исчезнува и живо се зафаќам со работа за да тепам време. Ама само за кратко! Набрзо сè оставам, пак зјапам пред себе и одново го повторувам истото: Леле, ама е досадно! Одамна ја имам оваа болест. Кога ме прашаа што сакам да бидам, наивно реков дека ќе учам право и секој си мислеше оти сум одушевен поради тоа; но длабоко во себе ми беше сеедно; најпосле, нешто морав да бидам. Бев правник, како и секој друг, одев на предавања, учев, се забавував, ги претворав ноќите во ден и деновите во ноќ, политизирав итн. Мислите дека тоа го правев со радост? Не, ми беше сеедно. Но, бидејќи и другите правеа така, така правев и јас. Се чинеше дека постои желба во мене да најдам нешто што би ме освоило, но до ден-денес не успеав ништо да најдам.

Честопати се расправав, а обично ги бранев најапсурдните ставови; не знам зошто. Против-

никот ќе се разлутеше, а јас се забавував и понатаму ги бранев. Наеднаш ќе го прекинев:

„Па, не тврдам дека не си во право.“

„Ама зошто тогаш си запнал?“

„Па, инаку, што ќе правиме? Мора да се зборува за нешто.“

И така пак ќе потепавме извесно време.

Сите присутни мислеа дека сум неразумен, а похрабрите меѓу нив и ми го кажаа тоа. Кога читав или кога гледав трагични или комични нешта, останував воздржан. А кога ќе ме прашаа како ми се допаднало тоа, редовно ќе им одговорев: „Онака“ или „добро беше“.

Ме прекоруваа дека сум бесчувствителен или ми забележуваа дека се држам возвишен над останатите.

За малку и ќе погодеа. Навистина не се сеќавам дека некогаш сум бил посебно лут, или весел, или нажален.

Ох, да знаете колку копнеам по чувства; колку би бил само радосен кога нешто би ме потресло. Кога би ми дало живот, сила, полет! О, ти неискусена страст, прикажи се во која било слика, исполни ме со ужас или со невоздржана веселост, помогни ми да пламнам и да создадам нешто. Зарем навистина ќе пропаднам во ништото?! Обично ништо не размислувам, создавам воздушни кули за својата идна работа, за успехот, за човештвото. Се залетувам во височините. Можеби само уште мечтите ме забавуваат, но најпосле и тоа знае да здодее, кога потрезвено ќе размислам дека кулите ќе останат кули, а јас ќе завршам како сите други,

бидејќи со години и години скитав по земјава. Другите сè уште имаат некаква цел, некаква основа, а јас? Стотици и истовремено ниедна, и така лудо живеам. Гледам како живеат другите. Во младоста впиваат одредени гледишта, со сите предрасуди, со сите лаги и измами на своето време, и на таа основа градат и решаваат да постигнат нешто; задоволни се кога ќе видат дека, чекор по чекор, ѝ се доближуваат на својата цел. Се чини дека ќе бидат среќни кога ќе ја постигнат и најпосле навистина стануваат среќни, бидејќи си замислуваат дека навистина се. Доколку, пак, нивните гледишта, по некое чудо, не би се согласувале со духот на времето, тогаш гледиштата стануваат теорија, а тие живеат според уверувањата на мнозинството. Кој може да се лути за тоа? Сигурно нема да одат со глава в зид! Видете, јас не се согласувам со мнозинството. Не знам дали сум се согласил во нешто дури и со моите најблиски, а сепак живеам како нив. Јас немам став.

Таа непостојаност луѓето ја нарекуваат еволуција.

Кај мене е тоа разбирливо, бидејќи немам основа. Па, тогаш, зошто живеам? Не знам ни што да почнам со тој живот ни по што да копнеам; не знам што е среќа, а што несреќа.

Сето она што ви е убаво и добро, мене ми е чудно, речиси смешно, дури сметам дека сите сте такви, дека и вам светот ви е комедија, дека ни вие немате чувства и мисли, дека немате ништо исконско, дека сте ги позајмиле сите начела – ме разбирате ли? – дека се преправате во

своја корист. Па, зошто тогаш јас да го примам тоа? Единствено што би можел да ви признам е дека сте искрени егоисти. Но зошто го криете тоа? Зошто сакате на своите дела да им подметнете некои други, божем со благородни намери, кога егоизмот ви е главен двигател. Смирете се, и јас сум таков. Нема да се уништам. Бидејќи, штом вие живеете, зошто не би живеел и јас? Ќе живееме, ќе се расправаме, ќе мислиме дека сме љубеле и дека сме биле љубени, дека сме сториле толку добрини. Гладните и жедни сиромаси немаат каде да преноќат, треперат од студ и тивко се жалат. Им се восхитувам, бидејќи тие можат да ја поднесат сета грозотија на сиромаштијата, а сепак не се впуштаат во грабење. Тие се големи.

Јас, веројатно, би снеможел уште првиот ден. Тоа и не е толку чудно. Помислете само на тоа дека никогаш не сум бил гладен, дека – иако не живеам во изобилство – сепак живеам без мака. Затоа сум суров. Не треба да се грижам како ќе го проживеам утрешниот ден, па затоа сега излишно размислувам и трпам замислени душевни маки.

Кој ми ги даде сите овие книги да ги читам, зошто одам да барам луѓе, зошто се грижам за нив? Еве, некој збир идеи, забелешки, тоа ме вознемири. Да знаете само колку ги мразам сопствените мисли.

Да знаеја оние филозофи, поети и политичари што сум ги читал или слушал, што добија? Ми влеаја во душата тежина за спознавање на вистината што не можам да ја совладам. Заминав меѓу луѓето, испробав сè и еве ме – уморен,

сотрен. Не можам да ви раскажувам сè што доживеав; вие, бидејќи сте толку нежни, би сте се згрозиле. Но бидете сигурни дека ништо не ме заведе, само тие нешта ми ја распарчија душата. Љубев. Сите, мојот идеал, а и јас, сметавме дека сум заљубен. Колку само му се радував на тоа ново чувство! Се чувствував силен дека можам да му пркосам на космосот, да ја извојувам најголемата среќа. Најпосле, ја најдов својата цел и веќе сакав гласно да викнам: „Среќен сум!“

Слушајте ме и понатаму. Се набљудував себеси. Тоа веќе ми ја расипуваше радоста. Не можев да искажам љубовен збор, а да не си помислам: дали е тоа моја мисла? Често ќе се фатев дека само сум цитирал.

Целивајќи ги нејзините усни, забележав каков впечаток ми остава тој страстен и врел бакнеж. Дали ме љуби? – ми прелетуваше низ умот. – Ох, само повремено можев да се ослободам од тие мисли и целосно да му се предадам на човечкиот раскош и да заборавам сè. Тие несреќни мисли, таа љубомора, тој сомнеж! Зошто животот не е само една низа несвесни целини, како љубовта?

Денес мислам дека би се излечил. Но таа ме остави. Ме тешеа, стравуваа за мене.

Верувајте ми, ја љубев и понатаму, односно, одредено чувство, слично на она претходното, остана во мене. Или воопшто не постојат чувства? Секако, моите претстави и моите мисли беа обземени од нешто. Дали ме унесреќи? Мислете што сакате. Не бев ни среќен ни несреќен, само нешто се скрши – се чини дека ум-

реа моите соништа. Што да започнам? Пробав сè, па пак ништо. Проживеав цели векови во мојата фантазија, се зафатив со цел свет, а еве сум, човек што живее во едно кутиче, за кого никој не знае, кој е никој и ништо.

Денес, најпосле, дадов отказ. Нема да служам веќе. Долго се борев, сепак ми беше тешко да преземам нешто. Се прашувате, зошто дадов оставка?

Не ја знам причината. Никој ништо не ми направи, имам иднина, ама што ќе ми е? Зарем не е сè исто, на овој или на оној начин еден ден и јас ќе исчезнам од светов.

Сакав да бидам голем, силен, ама вака не иде. Да можам да најдам средство што би ме воздигнало над сите луѓе, да владеам со светот, да бидам прв со еден замав. Би сакал да сторам нешто. Мразам до морници. Кога би ги немало тие мисли! Да бев мало разгалено дете, кому светот му е играчка; или селанец, кој пеејќи заслужува корка леб и кој е задоволен! Што знае тој за светот, за луѓето; тој не размислува за причините, за вселената; не прашува од каде дошол и зошто, и каде ќе заврши.

Да заборавам сè! Вие сте виновни со вашата филозофија, со вашата култура, со вашите безобразија; ве мразам, но не треба да се плашите; ништо нема да ви сторам. О, мисли без чин, без смелост, што се задевате со мене!

Ајде, ослободете ме од неработење, најдете ми некаква животна цел, ќе ви дадам половина живот. Не оставајте ме да живеам вака распарчен, столчен, скршен!

НЕПРИЈАТНА РЕМИНИСЦЕНЦИЈА

Јосип Бариќевиќ

Поминаа веќе пет години откако исчезна мојот интересен познајник Петар Сачи. Отпатува и веќе не се огласи, како в дупка да пропаднал. Беше убаво момче, со тенка става, со црна коса, црни очи и мустаќи и пријатен тенор. Беше сиромашен, се школуваше главно со сопствени пари, страдаше многу, преживеа огромни маки, а да биде неговата несреќа уште поголема – беше и сентименталeн. Во него биеше одлучен, горд и челичен дух, а се одликуваше и со цврста снага и жилава волја, толку ретки кај нас.

Бидејќи живеевме во ист стан, имавме можност често да разговараме и по десетина месеци дружба нашите пријатели и познајници веќе нè сметаа за „неразделни“. Неговиот дух и начинот на размислување беа еднакво пријатни како и неговиот надворешен изглед. Беше од оние луѓе со чуден и редок нарав, кои не ни

здосадуваат ни кога молчат долго, ни кога не нѐ разбираат, па дури и кога ни противречат.

Петар Сачи остави неколку свои ракописи кај мене, од кои за најинтересен го сметам оној со наслов *Непријатно сеќавање*.

Бидејќи мојот драг пријател Сачи имаше мошне ситен и дробен ракопис, а освен тоа беше испишан со молив, кој наместа се беше излижал и изгубил, морав да вложам огромни напори за да го прочитам и да го препишам.

Ракописот *Непријатно сеќавање* потекнуваше од периодот кога Сачи престојуваше во виенскиот универзитет и буквално гласи вака:

Во мојава огромна, но празна и пуста, таванска соба е темно и влажно, како во моите слаби гради. Го затворам расклатеното и трошно прозорче, го прекривам со стариот и излитен капут што обично го носам надвор и така ги спречувам дрските јулски зраци да продрат во мојот стан. А и не ми е пријатно да гледам низ него во морето потемнети покриви и тмурни оџаци што спокојно и мрзливо испуштаат чад во врелиот воздух, чад што ме потсетува на желудникот во своите најдобри денови... Од намуртените ѕидови во мојата соба избива неиздржлива, задушлива спарина, правејќи влагата да мириса уште покисело и поостро од вообичаено. Длабоко под мене, пет ката подолу, во длабочина од осумдесет и шест камени скалила, преку правливата улица бучат тешките трговски коли. Тоа до мене допира како слабо и рапаво зуење на осино гнездо. И силните удари на крупниот чевларски чекан, што допираат до

мене низ тенкиот ѕид што ги дели нашите станови, во моето уво звучат тенко и придушено, како отчукување на ситен џебен часовник. Едно мало делче од прозорчето не сум успеал да го прекријам и низ него се пробива сноп светлина, тенок како малото прсте.

Тој сноп со тивка, речиси неподвижна светлина, ги озарува неколкуте ребра од костурот на змијата, свиткана во клопче, на големата фотографија што ја прикажува мојата сестра, како лежи испружена на одарот, овенчана во пупки од мирта. Со тешко напрегање на зениците ги распознавам контурите на тој сноп. Окото ми е слабо, иако коренот на носот ми е оседлан со две леќи број четири. На моето лице ја чувствувам слабоста, и во коските ја чувствувам сопствената исушеност, а утробата ми е разорена од тапиот беззаб глад, кој со ужасна истрајност ја цица и ја срка сржта на моите коски, силата на моите мускули и моите бедни мисли... Лежам високо во војнички железен кревет; високо, бидејќи подметнав по седум-осум книги под неговите тенки ногалки во случај, ако потонам во безживотен и гладен сон, да не ми срипаат огромните стаорци и да не ми ги изгризат ушите, усните, да не го прождерат месото на моите прсти – пардон – кожата што спласнала под ноктите. И тие мои несреќни книги, тие мои бедни ракописи што делумно извираа и ѕиркаа со толкав срам и тага, како да сакаа да викнат: „Зарем е ова нашата судбина?“ Беа прекриени со дебел слој прав и беа толку излижани по рабовите што мене, нивниот роди-

тел, ме заскокотка топла солза во очите. Мојата здрвена нога се помрднува сама од себе, небаре не му припаѓа на мојот труп, а под мене зашушка сламениот душек што беше дом на бројни и скромни жители, од кои би се згрозил ситиот и чист малограѓанин. Тие ситни, црни и сплескани бубачки со цврста упорност го пребаруваа моето тело за да најдат згодно место за нивниот касај, но нивниот труд е залуден, зашто не чувствувам на кожата ниедно каснување на тие мачители од поткровјето.

Покрај мојата десна страна незаинтересирано ми почива раката. Таа рака посивела како пергамент, а нејзините зглобови избиваат остро како ’рбетот на некој свештеник во целибат, кој со грчка еротика му се подбива на Јехова. Раката ми станува одвратна и го тргнувам погледот од неа... На масата, од која веќе се тргнал снопот светлина и со свилен сјај ја озари мувлата на ѕидот, расфрлани лежат разни учебници со испишани и празни хартии, а на подот се згрчил и се стуткал еден весник во кој – чудно! – на едно место се зборува за самоубиството на неговиот „вреден, грижлив и заслужен“ соработник што си го одзел животот поради причина што весникот не ја знае или ја крие – од глад поради немаштија... Нешто гласно ми зазуи во главата, пред очите ми се појавуваат треперливи, црвеникави точки, а црни мисли жестоко и заглушувачки гракаат и ја колват мојата свест... „Кога би дошол некој, кога некој од пријателите би донел...“, и моите чувства стануваат сè потиштени и помачни.

Преку моите зеници се разлеале солзи и ми се причинува дека црвените точки се шират, се стопуваат и се разлеваат, претворајќи се во крв и ситни искрички што цвичат со упорен и едноличен звук: „леб, леб...“ И си помислувам, ова е последното напрегање на инстинктот, мојата единствена мисла, мисла од скриените и неизмерни длабочини, мисла на ослабените милиони, кондензирана во еден целосен очаен крик, последен, нем крик на страдалник и гладен човек, кој во својата ужасна немост е толку моќен, што пред неговиот последен поглед речиси нависти на се исполнува со крв и со искри.

И ги подавам рацете и ги стискам тупаниците, но тапата болка што прострујува низ моите исцрпени мускули ги притиска со оловна тежина, а овие паѓаат на истото место на кое почиваа до пред малку... Веќе не можам ништо. Усните ми се грчат во грозна, нечујна пцост што никогаш не ми се видела побесмислена, потрагична и толку залудна... Гладот добива нејасен облик на сениште што го чека крајот... Не помислувам на тоа дека бладам, туку гледам низ спуштените трепки како сеништето се распостилало по сето она живо и мртво во мојата соба, тоа... гладот што трепери на сувите муцки на моите состанари – стаорците... гладот што го чувствуваш во мрзливоста на истоштените стеници... гладот што се клешти од белите содржини на жедните страници... гладот што пишти завиткан во стуканиот дневник, што се засркнува од сивата, ковчеста смеа на мои-

те раце... гладот, гладот – тој проклет, убиствен глад, што се скрил по темните ќошиња и се прилепил за влажниот, мувлосан sид, го притиска моето кутро тело, го дави мојот мозок, ја гори мојата утроба со киселиот желудочен сок, со незаситна алчност го голта здивот од моите гради... и кашлам, тешко и мачно, како да ја искашлувам сопствената душа, а во градите чувствувам топло и слатко откинување, откинување без болка... Привидението продолжува: Тенкиот змиски костур како нагло и едвај чујно да засаска, а неговата глава, без долната челуст, како да се забоде со своите два празни и остри заба во мртвите усни на сестра ми...

Кога ја затекнав таа отровна змија на каменото приморје, беше цврсто заплеткана околу телото на едно врапче што се грчеше со последните сили и придушено цвкаше, развлечено и безнадежно. Кога го зедов и го ставив на дланката, неговите мали очиња беа полуотворени, а од нивниот нежен и веќе смрзнат сјај зјапаше убавата и мала смрт... смрт... Змијата го уби врабецот, јас ја столчив змијата, мене ме убива гладот, а гладот ќе пропадне во смртта... во смртта! И во тој миг бев цврсто уверен дека таа ме совладува, дека немоќното и трагично бладање е знак за нејзината непосредна близина, дека ќе се губи уште извесно време во бесвест и дека најпосле таа, семоќна во своето разорување и уништување, со својот леден здив ќе ми го згасне видот и ќе ми го олади организмот. И свеста, разбранувана од гладот и од страдањето, постепено ќе стивнува и ќе се губи... уште

една помисла, кратка и моментална, како далечен блесок и потоа – ништо, пусто, не чувствуваме и не помислуваме на ништо...

* * *

Тешките веѓи полека ми се одвоија и гледам: на мојата маса гори газиена ламба, над мене стои познато, брадесто лице со груби црти и мек, милозлив поглед. Воопшто не се чудам, туку само со тапа рамнодушност се обидувам да се сетам чие е тоа лице... Види, тоа е мојот сосед од поткровјето, чевларот... штом ги отворив сивите потечени очи, неговите груби црти се разиграа во радост и насмевка. Се наведна уште пониско над моите образи и почна да ми зборува:

„Долго спиевте. Вие, кутро момче, сте многу, многу болен... Да не бев јас и овие мои капки“, во раката држеше шишенце со рум, „којзнае дали воопшто ќе се разбудевте... Ѝ реков на жена ми: Слушаш ли, Маријо; нашиов *студент* уште во вторникот влезе во својот стан, денес е речиси четврток, а мене ми се чини дека воопшто не излезе оттаму. И не се слуша никаков шум од станот. Можеби треба да го ѕирнеме? И ѕирнавме, а вие, на тој грозен кревет...

Бевте толку блед и пропаднат, веднаш се исплашив и си помислив: Кутро момче, веќе оладило; треба да се известат властите за неговиот погреб. Но, кога ви се приближив и кога го доближив увото до вашите гради, слушнав бавно, тивко и нееднакво отчукување на вашето

срце. Стори сè што можев, а вие ги отворивте очите: ве спасив.“

Навистина чувствував како нешто пријатно и младо ми струи низ вените, па ги помрднав јазикот и усните за да му се заблагодарам. Бев толку снеможен, што не можеше да ме чуе ни од најнепосредна близина. Но знаеше што ми треба: зачекори радосно до вратата и викна: „Маријо, Маријо... Нашиот студент оживеа“. И сосетката се појави со својата црна престилка до моето зглавје, а во рацете држеше чинија од која испаруваше врела супа со јајца. Ми ја принесуваа до устата во лажица, внимателно и нежно, како на детенце...

За неколку дена веќе можев да се симнам од креветот. Чевларот и жена му се вртkаа околу мене како вистински родители...

Подоцна, оваа мрачна приказна му ја раскажав на еден свој колега, а тој беше толку трогнат што ме препорача кај неговиот станодавец, некојси трговец на големо, кој ми подари мало местенце во неговата продавница...

И со тоа можам да го завршам овој запис.

ВО САМРАКОТ

Фран Галовиќ

Веќе полека се спушташе и самракот, а возот со иста брзина јуреше низ пустите полиња, леташе низ матната есенска магла што мртво лежеше на калливите ораници и ги обвиваше старите, гнили врби, обраснати со мов и наведнати над некое матно поточе...

Лука Иванчиќ седеше во аголот на вагонот, на излижаната дрвена клупа и, потпирајќи ја главата на рацете, зјапаше во подот, сиот исплукан и полн изгазени отпадоци од овошје, остатоци од цигари и пепел... Гледаше во гадниот под, можеби половина час како веќе разгледуваше едно парче згазена цигара, но не го чувствуваше ни смрдливиот мирис ни сета замраченост на маглата, што со својата мртовечка тежина го притиснала целиот крај, не, не го чувствуваше сето тоа, туку се измачуваше со едно прашање што го тиштеше уште тогаш, кога се качи на брод во Америка, прашање што

стануваше сè помачно и пострашно, како што им се приближуваше на своето село и на својот дом. Овде, како наеднаш да му застанаа мислите, како пред очите да му се појави крвава, темна дамка што му го заслепи видот, па не разбираше и не сфаќаше ништо, само на градите му се спушташе сè поголема тежина, што немилосрдно го притискаше и му се чинеше дека ќе му го сопре и отчукувањето на срцето...

По неколку минути малку му олесни, крвавата дамка се расчисти и Лука Иванчиќ пред себе го здогледа сето свое минато, онака јасно како што пред три години му беше и јасен погледот во иднината, кога заминуваше за Америка. А зошто толку цврсто веруваше во таа иднина, зошто сметаше оти жена му ќе му биде верна за сите овие три години, помисли, но веднаш се сети дека тогаш беше ведра пролет, а сега е есен, со оваа мртва магла што толку тромаво и мрачно се спушта на калливите полиња... Ах, колку беше убава таа пролет... Тогаш полињата не беа полни со кал, туку беа зелени, полни со божји благослов... Сè се надеваше на убав род... Иако поседуваше само хектар и пол земјиште, сепак сè беше толку убаво, толку свежо... А потоа дојдоа агентите... И како со себе да донесоа некаква зараза, сите беа опиени од нивните зборови, сите веруваа дека во Америка врие од пари, па веднаш почнаа некои од нив да се врткаат со агентите... И тој реши да појде со нив... Продаде едно земјиште, за да го надомести трошокот за патување, продаде и друго, па купи крава за жена му, бидејќи таму,

во Америка – си мислеше – има пари, па сето тоа ќе го надомести, ќе има и земја и сè што треба...

И замина... Жена му, на почетокот, му пишуваше речиси секој месец, а тој ѝ праќаше, штом ќе заработеше, двесте форинти, за малку да ја прикрпи куќата, да си купи што ѝ е потребно и да биде жива и здрава – така ѝ пишуваше и притоа чувствуваше дека му недостига таму, во туѓина, се сеќаваше на пламените баknежи во полутемнината со кои го опсипуваше, целосно се занесуваше во своите мисли и речиси можеше да го почувствува нејзиниот топол здив, мирисот на нејзиното тело, сета таа млада свежина на нејзините гради – но тогаш го обзедоа лутина и болка по неа, па заминуваше на работа во фабриката и таму работеше како животно – немо и нерасположено, небаре со работата сакаше да го убие сиот копнеж по неа...

И така му минуваа деновите...

Помина една година, а писмата од жена му се проретчуваа. Лука Иванчиќ пишуваше почесто, но одговорите беа послаби и покуси, додека еден ден целосно не прекинаа. Во душата почна да му се раѓа неодреден, матен сомнеж и планираше да појде дома, да се увери за што станува збор – тогаш имаше заштедено петстотини форинти, но во подготовките за заминувањето го затече доаѓањето на еден негов далечен роднина, кој му ја откри целата вистина. Дури и денес на Лука Иванчиќ му запираа мислите, а по нив го обземаше тапо чувство, кога ќе се присетеше на зборовите што му ги

скршија животот и волјата, кога ќе се присетеше како му раскажа роднината – дека жена му се сплеткала со некој студент што се вратил во родниот крај за празниците, а по неговото заминување се дружела наоколу со секакви... Најсилно го здоболе кога роднината му раскажа дека некој крчмар од блиското село ја повикал да му ја води крчмата, а таа прифатила, па како таму за Прочка почнале да ѝ вршат притисок, па ја истепале зашто не сакале да танцува со гостите, а крчмарот, потоа, ја затворил во некоја собичка за да ја одбрани од нив и – тука Лука Иванчиќ воздивна и ја стисна вилицата, по што се загледа во мрачниот и сив пустош што го опкружуваше од сите страни...

А потоа чувствуваше одредена омраза кон неа и беше исполнет со задоволство што таа сега чмае, затворена поради чедоморство... И самиот би ја клоцнал со нога како шугав пес бидејќи го предаде, го изневери него, додека ѝ праќаше пари што таа ги трошела со други...

Зошто сега тргна дома, да живее и да се измачува оставен во самотија... Можеше да остане во Америка и да заработува, па да го троши заработеното на забава, како што стори со тие петстотини форинти што ги беше заштедил...

Тоа прашање го измачуваше, но наеднаш пред него се појави уште едно: зошто замина во Америка, зошто ги остави својата земја, својата куќа и својата жена? Ако не заминеше, жена му немаше да стане неверна, не би лежела сега в затвор, би биле задоволни, би работеле, како што си работеа и претходно, и би живееле...

Лука Иванчиќ размислуваше кој е виновен во целата ситуација, а во тие мигови пред него се појавуваше таа златна Америка, го слушаше шумот на фабриките, ја гледаше сета забрзаност, сиот копнеж по пари и се стресе, затрепери – и тогаш се слушна остар свиреж... Стигнаа на железничката станица...

Потстана, како да носеше тежок товар на плеќите, и излезе од вагонот.

* * *

Настапи целосна ноќ и сите магли исчезнаа во темнината, како да се споија со темните облаци, од кои паѓаше студен дожд, во еден ист мртовечки покров што ја прекрил калливата, изгазена земја.

Лука Иванчиќ чекореше покрај гробиштата и, кревајќи ја главата, ги забележа темните сенки на големите јаболкници што стоеја и ги подаваа гранките во височина, допирајќи ги облаците, како мртви стражари на напуштените гробови...

Се сети дека на тие гробишта почива и детето што таа го задавила и помислата го пренесе од очајната немост, што владееше со него откако излезе од вагонот, кон чувство на страв, па ги забрза чекорите и стигна во селото... Сè беше мирно, никаде светло, сите спиеја и тој се движеше како сениште, уморен и мокар. И најпосле стигна до својата куќа...

Беше мрачна и тивка како гроб. Влезе во дворот и ја напипа влезната врата на куќата

што беше заклучена. Седна на прагот под стреата, како просјак, и почувствува како некој да го удира по темето, а тој не може да се помрдне, да се одбрани... Седеше така долго, а најпосле почувствува дека му студи... Стана, појде до шталската врата и, поттурнувајќи ја малку со рамото, ја подотвори и се протна до малата вратичка на кујната, напипа дрва покрај огништето и почна да ложи оган, откако извади чкорчиња од џебот... По извесно време, почна да се извива бел дим и дрвото почна да потпукнува, а потоа пламна и оган со долги пламени јазици, осветлувајќи ги зачадените полици и жолтите ѕидови...

Лука Иванчиќ гледаше во огнот – без мисли – седејќи покрај огништето, долго, како да беше полужив, а кога огнот почна да згаснува, во него згасна и последната искра волја и сила, и солзи почнаа да му капат на образите...

Надвор завиваше ветрот, истураше дожд од темните облаци, а во огништето полека гаснеше последната искра под пепелот...

ДВАЈЦА ОРМАНИ

Никола Шоп

Насетувам распад на предметите.

Затоа мора да се соберат сите, да се симнат од полиците, масите и сталажите, и тоа што побрзо.

Да се симнат од ѕидовите, да се извлечат од орманите и ковчезите, па да му се продадат на старинарот за ситна пара. Кај него нека ги снајде злата судбина, а не во нашиов дом, каде што мирно си живееја секогаш исчистени и избришани.

Каде што потемнетиот орман во одреден утрински час и во недела наеднаш ги шири вратите, заплиснувајќи нè со свежината од облеката што издишува белина од него.

Каде што нашите две лажици го ѕвекнуваат, а двете чинии го одѕвонуваат скромниот ручек, чекајќи, потоа, во празниот мијалник да ги измие млазот вода.

Каде што некој предмет, изморен од вековниот молк, ќе појави копнеж по својот звук и,

кога никој нема да гледа, сам ќе падне од масата или ќе се откачи од ѕидот, за еднаш да се чуе себеси – или во ѕвонливо распрснување, ако е кристален, или во тап удар, ако е дрвен.

Влегов и ја повикав мојата верна половина. Сакав да се договорам со неа што ќе правиме со предметите. Никој не се одзва. Ѕирнав во кујната. На чинијата, спуштена под славината, рапаво капеше вода.

Каде ли се изгубила? Не ја најдов во собата, ни во дворот. Сигурно, како што често прави, заминала некаде по работа и не ми се јавила за да не ме прекине во размислувањето. Ќе се врати за извесно време, бидејќи ќе ја донесе будноста што деновиве не нè напушта, ни дење ни ноќе.

Останав дома со предметите. Се спуштив во една чкрипава фотеља, од чиј искинат грб ѕиркаа остри праменчиња слама. Погледнав околу себе и ми се причини дека предметите оживеале и тајно ми се доближуваат. Не беше тоа лажливото поигрување на светлината и сенките, како што обично се случува, кога од аглите отпаѓаат и се прекршуваат зраците на западното сонце, а од орманот веќе се истура мрак по собите, уште пред да настапи самракот.

Секоја куќа си има свој мрак пред оној што ја прекрива земјата.

Бидејќи седев навален, под лактите ја сетив својата работна масичка, толку ненадејно, небаре пред малку не беше присутна. На неа се наоѓаа неколку ситни предмети без кои таа не би можела да се нарече работна маса.

Некако вечерва ми е необично потчинета. Не се помрднува, не чкрипи како порано, кога бдеев и пишував седејќи над неа.

Од дното на собата слушнав крцкаво отворање во мракот. Пак тие. Пак тие два стари ормана, што секогаш во исто време ги отвораат еден кон друг своите расклатени врати. Што ли сакаат?

Да бев куќен слуга, оној чистач и редач на предмети. Оној бришач на замаглеността на стаклата или оној што им го враќа сјајот на потемнетите агли и врвови.

Да бев тој скромен и молчалив слуга, кој на секој предмет му се приближува толку блиску, за неговата избистреност повторно да ја замагли со својот здив и заминува, мислејќи дека сега блеска.

Да бев тој носач на метли и крпи, би го знаел нивниот разговор, како што волшебниците и старите овчари го прислушувале немиот јазик во тората, на ливадата и меѓу крошните.

Или, барем, да беше присутен тука некој слуга. Ќе му речев да ги повика сите наши предмети за да се договориме и да се спогодиме со нив. Или нека појде до секој од нив и нека им шепне дека на домаќините и на целата покуќнина им се заканува неминовна опасност, бидејќи денот станал превртлив и озлобен.

Нека им докаже на сите дека дојде време за разделба.

Би можел, најпрвин, да им каже на тие два ормана дека домаќините решиле да ги остават дома. Ако му се пожалат на слугата дека не е

фино што ги оставаме токму сега, по нивната долгогодишна и верна служба, тој нека ги утеши дека баш сега ќе имаат служба, почесна од кога и да било. Кога гонителите ќе наидат на орманите и кога ќе јурнат да ги отвораат, орманите ќе се опираат, ќе ги држат цврсто заклучени своите врати, ќе чкрипат, ќе квичат под ударите, ќе svечкаат и ќе тропкаат со својата внатрешност, небаре во себе чуваат секакви скапоценост. И кога налутените гонители ќе ги опфатат со огромните раце, обидувајќи се да ги соборат, ќе се држат пркосно и неподвижно и долго ќе ги спречуваат да ја продолжат својата потера по избеганите домаќини. Најпосле, ќе го испуштат својот здив под налетите на секирите; искршени и мртви, сè уште ќе им пркосат со својата празнина.

СМРТТА НА БЛУДНИЦАТА МАРИЈА

Мирослав Крлежа

Се случи тоа во една култура, нека ни прости господ, таква каде што сличните настани се споменуваат во печатените хроники како нешто што едвај вреди да се спомене. Истиот ден, кога весниците јавија дека во тој и тој хотел се отрула малата блудница Марија, цели страници на дневниот печат беа исполнети со дочекот на неговото величество Кралот Скијавони, со фудбалски натпревари, со измамите во министерствата, па така смртта на малата блудница Марија не инспирираше ниеден новинар да ѝ посвети неколку реда и со тоа, за барем дваесет и четири часа во вртоглавото лудило на настаните, сензациите и блефирањата, да ја сопре сета онаа болка што го распарчуваше скромниот субјект на невината девојка.

Марија се отру рано наутро, околу четири часот, и нејзиното офкање низ затворената вра-

та го слушна хотелскиот слуга што се качи на третиот кат да го разбуди гостинот од собата број осумдесет и еден, кој сакаше да отпатува рано со утринскиот брод. Тогаш, кога слугата го слушна офкањето на отруената девојка низ заклучената врата од нејзината соба, тогаш веќе беше предоцна за каква и да е помош, бидејќи желудочните киселини веќе се беа споиле со отровот и веќе не можеше да се преземе ништо од човечка гледна точка. Но, неколку часа претходно, кога несреќната и уплакана девојка тропна на вратата на архимандритот со број седумдесет и четири, тогаш сè уште беа отворени сите можности и, така ни се чини, дека не е претерано ако тврдиме така, целиот несреќен живот на девојката лежеше во раката на архимандритот како порцеланска фигура, а таа пијана мечка ја држеше во својата шепа и ја скрши, а потоа му го заврти газот на светот и простачки почна да 'рчи, поддригнувајќи како прасе пред кое паднала роза. Но, бидејќи немаме намера да пишуваме пуританска теза за овој настан, туку би сакале да дадеме извештај според нашата хроничарска должност, треба да ги поставиме сите тие настани пред читателот во одреден редослед, горе-долу, исто како што (сосем независно од нас) се одвиваше тој заплет.

Значи, беше доцна ноќе. Хотелот спиеше и патниците од последниот вечерен брз воз се смирија по своите соби како по кабините на пароброд, кога се слуша само стенкањето на машината и светилката трепери на првиот јар-

бол. Од длабочината, од пивницата, допираше музика, но придушена, како под стаклено sвоно; на дното од долгите ходници, покриени со мек килим, светкаа засенети ламби, а одвременавреме ќе зазуеше лифтот и одново ќе настанеше тишина, а по непознатото застанување пак ќе се огласеше лифтот, долго и еднолично.

Архимандритот, едно човечиште во бунда со крзнена постава, со крст полн со скапоцени камења околу вратот, закачен на огромен златен ланец, не беше толку пијан и не заборави (затворен во стаклената кутија на лифтот со момчето во ливреја) да се сети дека е можно да пукне синџирот од лифтот и да се струполи надолу со неговите сто и осумнаесет килограми. Еднаш, пред многу години, имаше прочитано во весниците дека некој лифт паднал заедно со сите луѓе во него и оттогаш не го напушташе таа непријатна мисла, па затоа среќно издиша кога момчето во ливреја му ја отвори стаклената врата и кога под нозете ги почувствува металниот праг и цврстата бетонска конструкција. Архимандритот, кој живееше во трособна соба под број седумдесет и четири, беше брадест и сед човек, со мрсна разбранувана коса, како класична појава на православен свештеник (кого Мусоргски го гледа во благ хумор, а за кого Демјан Бедни пее како за пајак со расцветан нос и ќулавка). Ја отвори влезната врата. Мрмореше полугласно некаква кафеанска песна, ги соблече крзнената бунда и мантијата со постава од црвена свила и, со тегоби во стомакот, наведнат и поддригнувајќи, со

дебелите рачишта ги собуваше чевлите. Падна тешкиот масивен чевел. Првин едниот, па другиот и архимандритот, славниот проповедник, кој цела ноќ пиеше со тројца министри, седум измамници, провалници, некои мрачни појави, кои сите наздравуваа во името на Кралот и на Државата и разговараа за милиони и за крв, архимандритот, славниот пијаница, се замисли дали да извади сода бикарбонат од својот куфер, да лапне една-две лажици и на тој начин да ги спречи непријатните нагони во устата. Во тој миг, се огласи тропање на вратата. Се зачуди што некој тропа на неговата врата.

Првин си помисли дека е некаква грешка. Кога тропањето се повтори и потраја, стана да отвори, облечен само по гаќи и дебели волнени чорапи.

Пред вратата стоеше девојка, слабокрвна, гологлава, во свила, а лицето ѝ беше позеленето. Трепереше како да е во смртен страв.

„Што е? Нешто сте се збуниле, госпоѓице!“

„Не, не сум! Ве молам! Не сум се збунила! Живеам тука, покрај вас, во седумдесет и тројката! Сакав да дојдам кај вас уште пред вечерва! Ве молам, заради бога ве молам, се работи за живот и смрт!“

„Па, добро! Добро! Разбирам! Потивко, само потивко! Зошто сте толку вознемирена? Нема потреба од тоа! Ве разбирам! Молам! Повелете! Влезете!“

Девојката се втурна во собата; се довлечка до столот и само клапна на него, гласно липајќи. Нејзиниот плач беше толку грчевит, што

архимандритот застана и, полугол и по чорапи, со наметната мантија на себе (а сепак му се гледаа гаќите и гаќниците врзани за зглобот), никако не можеше да процени дали тие солзи се вистински или лажни.

Ако лаже, вешто го прави тоа, секоја чест – мислеше во себе и ја гледаше девојката со одреден сомнеж. А бидејќи тоа потраја и се чинеше дека времето запрело, а девојката забележа дека архимандритот не се поместува, се фрли на подот и на колена доползи до свештеникот. Таму одново заплака, пред неговите нозе.

Присуството на младата и намирисана жена, мекоста на нејзината коса, свилата преку која се насетуваше топлото тело, сето тоа ја распламти крвта во пијаницата и гласот му затрепери во грлото.

„Дете мило! Мене не ми е јасно сето ова! Не можам да разберам! Смири се! Сега е ноќ! Сега се слуша и паркетот кога чкрипи! Каква смисла има ова, вака...?“

Девојката беше мошне млада, едвај да наполнила седумнаесет, и плачот ѝ беше детски плач. Никако не можеше да дојде до збор од солзите. Архимандритот ја помилува по лицето, го почувствува огнот од нејзините образи на својата дланка и се сврти, појде до мијалникот, наполни чаша вода и ѝ ја донесе на девојката да се напие.

„Соземи се, дете! Ајде, соземи се! Што значи сето ова?“

„Господине! Драг мој господине, оче! Ве молам, се плашам, се плашам, би сакала да се

исповедам, ме фаќа страв, болна сум, господине!“

„Јас да те исповедам тебе, дете? А како да те исповедам? Зошто?“

„Вечерва видов дека излеговте и чекав да се вратите. Се плашев! Би сакала да се помирам, господине, оче, да се помирам со мојот живот! Страв ми е! Ќе полудам! Ќе умрам! Се плашам од Бог!“

Архимандритот, женкар и пијаница, не веруваше во господ. Уште од бухнеровско-дарвинските гимназиски денови целата таа натприродна надградба за него остана дефинитивно разурната, а бидејќи подоцна животот го носеше наваму-натаму, сето тоа во него остана разорено и живееше во свештеничката одора како неверник и циник. Бдееше по занимање над моштите на легендарните светци и цареви, а кога ќе се опиеше, се подбиваше со нивните костури, плукаше по иконите, кршеше шишиња од распетието, повраќаше во ризницата и лажеше во црквата. А сега, ете, му дојде, доцна по полноќ, една блудница, пијана жена, која сета мириса на коњак и на ракија, му плаче пред нозете и сака да се исповеда. Му дојде да се насмее, со својот здрав и длабок бас да се насмее толку гласно, што сите гости и патници би истрчале од своите сопчиња како да е бродолом и небаре хотелот тоне. Бидејќи младата и непозната жена пред него клечеше со наведнат врат, се спушти до неа и со рутинско движење на стар отец душогрижник почна да ја милува по косата, по главата, по темето, по затилокот, па под затилокот, по

жилите обраснати со ситна мов и по крајчињата, па раменатa, по вратот, по грбот, мала птичка, кутрото тоа несреќно девојче што плаче, што се плаши од господ, што се исповеда.

Девојката плачеше, ја зари главата во мантијата со црвена постава и зборуваше за некоја банална, секојдневна случка: како татко ѝ се опивал, како мајка ѝ по цели ноќи шиела на машината, како избувнала војната и таа сега гладна скита по градовите и веќе нема сили да продолжи понатаму. И повеќе од јасно е дека веќе не може и, стравот пред неопишливата архитектонска тежина на постојната метафизичка надградба, на некој извесен небесен поредок, што таа никако не знаеше како да го опише и постојано мошне неинтелигентно го нарекуваше „божји суд“, значи, стравот пред тој поредок и свет, сето тоа ја фрлило ваму, пред нозете на архимандритот, да се исповеда, да ја симне тежината од себе, да умре чиста. Веројатно, во нејзиниот седумнаесетгодишен организам, напоредно со тоа се појавуваше и силниот и неискоренлив порив за длабок и здрав живот, но и неизживеаноста, и дека тоа, тропањето ноќе на вратата на еден сосед, беше чин на давеник што очајно ја подава раката за спас, како последен беспомошен сигнал.

И навистина, во еден миг изгледаше дека архимандритот, сепак, ќе го сфати тоа и активно ќе се вложи за да ја извлече моралната давеничка од тоа давење. Но, пред сè, очајната наместеност на самата фабула, очајно голата баналност на животот на една мала, велеград-

ска и непозната блудница, присутноста на жената како таква, па уште и силното испиено вино и пробдеаната ноќ, сето тоа во него му се причини длабоко лажно и под површината се раздвижи пијаниот дебелокожен носорог на сладострастјето и нагонот, па го крена расплаканото девојче во своето крило, како раненик во повој. Го милуваше тоа очајно и несреќно дете, го галеше со раката, ѝ зборуваше за Бог кој, како што се чини, е добар и вечен, и како тој веќе слушнал за илјадници и илјадници случаи што се слични на нејзиниот, и дека не постојат грешни и негрешни луѓе, туку дека пред бога сите луѓе се еднакво грешни и, како што заповеда Бог, дека треба да се живее, само да се живее, и живеењето не е грешно туку свето, мудро, дека е единствен спас. И архимандритот зборуваше така за Бог, чувствувајќи ги под месарските рачишта женските листови, бедрата, подвеските (тие проклети модерни подвески, што се подврзуваат под појасот), ги сркаше нејзините солзи, ја смируваше и најпосле, во собата настана тишина.

Сѐ уште беше мошне рано и низ завесите се пробиваше првата модрикава светлина на денот кога архимандритот се разбуди од тешкиот оловен сон. Надвор, во ходникот, викаа луѓе и се слушаа гласови, па тој сиот во бунило седна во постелата и ја подаде раката во темницата за да ја напипа жената покрај себе.

„Ја нема. Да не ме ограбила!“

Изморен, замелушен, во полусон, ја подаде раката кон ноќната масичка, а кога под прсти-

те ги почувствува својот ланец и скапоцениот крст со брилијанти, како и златниот часовник во кутичето од елово дрво и паричникот, се сврти од левата страна на десната и гласно продолжи да ’рчи, небаре сите овие движења му беа несвесно месечарство.

Надвор, во ходникот, се слушаше страшна врева поради девојката што се отрула во блиската соба. Некој им пиштеше на гостите да не викаат толку.

„Пс-сст! Потивко! Гостите спијат.“

БАРАКА ПЕТ Б

Мирослав Крлежа

Грофот Максимилијан Акселрод, комтур[4] во Сувереиот малтешки ред, стана јоханитерски[5] витез на правдата, во целосна свечена одора со сребрен крст, на свои четиринаесет години. Наместо шеснаесетте благородни и витешки предци од линијата на својот господин татко и својата госпоѓа мајка, потребни за да се добие чинот на висок достоинственик од високиот Малтешки ред, грофот Максимилијан Акселрод во својата лоза броеше дваесет и осум перјаници и шлемови, под кои веќе вриеше сина крв, па кога великиот приорат на

[4] Висок чин во витешки ред, командант.

[5] Редот на Свети Јован (познат и под други називи) е христијанска организација што се грижела за сиромашните, болните или ранетите поклоници што заминале на аџилак во Светата земја. По Првата крстоносна војна, организацијата се претворила во верски воен ред со сопствен устав, чија задача била грижата и заштитата на Светата земја.

Сувереиот малтешки ред ги испрати во кабинетската канцеларија на Неговото Височество скапоцените повелби со златни печати на високите и највисоките прогласи, тоа беше огромен настан што ретко се случуваше во светов.

Грофот Максимилијан Акселрод за време на целиот свој живот имаше само една идеја – за своето високо малтешко начело Pro Fide[6] да го извлече мечот, да се наметне со својата црна пелерина што му паѓаше во тешки набори и да јурне во смрт, со чисто и јуначко чело. Кога за првпат отпатува во Ерусалим, заплака горко на мермерот од црквата Света Марија, растажен зашто ја немаше таа огромна среќа тука, пред осумстотини години, да ги остави своите благородни коски со големиот Готфрид Бујонски[7] или, ако веќе не му било судено тоа, тогаш барем да се родеше триста години подоцна, кога топовите грмеле на Родос и на Малта. Ама не! Тој беше фрлен ваму, во овој дел од глобусот, во една кукавичка и глупава доба кога благородните писатели стануваа некакви социјалистички агитатори и ја бунтуваа сиромашната раја за први мај, кога најголемиот војнички настан е некој редок маневар каде што се стрела на слепо, но и тоа е слабо, бидејќи некојси министер за финансии и некакви „смешни“ собранија викаат на сите страни дека војската чини многу пари. Фуј, ова идиотско време на парни локомотиви, кога сè е положено на своите шини, и

[6] (лат.) За верата.

[7] Годфрид Бујонски (1060-1100), еден од водачите на Првиот крстоносен поход.

на таканаречената социјална, односно социјалистичка демократија, кога благородните малтешки витези се срекаваат по хотели носејќи граѓански шапки, а и двобоите се укинати со закон.

Грофот Максимилијан Акселрод така залудно тагуваше цели шеесет и три години, кога едно утро се разбуди и се чувствуваше како да сонува. Слугата му предаде депеша од приоратот на високиот Ред дека е прогласена мобилизација и дека Сувереиот малтешки ред, според својата највисока традиција, ќе го забие копјето со знаме во име на големото мото „Pro Fide“ и дека некаде надвор, во царскиот простор, ќе распостеле шатори и ќе организира болничка служба. Така, грофот Максимилијан Акселрод стана шеф на големата малтешка болница што се состоеше од четириесет и две огромни дрвени бараки, со сопствена електрична централа, цел комплет сестри од Црвениот крст и многу други нешта. Војските се движеа сто километри на исток, па потоа двесте километри на запад, па потоа пак на исток, од една воена сезона до друга, и тоа беше војна, па така и грофот Максимилијан Акселрод патуваше со својот малтешки циркус од исток кон запад, од Станиславув до Краков и обратно, две цели години, а сега е август илјада деветстотини и шеснаесеттата година, сонцето грее со своите четириесет и девет степени според Целзиус, а ситуацијата е напната и сериозна.

Болницата е полна со илјада и петстотини пациенти и се чини дека Русите ќе ја пресечат

железничката линија лево и десно и дека господинот гроф, великиот малтешки мајстор, за две недели ќе биде во Москва. Попладнето стигна депеша дека Русите навистина ја префрлиле линијата северно, меѓу двете станици, но дека болницата треба да остане бидејќи во тек е противнапад. Тоа дека Русите ја пресекле линијата на север значеше дека сите видови превоз на таа линија почнале да се движат кон југ и на тој начин, се разбира, дојде до железнички карамбол (седумдесет и двајца мртви, еден куп ранети) и до тоа сите возови да останат без резерви храна, па ранетите веќе петти ден врескаат без вода и ги хранат со (ох, не смејте се, вистина е!) апчиња против глисти, а сите железнички станици на линијата беа во хаос и грофот Акселрод мораше да прими уште петстотини пациенти. Токму тој ден беше најтоплиот ден во целото лето, па сонцето формално ја здроби земјата со својата огнена маса и се чинеше дека некој фрлил запалена вар на дрвените бели бараки и сите бараки се запалиле. Штиците се виткаа и пукаа од сувост, па варта од ѕидовите се лупеше како старечка кожа, а листовите и лалињата по декоративните елементи венееја и гниеја.

Во групата од петстотините нови раненици, кои грофот Акселрод мораше да ги прими покрај другите, лежеше и Видовиќ, студент, со прострелна рана во градите, па крвавеше. Навистина, никаде човек не може да се извалка како на фронтот, но кога го внесоа Видовиќ во големата парна бања, нечиста од што беа вал-

кани и пациентите од превозот на ранетите со сточните вагони во август, му се згади.

Една силно нервозна фигура, како што е Видовиќ, да ја внесете од една релативно европска животна форма во таква бања, многу е веројатно дека би добил грчеви и би почнал да повраќа. Но, по сето она што му се случи вчера и денес, по оној пожар минатата ноќ на железничката станица, кога една по друга експлодираа кантите со бензин, па по сите тие апчиња против глисти и вагонот за превоз на свињи, Видовиќ не поврати во парната бања, но сепак чувствуваше гадење.

Во бетонираниот базен бранувaше смрдлива жолта вода, се пенеше сиво-зелена сапуница и пливаа крвави завои и вата. Гнојна вата. Водата испаруваше и смрдеше на кал и на глина, парните тушеви испуштаа силен млаз, а во густата пареа се гледаа црни сенки што трчаа наваму-натаму во маглата, и сите човечки лица беа потечени и крвави, некаде зуеше генератор, и беше августовско пладне. Под тушот, на стаклена маса, умираше еден човек, друг лелекаше подалеку од него, вентилаторите зуеја како невидливи инсекти, а Русите во кафени кошули носеа нов ранет материјал како вреќи, сестрите, ранетите и докторите викаа, сите викаа, сите трчаа, сите ги изгубиле главите.

Видовиќ го искапеа во калливиот и крвав пекол и го внесоа во бараката „Пет Б“, која изгледаше како утроба на огромен товарен брод. Со строгата протестантска уредност, прециз-

но наредени, таму имаше шеесет постели, за секоја по едно тело, а над секое тело имаше етикета, да се знае состојбата на секое од тие тела. Внатрешноста на бараката беше поделена на три групи. Првата група беше за скршени коски. (Коските стрчат како иверки. Луѓето безгласно лежат преку ден. Само ноќе се јавуваат раненициte, измачено и со ослабени гласови.) Втората група беше за ампутираните. (Рака или нога, или и двете. Раните не се шијат, туку се сушат под завоите како сувомесни производи.) Третата група, лево до влезот, беше група за „новодојдените". Тие лица беа само на минување низ Пет Б. Новодојдените патуваа од бањата кон мртовечницата. И кога некој ќе беше сместен во третата група, тогаш целата барака Пет Б веќе знаеше за што станува збор, нов кандидат за смрт, новајлија!

Кога го внесоа ранетиот Видовиќ во бараката и кога го легнаа на креветот број осум, еден Унгарец, огромно човечиште од групата „број еден" (скршени коски), плукна со презир и со прстот опиша крст во воздухот:

„*No hát, Istenem*![8] Овој можеле директно да го носат во мртовечница. *Szerbusz*![9]"

„Дојде нов број осум! Деца!"

„Број осум! Број осум!"

Се разнесе глас низ бараката и многу глави се поткренаа за да го видат новиот број осум. „Вистина е! Сите нив животот темелно ги измачил и ги раскрвавил! Но, пред сè, дури и човек

[8] (унг.) Ох, Боже!

[9] (унг.) Збогум!

да нема нозе, сепак не е број осум! Тој е број дваесет и еден! Или петнаесет!“

„Немам раце! Да! И коската ми е скршена! Да! Но жив сум! Господе Боже! Уште сум жив! Па, кога утре Русите ќе го донесат црниот ковчег и ќе го пикнат во него број осум, фино ќе си го наполнам лулето и ќе гледам како мувите се лепат на желатинот, и ќе си пијам млеко! Па, и тоа е некаков живот! Барем не е судбината на број осум!“

Веќе четири дена се менува бројот осум! Уште изутрината руските заробеници изнесоа еден свој руски колега. Имаше искинати црева и викаше два дена и две ноќи. Пред Русинот тука лежеше некој добар виенчанец, а сега дојде Видовиќ.

На креветот број седум, лево од него, лежеше еден Монгол, Сибирец, со зрно од куршум во главата, и веќе трет ден како викаше во агонија. Викаше нешто, испушташе остри самогласки, но никој не го разбираше и сите мислеа дека е веќе готов, кога пак ќе почнеше да мрда и да вика, а низ преврската на главата му се пробиваше линија црвена крв. На број девет, десно од Видовиќ, умира млад Словак со прострелна рана во грклanот. Му беше пресечен душникот и дишеше на стаклен катетер, па јасно се слушаше како во цевката кркореа плунката, гнојот и сукрвицата.

И така, бараката Пет Б почна да се обложува дека Видовиќ нема да издржи до утрото.

„Го знам нашиот доктор. Кога тој не го става веднаш под нож, тогаш работата е амин!“

„Не е точно! Не би го оставал до утре да беше така! Уште е млад!“

„Оној батко од Виена веќе јадеше ориз и се смешкаше. А ние веднаш бевме однесени под нож.“

„И што? Се обложуваш во шише црвено вино? До сабајле?“

„Прифаќам облог! Шише црвено!“

И така падна августовската ноќ.

Се запалија големите ѕвезди, крупни и блескави, а силниот модар свод, како кристално ѕвоно, ја поклопи целата долина со малтешката болница на Акселрод, па илјадници и илјадници тони вжештени гасови налегнаа на бараката Пет Б и немаше провев ни за лек. Мувите сега спиеја во бараките и веќе не зуеја, а таму некаде во средината на тој перверзен товарен брод, наполнет со човечко месо, гореше зелена светилка и сè пливаше во полумрак. Темница, темница, полумрак, и бол, неопислив бол, кој дење се беше притаил, а сега дишеше со сета сила и избиваше со секое отчукување на срцето. Сега се чувствува секое крцкање и на најситните исечени коски, сега нервите се растресени од шок што од длабочините на луѓето исфрла гласови како што вулканот исфрла лава. Човек ги стиска забите, му чкрипат додека се поти, се пени и ги гризе јазикот и усните, лицето му се исклештило во животински грч, а гласот рика од дното на утробата како од бунар.

„Мама миа, мама миа!“, некој вика на италијански од крајот на бараката.

„Господи, господи, господи!“, стенка Русинот со катетер во цревата, потоа одново мир, зелен мир, полумрак.

Исцрпен од сета изгубена крв, Видовиќ спиеше цело попладне, а сега се разбуди и не знаеше каде е и што се случило и како завршил тука. Слушаше човечки гласови што офкаа, она жежење во раните некако му се беше смирило и како да изгаснала жештината во нив. Измаченият Видовиќ едвај најде студено местенце на перницата. Запечените веѓи му се лепеа, на нив се налеваше глува и тешка тишина, жедта испари некаде, а бараката веќе почна да се растопува и да се раствора во пријатното црнило кога одново низ просторот се разнесе животинскиот рик на отелотворената болка, и тој глас одеднаш ја урна целата зграда на сонот, што беше толку мачно градена некаде на студеното ќоше од перницата, и сега сè се разори во еден единствен миг.

И така цела ноќ, одново и одново.

„Ох! Само пет минути! Само пет минути сон!“

Се чини дека ноќта мора да е длабока бидејќи јасна светлина се излева низ зелените облеки. Надвор стражите викаат, а ползавецот што се искачува по конопот како да потреперува на утринското ветре. Ноќни пеперутки кружат околу светилката и мрдаат со крилцата.

Колку е часот?

Не постои времето! Не постои ништо! Само болката.

„Мама миа. Мама миа. Господи, господи!“

Ах, да можев да отспијам барем минутка! Само минутка!

„Господи!“

Наредното утро, ситуацијата почна сериозно да се менува. Русите рано взори се пробија на југ и на тој начин ја пресекоа последната царска и кралска железничка врска, па возовите почнаа да се враќаат и на машинистите им беше издадена наредба, по што локомотивите летаа во воздух како играчки. Сè беше насукано. Артилеријата, ранетите, сандаците со оружје, големите дивизиски печки со зачадени оџаци, понтоните, коњите; само придушено грмеа детонациите на разорените локомотиви. И цело утро трупите маршираа, па пациентите од малтешката болница од бараките А, Ц и Д (лесно ранети, кои не патуваат на носилки и можат сами да се движат) весело гледаа низ бодликавата жица кон ужасот, каде што се одвиваше повлекување и каде што денес луѓето ќе паѓаат по патиштата од сончаница, а ним, еве, сепак им е колку-толку подобро. Стоеја таму, под Црвениот крст, и никаде нема да ги тераат да одат, а ако дојдат Русите, пак ќе ги превезат некаде далеку, во руски болници и логори, и таму пак нема да има војна, и ќе останат живи и здрави и војната, на свој начин, за нив ќе заврши уште ова утро. А војната да заврши што порано – тоа е единствената мисла во главите на ранетите.

Грофот Максимилијан Акселрод, шефот на малтешката болница, испрати отмен женски персонал (две-три бароници и една гене-

ралка) со автомобили, а самиот реши да остане со своето малтешко знаме до последен миг во таа опасна ситуација. Звонеше звоното на мртовечницата, а грофот Акселрод, во својата црна одора со малтешки крст, чекореше како и секое утро по бараките и ги гледаше жолтите голи трупови што Русите ги носеа во шумата; а Русите ги носеа мртовците, па уште и го поздравуваа грофот и му симнуваа капа до земја.

Би можело да се рече дека последниве дванаесет саати болницава многу се испусти.

Така е! Вистина, вчера беше необично нервозен ден. Сонцето ги печеше сите глави, а алармантните вести, и депешите, и минираните локомотиви, сето тоа влијаеше на расположението! А и оние дојдените целосно го нарушија куќниот ред на болницата, и по кујните и по амбулантите. Да! Ама денес, кога надвор поминуваат четите и кога сето тоа се гледа како на шаховска табла, кога се гледа како паѓаат фигурите, денес сето тоа повеќе паѓа в очи и изгледа деструктивно. Кога оној санитетски каплар би се осмелил, па уште вчера во тоа време, да пие коњак од големо шише пред екселенцијата? А, ете, забележа дека иде грофот, па сепак си пиеше, како ич да не му е гајле. А тоа што сите пациенти така подбивно се клештат? И што пеат Русите? (Руските заробеници пееја тој ден бидејќи беше православен празник.) Ете! Денес никој не ги полева цветните насади, иако тоа посебно беше нагласено во болничките наредби! И нигде нема никого! Тој е целосно осамен во оваа стихија!

Грофот стоеше како сенка и целиот беше потресен што не чувствуваше сила во себе за да ги постави работите онаму каде што припаѓаа, а и не знаеше што да прави. Не можеше да добие врска со Врховната команда, не ги знаеше плановите, а генералскиот состав на дивизијата пролета со автомобили пред неколку минути и не застана! Затоа грофот ги повика шефовите на одделите во својата барака на седница, да се донесе одлука што да се прави.

Едни беа за тоа да останат педесет проценти од персоналот, а другите педесет проценти да одат; други не беа за тоа, а трети не беа ни за првото ни за второто туку за нешто трето, и тоа натегање траеше толку долго, сè додека конечно не беше заклучено ништо, а процесот беше оставен за „во иднина“.

Меѓутоа, таа „иднина“ настапи веќе околу пет часот попладне, кога стана недвосмислено јасно оти болницата истата ноќ ќе се најде меѓу линиите на фронтот; бидејќи Русите, како што се чинеше, на овој дел од фронтот не држат контакт со нашите трупи. И доколку противнападот во голем стил, кој беше најавен уште пред четириесет и осум часа, не успее (а тоа е многу веројатно), тогаш утре во исто време за малтешката болница одлука ќе донесе некој санитетски референт на некоја руска дивизија.

Така што, сепак, беше донесено решение грофот Акселрод, заедно со хирурзите и најскапениот материјал, како и со половина од персоналот, да се повлечат оваа ноќ на еден селски имот петнаесетина километри западно, таму да

стапат во контакт со некоја поголема група и писмено да се пожали што ја заборавиле неговата болница; небаре е игла, а не е, туку е малтешка болница со илјада и петстотини ранети глави.

Последните пешадиски формации се повлекуваа, а топовите се слушаа мошне близу. Потоа, пациентите веќе ја растргнаа оградата од бодликава жица, седеа по ендеците на патот и разговараа со луѓето што доаѓаа од борбите, прашуваа за „Него“. А „Тој“, тој беше Брусилов. „Тој“, тој беше Русите.

„Каде е *Тој*? Тука ли е *Тој*? Што прави *Тој*? Кога ќе дојде *Тој*? *Тој* е на пат за ваму. *Тој* нема да запре сè до Виена. *Тој* доаѓа.

А трупите беа изморени и жедни, и секој зборуваше различно, и ништо не се знаеше, но *Тој* секако доаѓаше.

Се спушти вечерта и рефлекторите почнаа да шарат по небото, топовите грмеа во далечината, последните чети веќе поминаа, а *Него* го немаше. *Тој* застана поради непознати причини и, толку чудно, како да го задржал здивот, така застанал и стои.

Пред болницата, на три километри, под врбите течеше каллива разлиена вода и таму гореа мостови, тоа јасно можеше да се види, а попреку, на другата страна, таму беше мир и како да немаше никого. Во тоа таинствено време, кога не се знаеше ништо, ни каде е *Тој* ни што прави *Тој*, целата малтешка болница почувствува дека лебди во воздухот меѓу Виена и Москва и дека е многу веројатно поблиску до

Москва одошто до Виена – па некој беше духовит и од резервите го украде првото шише коњак, бидејќи којзнае што ќе биде утре? Руските интенданти се уште попедантни од австриските.

Во магацинот имаше и коњак, црн бургундер, унгарски вина и шампањско, и час подоцна целата малтешка болница беше пијана, виното се точеше низ бараките и се кршеа полни пивски шишиња, бидејќи никој нејќе да пие пиво! Руските заробеници, измамени од блескавата илузија дека сега, или уште утре, ќе се вратат во своите села на Урал, на Волга, почнаа да играат во сите бараки, а кога некој унгарски доктор истрела од револверот кон танцувачите и посака да го совлада алкохолот со барут, настана цела мала битка и престрелка, па истиот тој доктор, поразен, се повлече пред стихијата и со сестрите болничарки исчезна во мракот. Две Германки, сестра Фрида и сестра Маријана (чиј свршеник загина кај Вердун и која секогаш читаше весник), беа затечени во нивните соби и беа силувани, а потоа сè тргна во хаос, луѓето почнаа да ја пијат слободата сè посилно и подлабоко, па се напија до лудило од таа илузија и сè се престори во пијан сон. Секоја ракета, што на неколку минути полетуваше од другата страна на шумата, тие пијани раненици ја поздравуваа облечени по пижами, со шишиња в раце, со дивјачко викање и свиркање, и сè потона во хаос, како на селските забави.

Во бараката Пет Б на ранетите борци им оставаа вино на шкафовите, и сите скршени коски, и отсечените нозе што се сушеа како суво месо, сето тоа прописно се напи, па на постелата на Видовиќ некои Унгарци заиграа ајнц[10].

„Банка, ресто! Ресто, банка“, паѓаа викања, се мешаа карти, се пиеше, а сите лица изгледаа како маски на кинески пирати, изобличени и исклештени, начичкани со ситни заби, па процедуваа низ нив: „Ресто, ајнц!“ Некој ѓавол се качил на таванот од бараката, фати да танцува и почна да паѓа малтер, се чинеше дека ќе го пробие таванот и ќе пропадне некаде. А од бараката Ц се слушаа хармоника, окарина и гусли, таму беа сместени сремци, па местото ореше од песна: „И мама и тато“, па бесното и разуздано скерцо се слушаше до Пет Б, каде што лежеше изрешетаниот очајник Видовиќ, а нему само една мисла му се врткаше низ главата: *Ќе ме оперираат ли? Да ми го извадеа денес сето ова надвор, немаше да крвавам! Каде се? Зошто не ме оперираат? Што се случува?*

„Ресто! Ајнц! Ресто! Банка!“

„*Mert arról én nem tehetek, hogy nagyon nagyon szeretlek*[11], тралала лалала“, некој од ампутираните пее пештански куплет, па покривката за ампутираната нога ја метнал на глава како шапка и кокетно се ниша лево-десно. А еден Италијанец пее иредента, неговиот тенор ечи чувствено – *амор, амор, амор*! Се пее, се пие,

[10] Вид игра со кари.

[11] (унг.) Зашто не знам ништо друго освен да те љубам.

се разлева ракија, па оние што чувствуваа неподнослив скокот и чешање на раните, почнаа да јурат низ бараките со метли, и викаа, сѐ звучеше како менажерија, па се чинеше дека сите тие бараки, како ранети и нечисти слепи кокошки, ќе се соберат и ќе почнат да потскокнуваат на едната отсечена и завиена нога наваму-натаму, според тактот на топовите што сѐ посилно и погласно грмеа од кај железничката станица.

Hände waschen vor dem Essen
Nach dem Stuhlgang nicht vergessen,[12]

почнаа да јодлуваат Тиролците, читајќи од ливчето хартија што го има по болниците на таканаречените три државни јазици. Унгарците не се даваат, па и тие го отпеваат својот унгарски стих по нив:

Egyél, igyál de mindig elöbb mosdjál,[13]

а третиот стих:

Мој раце секогаш пред јадење,
мој раце по секое празнење,

тој трет стих, меѓу хрватските патриоти, не го пее никој, нему само му се подбиваат како на нешто африканско. Еден кусоглед штаерски војник, „ловец“ (кому леќите од очилата му ги

[12] (герм.) Измиј си ги рацете пред јадење, немој да ги заборавиш движењата на крпата во рацете.

[13] (унг.) Јади, пиј, ама секогаш првин рацете измиј си ги.

зголемуваа очите, па зениците му беа нагласени како стаклени шпекули), тој војник ќе пукнеше од смеа. Кашлицата кипеше и вриеше во него, целиот се беше зацрвил, па дури и ќе се задавеше, а сепак кршеше јазик и сакаше да ја прочита таа славна хрватска песна: „Мој раце секогаш пред јадење, мој раце по секое празнење“.

„Ха-ха! Колку е глупаво тоа! Колку е глупаво тоа *мој*! Што значи тоа, тоа *мој*?“,прашуваше на германски.

„Што значи, што значи!? Глупав мајмун. Ништо! Ништо! Штеф, дај бре, кажи му, ти си бил во Грац! Кум! Кум! Шнапс!“

И пијат, и се клештат, и пеат, врескајќи: Вавилон велики! Некој во логорот од италијанските заробеници научил: *Porca Madonna, io parlo italiano*[14], па сега им го довикуваше на Италијанците и им мавташе со рака. *Porca Madonna, porca, porca, porca*, а некој им се подбиваше на Романците со цитат од епидемиолошкото одделение на болницата: „Не плукајте на подот! Ха-ха! *Ştii românește*![15]“

„Браќа мили! Ве молам! Тишина! Ме боли! Многу ме боли“, вика Видовиќ, но гласот му се губи и само кркори, а крв му навира на забите.

„*Te! Mi az? Boli? Mindig ez a boli? Mi az boli?*[16]“

„Тоа е кога те боли, драг мој“, му толкува на Унгарецот еден застрелан Буњевац. „Знаеш,

[14] (итал.) По ѓаволите, зборувам италијански.

[15] (ром.) Зборувам романски!

[16] (унг.) Ти! Што е тоа? Боли? Дали секогаш е „боли“? Што е „боли“?

кога си ранет, тогаш боли! Или си се удрил! И тогаш боли!“

„Што? Дарио? Боли? Ха-ха! Боли! Боли!“

„И мама и тато...“

А топовите се сè погласни, како некој да цепи дрва под бараката.

Големиот противнапад што беше најавен уште пред четириесет и осум часа, навистина успеал и Русите во зората, во еден замав, беа отфрлени далеку назад, со зафатот на двете воени крила. Беа заробени околу петнаесет пешадиски баталјони и неколку топовски батерии, па грофот Максимилијан Акселрод, во придружба на бароницата Лихтенштајн, веќе во девет и пол часот стигна во болницата со автомобил.

Пред сè, се спроведе голема истрага поради силувањето на Германките (кои беа злоставени од Унгарците), околу дванаесет и пол часот беа застрелани седум Руси, а самите себеси си ископале гроб околу триста и педесет забушанти (трахомаши[17], шугави, полово болни, лесно повредени, па сите интерни бараки А 2, 3, 4 и 5, освен оние со температура над 38°C) беа фрлени во борба и веќе во десет и пол часот во болницата одново завладеа трезвениот малтешки ред.

За да го воспостави авторитетот на царското знаме и дисциплината што таа ноќ се чинеше оти е страшно компромитирана, грофот Аксел-

[17] Трахома – инфективно воспаление на очните капаци предизвикано од бактерии. (заб. на прев.)

род заповеда во болницата оваа голема победа од минатата ноќ да се прослави со поворка и со запалени факели. Сите пациенти (без разлика) ќе продефилираат пред црно-жолтиот јарбол со знаме, а тие што мораа да лежат ќе бидат носени од Русите на носилки, како и да е, во поворката ќе учествуваат сите. Така и бидна.

Сите бараки беа поделени на чети и секој доби в раце запален лампион, а поворката ја предводеше еден офицер задолжен за снабдување со храна, кој никогаш во својот живот немаше јавано коњ, но кој sвечкаше со мамузите и ја водеше толпата како режисер. Се насобра поворка од неколку стотини глави во сиви крвави кошули и секој во раката држеше зелен или црвен лампион, па на пепелаво-модрата позадина од зората сите силни бои мошне живо се појавуваа, и сето тоа изгледаше како морничава визија.

Поворката се придвижи.

Внуците на мртовците што палеа на виенските барикади во четириесет и осмата, децата на гарибалдиевите копјеносци, хуситите[18], божјите борци, граничарите на Јелачиќ, унгарските кошутови доброволци, сите сакати, куци, унаказени, преврзани, ампутирани, на патерици, во колички, на носилки, се туркаат, се носат и се буткаат, а спроти нив се извишува огромното црно-жолто знаме, а под него грофот Акселрод во црна наметка со малтешки крст, и до него сестрите болничарки со црвени

[18] Хусит – припадник на чешкото верско и национално антифеудално движење.

крстови и лекарите, и сите пеат во хор: „*Gott, erhalte*!“[19] Луѓето тивко чекорат, со наведнати глави, како да се посрамени и сè уште мамурни од минатата ноќ, и ги носат жолтите лампиони како свеќи на погребна поворка, а еден хорнист се качи на покривот од бараката и ја интонира „генерал де сарж“.

Кога го доведоа Видовиќ од таа срамна поворка назад во бараката Пет Б, гореше од висока температура.

Сè тргна на лошо уште минатата ноќ, а целата барака, разиграна од алкохолот, сега ги чувствуваше последиците со висок потенцијал. Сибирецот од број седум се опи минатата ноќ и утрото веќе беше мртов, односно дури попладнето го изнесоа од бараката и сè смрдеше грозно, бидејќи остави огромна локва крв зад себе. Словакот со катетер од број девет уште се мачеше и се слушаше како дише. А еден Русин страшно викаше, лежеше некаде долу, меѓу Унгарците. Ноќеска сакаше да игра, а сега викаше како луд.

„*Az atya úr istennét, ennek a Ruszkinak! Ruszki*![20]“

„Шшш! Ти, Русине! Што се дереш?“

„И мене ме боли, па си молчам!“

„Сакам да спијам! Мамето ваше проклето!“

„Замолчи, Русине!“

„Псст! Тишина! Псст! Псст!“

Лежи Видовиќ, ја слуша расправијата во бараката и го насетува својот крај.

[19] (герм.) Боже, чувај нè.

[20] (унг.) Боже Господе, аман веќе од овој Русин! Русине!

Зошто се родив, каква цел имаше тоа? Да се родиш во ваква смешна цивилизација, каде што не постои ни жал и каде што сè е оперета. Колку е срамна мојава смрт! Колку е длабоко срамна! Сакав да поживеам и да доживеам! А што се случи? Болница и само болница! Кој збор може да ја открие смислата на оваа болница? Само болници! Веќе две години како патувам само по болници. Декоративна градска болница со господски курви! Манастири каде што умираат туберкулозните! Ги товат со серуми, а никој не верува во тие серуми. Баракиве! Вакви нечисти, смрдливи, вошливи дрвени бараки! Ах, колку е ова жално и гадно!

И од потребата за некакво дејствување, да се помрдне, да сripа, да јурне, да викне на сет глас, Видовиќ сакаше да се исправи, ама не успеа. Остана прикован за постелата. Болката ја надвладеа тревогата во неговите нерви, па се изгуби во магли и почна гласно да офка.

„Пст! Пст!“, се бунеа бараката и болните од мракот.

А болката почна сè посилно да врти по безбројните крвави и отсечени екстремитети на расфрланите тела по целата барака Пет Б. Болката почна да здобива натприродни облици и луѓето почнаа да го повикуваат господ. Господ Бог се повикуваше како последна инстанца, како што и во дворските канцеларии се пишуваа молби до кралот кога веќе ќе се исцрпеа сите други можности.

Некој Унгарец го повикуваше својот Иштен[21]! Да му помогне! Да дојде тој Иштен во големи коњушарски панталони, да испие две-три шишиња црвена биковска крв, па да засвири некој ѓавол со гусли и веќе еднаш или да умре или да воскресне. Вака веќе не се издржува! „Господи, Господи! Господи!“, вика Русинот прosирен и блед како византиска икона и му се моли на рускиот Господ Бог во болјарска бунда, што седи на златен престол во Кремљ, и вика рускиот човек, вика за гласот да му се слушне сè до мајчица Москва, така вика, крши раце, плаче како мало дете: „Господи! Господи!“

Видовиќ си дојде на себе и пак му се причини дека Иштен дојде кај Унгарецот и дека седнал на неговата постела и му дава да пие од матарка, а Унгарецот пие сè пожедно и посилно, пие и гуслите квичат, ах, добро е да се пие од нечија рака под звуците на гуслите! Добро е тоа! Од тоа се спие! И рускиот Господ царски Бог, и тој чекори по бараката во својата богата придружба, и пламнаа иконите и камбаните на Светата Мајчица, а стариот Господ во бела брада и во свилена бунда копаше по руските цревa и на рускиот човек му го извади крвавото зрно куршум и сега е полесно, ах, полесно е, фала ти, Господе, полесно е!

Види мајката! Секој од нив си има свој Бог! Секој од нив си има свој Господ!

И оној Фијуманец (Матта тіа! Матта тіа!), и тој си има свои кардинали и папи и

[21] (унг.) Бог.

римски знамиња, и Русинот и Унгарецот, и тие си имаат свои Господ Богови, а кого имам јас? И мене ме боли! И јас сум застрелан исто како нив! А јас немам никого!

И така силно го заболе Видовиќ што ги крена рацете и ги подаде по некого, рацете му останаа во воздух и почувствува страшна празнина, па нешто го стегна во грлото и заплака гласно.

Ох, да! Сум го видел распнатиот Исус пред нашите крчми! Тој беше вистински хрватски Исус, и сите триесет и три ребра му беа скршени, и градите му беа продупчени, и крвавеше од безбројните рани! А јас никогаш не верував во него! Таков дрвен Исус, на каллив пат по кој се цеди нечиста вода, покрај кого не поминува ниеден пијаница што не го проколнал, таков дрвен хрватски Бог, гол, беден, кому му недостига левата нога, ох, Бог, со војничка капа, тој, нему да му се помолам да ми помогне...

Lieb' Vaterland, magst ruhig sein,
– Wir wollen alle Mütter sein
Treu steht und fest die Wacht am Rhein.[22]

Што е? Зарем сум полудел? Кому се молам? Ме боли! Се молам! Какви гласови се тоа?

Надвор, низ зеленото платно над неговата глава, блескаше жолта светлина и се слушаа женски гласови во мол како тивко рецитираат

[22] (герм.) Драга татковино, можеш да бидеш спокојна,
– Сите сакаме да бидеме мајки
Верно и цврсто стои стражата на Рајна.

стихови. И се слушна како ѕвечкаат кристални чаши! Тивко ѕуни, и гласовите се тивки, но јасни: *Lieb' Vaterland, magst ruhig sein...*

Веднаш до бараката Пет Б се наоѓаше павилјон каде што редовно вечераа докторите и дамите од Црвениот крст. А вечерва на таа свечена вечера присуствуваше и грофот Акселрод, кој ја прославуваше победата со персоналот.

Поттикнат од величественият настан – победата, кога веќе се чинеше дека фрлените коцки не ја дале добитната комбинација, а потоа, сепак, изгледите така прекрасно доживеаја пресврт, и обземен од патриотската мелодија на своите германски госпоѓи, подготвени да занесат во интерес на војната и на војувањето, грофот Максимилијан Акселрод, комтур на Малтешкиот ред, стана и ја крена чашата за да ѝ наздрави на победата. Занесно говореше за победите на Неговото Величество, покрај кого се вее и малтешкото знаме, непоразен и суверен.

„Мои дами! Поручникот Фра Џовани Батиста Чески а Санта Кроче[23], кој со своите очи го доживеа нападот на јакобинците врз овој наш свет малтешки крст, кого јас имам чест да го претставувам тука, тој благороден витез запишал во својата хроника, мои дами: кога Неговата Божественост ќе го дели доброто од злото над згаснатото сонце, во божјата сенка како гарда ќе стојат црните малтешки наметки...“

Видовиќ го слушна ѕвекотот на чашите во павилјонот и го позна гласот на грофот коман-

[23] Џовани Батиста Чески а Санта Кроче (1827-1905), водач на Суверениот воен ред на Малта.

дант и се сети на неговата маска вечерва, кога се спроведуваше поворката со запалени лампиони.

Сум полудел! А сакав да се молам! Ох! А овие надвор си пеат! Навистина! Да живее победата! И тој малтешки витез зборува...

„Што се случува со број девет? Го истргнал катетерот од грлото! Крвави! Сестро!“

„Пст! Пст!“

„Ама број девет крвави! Сестро!“

„Нема никого! Каде е сестрата! Број девет...“

Надвор, во павилјонот, на другата страна од варосаните штици svечкаа чаши, а тука број девет во агонија го беше истргнал катетерот и потече крв. Дишеше тешко, кркореше, како што кркори закланото прасе, а потоа стануваше сè потивко и потивко...

Видовиќ сакаше да викне, ама не можеше да дојде до глас. Јасно му беше дека на број девет треба да му се запали свеќа.

„Треба да му се запали свеќа! За покој на душата!“, го повторуваше само тоа без прекин, а очите му се приковаа за локвата црна крв. Сакаше да рикне со сета сила, но немоќта во него само пиштеше.

„Доста! Мамичето твое!“

„*Az apád istennét*! *Csönd*![24]“

„Тишина!“

Умре број девет! Умре број девет! А овие кавалери надвор си пеат и си се потчукнуваат со чашите! Фра Јовани Батиста а Санта

[24] (унг.) Жив ти господ! Молчи!

Кроче! Да го видам! Да го видам тој кавалер од Малта...

И во занесот на последните напори што, всушност, беа налет на претсмртен грч, Видовиќ стана како сениште и го искина тенкото платно над својата глава! Таму имаше светол квадрат и во светлозеленото осветлување меѓу лисјата на павилјонот се гледаа бели дами со црвени крстови, попијани, насмеани, гладни, идни мајки на идни крвопијци.

Фуј, сакаше да викне, а тогаш му се појави помислата дека би требало да го фрли својот порцелански сад со измет на таа маса со бел чаршаф и да извалка сè – да извалка, да остане голема и страшна дамка на белиот чаршаф и сите да викнат: „Дамка, дамка“.

Обидувајќи се да ја оствари последната мисла, Видовиќ се наведна по својот нокшир и, уште додека се наведнуваше, почувствува како рацете му потонаа во неговата гадна содржина – а сето тоа се натопи во крвта што потече во силен млаз...

ЗБУНЕТИОТ ДЕНГУБА

Иван Горан Ковачиќ

Сè, сè, ама – жена!?

Господинот Јожи Скок живееше во центарот на големиот град како вистински господин, но (впрочем, тоа е споредна работа) во подрум што многу повеќе личеше на штала одошто на соба за едно божјо суштество, надарено со разум и со слободна волја.

Беше необично ситен, и гласот му беше ситен, и вечно се вртеше околу себе, често се смешкаше, неуморно брбореше, додека на улица се нишаше со бедрата и трчкаше со ситни чекори како замислена госпоѓица.

Неговото слабичко тело непрестајно се нишаше напред-назад, од петиците, па на прстите. Лицето му беше пропаднато, коските на лицето му беа испакнати, над вечно напрчените усни имаше неколку кратки, грижливо негувани влакненца, што се нарекуваа мустачиња.

Имаше зелени очи, над нив високо чело со неколку длабоко засечени бразди, а кога тие, поради некоја причина, ќе се набрчкаа, очите му стануваа уште позелени, од носницата до врвот на брадата му се оцртуваа две брчки и усните се стиснуваа во дрвена, налудничава насмевка, како кај старите моми што се трудеа да им се допаднат на мажите. Притоа, испушташе остри и тенки гласчиња, ги грчеше раменатa, ѓаволесто ја наведнуваше главата и си ги стискаше рацете, како некој ненадејно да го заскокоткал.

Иако носеше различни костуми, тие секогаш му беа чисти, фино закрпени, грижливо исчеткани и најчесто тесни, и во нив се обидуваше да се однесува како некое новопечено конте.

Ако го прашавте со што се занимава или која професија е, ќе ви раскажеше целосна историја и ќе ви одржеше вистинска литанија од сите можни и неможни звања, знаења и професии. Изучувал да биде пекар, работел неколку години, уживал во тоа, но наскоро се откажал, бидејќи жештината почнала да му пречи. Самиот тој често, проследено со онаа негова дрска налудничава насмевка, за пекарскиот занает ќе речеше:

„Зиме се издржува некако, ама лете – никако!“

Навистина! Замислете си, тој е извонреден стихотворец, истура рими како од ракав, па и не зборува никако инаку освен во стихови.

Ако го прашавте за неговата татковина или за роднините, убаво ќе ви изрецитираше како на сцена:

Јас сум сегде, сеприсутен сум лик
И се јавувам со силен вик.
А родниците? Ќе кажам кратко:
Секој човек ми е братко!

Ви велам: вистински човекољубец! Додека беше кондуктер (околу три години) на загрепскиот трамвај, на бината, по повод трамвајска забава, изговори вистинска река од зборови, настани, забелешки, згоди и незгоди за време на својата служба, сето тоа искажано преку песна. Ги спомена витите госпоѓици, дупчењето карти, напудрувањето, шминкањето, кармините, ножињата, чевличињата, итн... Чуму да набројувам: тој беше, и морате да го знаете ова, обожавател на понежниот пол!

Но, простете што ви го кажувам ова (најпосле, и самиот го спомена во песната), една му рекла дека се сомнева во неговата машкост.

Готвеше и печеше како готвачка, а тоа и најдобро му одговараше. Свиреше клавир како Орфеј што свирел лира, и камен би се расплакал. Та, ви се молам, тој беше и учител по свирење клавир и по јазици! Зборуваше германски подобро одошто хрватски; а сето тоа благодарејќи на своите добри, сега веќе покојни старци. Кога ќе се нажалеше, зборуваше во проза:

„Тие ме направија маж, уште како мал ме дадоа да учам клавир и германски. Е, да ми останеа живи, денес сигурно ќе бев... бискуп или театарски актер!“

Често, сиот извалкан и полеан со вар и боја (варосуваше и сликаше простории), ќе навра-

теше во градската бања, ќе се искапеше, ќе ја исчешлаше својата непослушна и ретка коса додека му беше уште мокра, ќе се преоблечеше во својот најдобар костум и ќе појдеше кај своите ученици.

Оние милосливите ќе му дадеа да јаде, па дури и ќе му дадеа некое парталче што не можеше да се употреби, а тој беше задоволен со добиеното. Му плаќаа кој како можеше и како сакаше. Работеше како црв, а не стапнуваше ни на мува. Во војната, велеше, често ја губел... пушката!

Но сега се случи пресврт во животот на господинот Скок – се ожени! Веќе неколку дена потоа ги почувствува нежните дланки на неговата нежна и подобра половина. Готвеше и печеше, чистеше и миеше, метеше и местеше. Сето тоа го правеше со задоволство, со насмевка и со тивки удари на стапалото по подот. Но сè го усреќуваше во исчекување на новороденчето.

„Само не знам“, тивко и во доверба ѝ рече на госпоѓата што ја подучуваше, „кој од нас двајцата ќе го роди!“

Во последно време, толку се збунуваше што навечер палеше шише наместо ламба, навлекуваше ракави од капутот наместо панталони и седнуваше на сопствената сламена шапка...

„Го споулавела жена му...“, говореа соседите со сожалување кога ќе го видеа како се чуди, како му се влечка петицата во од или кога ќе го слушнеа како разговара самиот со себе, се расправа, се смее или си се жали.

Еден ден, сезнајниот господин Јожи Скок се обеси во темниот ходник на подрумот. Луѓето се чудеа што еден толку добар човек може да се додева или да очајува на овој свет. И за сè ја обвинуваа жена му.

А таа? Таа изјави, грчејќи ги усните и трепкајќи, дека кутриот се збунил – наместо да го обеси јажето на куката во ходникот, како што му рекла, тој се обесил заедно со него!

ПОМИСЛА НА ВЕЧНОСТА

Јанко Лесковар

I

Во селото Друшковац живееше учителот Ѓуро Мартиќ. Луѓето мислеа дека е болен, иако тој не се чувствуваше така, но сепак не се ни чувствуваше здрав. Сега силно му беа избиле модри жили што фино се распоредиле околу очите, се протегнале преку слепоочниците и високото чело. А и усните му се исушија и ушите му се истанчија, побледеа; но сепак, не кашла и секогаш точно си ја завршува својата работа. Впрочем, училишниот надзорник, „главниот господин“, беше сосем задоволен од него.

Сепак, не беше вистински учител.

Беше добар кон децата, но често го обземаше некаква потиштеност, без да знае зошто, и од таа состојба не можеше да се ослободи додека траеше неговото подучување. Кога би смеел,

најдобро би било да ги пушти децата дома, но не можеше така. Во таква состојба, не можеше да си го задржи спокојството во училиштето, беше нетрпелив, раздразлив, па знаеше да нарече некое од децата магаре, тиква – или ќе го потегнеше и за уво и за косата.

Кога ќе му поминеше тоа, жалеше и донесуваше одлука: никогаш повеќе; но, набрзо одново ќе ја повтореше истата грешка.

Веројатно тоа му се случуваше поради преголемите напори.

Беше сам во училиштето со полудневната настава, па затоа мораше да подучува уште неколку часа – а зиме и денот беше краток. Но, затоа секогаш ќе се најдеше време да одмори; сепак, нешто не му даваше да здивне, нешто секогаш го тераше да размислува – непрестајно да размислува, сè додека не го заболи главата. Тогаш, нервите на веѓите почнуваа да му треперат, жилите на слепоочниците да му поигруваат и, целосно изморен, се фрлаше во постелата. Неговиот слуга Даша го молеше да стане, да се преоблече, да му го намести креветот – и го слушаше, но долго, долго не се поместуваше ниту прозборуваше, бидејќи само сакаше сон.

Неизмерно копнееше по ноќите, бидејќи тие му носеа сон, а на соништата им придаваше инакво значење, различно од она што порано го учеше неговиот учител по педагогија во учителската школа. Колку што се сеќаваше, уште од детството неговите соништа имаа некакво значење, но сепак се придржуваше до теоријата што ја учеше во учителската школа.

Но, пред четири години му се случи пресврт и раскрсти со науката на хербартовците[25].

Една вечер, си легна како обично и заспа. Дали навистина спиеше, не би можел никогаш да ви каже; беше буден, или само му се чинеше. Ноќта беше темна; го забележа татко си како се враќа дома со светилка во раката. Тој дојде до потокот што беше надојден од есенските дождови. Преминуваше преку стеблото и веќе се најде на другиот крај од потокот, кога му се лизна ногата и татко му исчезна во матната и каллива вода... Нешто го штрекна во срцето и срипа. Си го опипа челото, а на него имаше студена пот. Фала му на бога, тоа беше сон...

Вториот ден, кога децата излегуваа од училиштето, забележа еден маж, облечен во селска облека од неговиот крај. Го полазија морници. Мажот му се приближи и тој му се загледа во лицето.

„Знам, знам“, рече придушено, „а каде го извлековте?“

„Малку подолу од мовчето, се закачил на старата врба.“

Оттогаш Ѓуро Мартиќ ѝ се предаде на ноќта што во своето крило му носеше некаков таинствен живот. Соништата му беа толку живи, верни, што често се збунуваше што е сон, а што јаве. Еден сон, мошне необичен, често му се сонеше.

Стануваше збор за тројца покојници.

---

[25] Филозофско учење чиј основач бил Јохан Фридрих Хербарт (1776-1841), германски филозоф, психолог и педагог.

Тоа беа негови другари: еден, кој три години со него редовно јадеше само еднаш на ден, и тоа во кујната на полкот, а умре уште во третата година од студиите (не знаеја од што); на другиот црви му ги изедоа белите дробови, а третиот – па тој би можел уште да биде жив ако не се убиеше. Со нив тројцата – сега веќе не беа толку суви – често се среќаваше. На почетокот знаеше дека сонува, па им велеше: „Пријатели мои, ова е сон, не е можно, вие сте мртви.“ Но тие почнуваа да го убедуваат дека тоа не е сон, дека е живот, вистински живот. „Што сè нема да ти падне на ум, велеа, а ние сме овде, еве ти ги нашиве раце!“ И му се чинеше дека е вистина, па кога еднаш се разбуди од таков сон, толку се збуни, што не знаеше од каде почнува сонот, а каде завршува животот. Се чувствуваше како некаде да сонувал дека му умреле пријателите и дека во сон ја читал таа вест во својот педагошки весник. И појде да го бара бројот на педагошкиот весник, ама не го најде. Тогаш почна напомош да повикува разни спомени, но тоа уште повеќе го смете и седна да му пишува писмо на Ивановиот татко во Риека, во кое го молеше да му каже што се случува со Иван, дали е жив или мртов. И веќе сакаше да го прати писмото, кога почнаа одново да му се раѓаат мислите, да му се избиструваат поимите.

„Да, мртви се, мртви!“

Но, тоа не беше секогаш така, имаше и посветли денови. Тогаш беше како препороден: вдишуваше длабоко од свежиот загорски воздух, носниците му се шират, градите му се ду-

еја, па со интерес се обsрнуваше по красната природа и тогаш можеше да му се види насмевка на тенките усни.

II

Беше сабота, декември, доцна попладне. Веќе четиринаесет дена како паѓаше снег и добро се беше натрупал, а и зимата силно штипеше. Небото беше чудесно ведро, а сонцето на хоризонтот, па неговите златни зраци се одбиваа од снежната белина.

Ѓуро Мартиќ се наоѓаше во својата соба и си потпевнуваше нешто. Веќе трет ден како не го напушташе доброто расположение. Во четвртокот беше повикан на ручек кај соседниот поседник: друштвото го развесели и тој подоцна ги забавуваше. Но, на почетокот беше намуртен. Сите беа убаво згоени, само тој слаб и жолт. Досега никогаш немаше помислено на тоа, а тогаш за првпат на површина изби посилно неговата личност. И очите постојано му sиркаа на тенките нозе и слабите раце на кои се оцртуваше секоја жила, а кога крадешкум ќе погледнеше во своите соседи – какви само полни раце и силни бедра имаа тие!

Се онерасположи.

Но, кога слушна како господата со голем интерес разговараат за јадења, кога ги слушна изразите: пикантно, сочно, божествен мирис – нерасположеноста го напушти. Тоа „пикантно, сочно, мирис“, тоа е тоа... а тој никогаш нема-

ше помислено на него; но, неговиот Даша и не ги познава тие нешта.

Друштвото, изразите како „пикантно, сочно, мирис“ бргу го одоброволија, а на лицето почна да му се појавува насмевка.

Наспроти него седеше една млада учителка од соседното село. Тие често се погледнуваа еден со друг и Ѓуро почувствува како живнува. Долго разговараа по ручекот. Учителката рече дека идната недела ќе дојде со својата пријателка на богослужба во неговото село. Тоа му годеше, а веројатно и беше причината што уште од четвртокот беше добро расположен.

Значи, ќе дојде! Нешто го тераше да се истакне во црквата наредниот ден. Побара да седне до стариот клавир. Уште ги гледаше своите тенки нозе и слабите раце, но веќе при првите акорди почна да заборава на сè и на утрешниот ден, а кога почна да ја свири Волкмаровата Д-дур фантазија, целосно се изгуби; величествената завршница сосем го сметна, иако не беше првпат да ја слушне. Уште два-три пати го повтори истото место, а потоа се загледа некаде далеку, далеку.

Пред него исчезнаа и шилестите колена и сувите раце, собата и снежните наноси надвор; се наоѓаше во вселенската празнина во која уште долго, мошне долго одзвонуваше последниот акорд, оддалечувајќи се сè повеќе, сè додека не исчезна во далечината.

Во неговата душа настана молк, безутешна празнина. Значи, засекогаш исчезна, не е мож-

но; насетуваше, чувствуваше како тоа се оддалечува таму некаде далеку, далеку, тоа мора сѐ уште да е таму...

Си дојде на себе.

Одново ги забележа своите суви раце и тенките нозе, а низ прозорецот го здогледа сонцето што веќе беше на запад. Веќе го допираше снежниот врв на Кунагора.

Стана и одново се загледа.

Ах, тоа е само илузија. Сонцето веќе сигурно е осум и пол минути зад хоризонтот; толку му треба додека неговата светлина допре до нас. Од северната Поларна Ѕвезда до нас ѝ се потребни триесет години. Триесет, триесет, а види, потребни се и триесет години светлината од нашата земја да стигне до Поларната Ѕвезда. Види, мајката, значи, за триесет години би се видел таму денешниов ден, поминат, истрошен, ах, за триесет години ќе се види на северната Поларна Ѕвезда, за пет илјади години на Млечниот Пат; значи, сѐ понатаму во вселената, сѐ понатаму без крај, бескрајно, ќе паѓа земјината светлина од денешниот ден.

Ох, Боже, Боже, ништо не исчезнува, не пропаѓа, сѐ е вечно, сѐ. Ах, зошто ме боли толку многу главава... Кога ќе умрам, можеби, душава како мисла ќе скока од ѕвезда до ѕвезда. Ах, убавини, таа ќе го дознае минатото на сите векови, сѐ, сѐ е забележано во вселената, ништо не исчезнало; фотографијата од секој миг на постоењето е отисната во космосот...

„Ех, господине, светилките!“, се јави Даша.

„Добро, добро!“

„А што ќе вечерате?“
„Ништо, ништо, остави ме!“

III

Ѓуро Мартиќ пак седна на столчето пред стариот клавир. Со лактите се потпре на колената, а главата ја спушти и ја смести во дланките. Очите му беа затворени, дишењето му се скуси.

Еден прекрасен ден и тој ден е некаде во вселената.

На земјата лежи златниот сјај на сонцето. Зелената букова шумичка отспротива е толку прекрасна, а убавата долина, низ која тече поточе, е толку мила, премила. Се врати од училиштето, сам е во собата, сите се некаде на поле, работат. Во собата паѓа сјајната сончева светлина низ малите прозорчиња. Во сенката на аголот виси распетие. Владее свечена тишина, секој би се фрлил на колена пред распетието. Во срцето му беше неописливо пријатно. И сончевиот блесок, и зелената шумичка, и убавата долина, сето тоа беше неискажливо волшебно; не знаеше зошто, но тоа беше чувство на некаква невиност.

И имаше многу такви денови, сè додека едно есенско утро татко му не го одведе во Загреб да стане господин; ќе му биде добро денес-утре.

И во Загреб блескаше сонцето, но без оној занес; инаку блеска во родниот крај.

Полека минуваа деновите, помина и лето-то. Еден пролетен ден, седеше во тесната со-бичка горе, под покривот, во -ската улица. Лактите ги спуштил на масата, а со рацете го потпрел челото и седеше како да нема мисли, како да нема чувства.

Полека се отвори вратата и се појави ќер-ката на господарот. Таа затрепери и сакаше да се врати, но не можеше. Нерешителна, влезе, колебајќи се.

Тој не ја крена главата, иако слушна и по-чувствува сè. Ги слушна нејзините лесни чеко-ри, шушкањето на фустанот, дури и дишењето. Таа трепереше, се доближи и клекна.

„Простете, јас сум тука, простете, не мо-жам понатаму...“

А нему само му потекоа солзи и гласно заплака, клекна до неа, ѝ ги милуваше рацете, лицето, челото, коса-та; таа му ги бришеше сол-зите, иако солзи течеа и по нејзиното лице. И загрепското сонце долго блескаше, волшебно и мило.

Но, едно утро, одново му падна духот во собата. И таа одново дојде и клекна пред него.

„Ах, зошто бегаш од мене, зошто се тргаш?“

Тој пелтечеше.

Таа стана.

„Немој, немој!“, очајно молеше таа. „Сè ми зеде, сè, сè, сè...“

И пак немаше зборови да ја утеши.

„Ах, разбирам. Одвратна сум ти, неморал-на, расипана. Ах, знам, ама ќе видиш. Ќе ви-диш ти...“

Таа брзо се оддалечи, а тој тргна по неа, сакаше да ја врати, но неа веќе ја немаше.

Ја зеде шапката и замина, па се врати истата вечер.

Вратата од нејзината соба беше отворена, луѓе влегуваа и излегуваа. Се случила несреќа.

Несвесно влезе.

Пред него лежеше мртва, испрскана со крв...

* * *

Ѓуро затрепери и стана од стариот клавир...

„Ох, боже, боже, и тој ден е во вселената, и со него ќе се среќавам горе!“

Нејзиниот фустан беше отворен на градите (на звукот од истрелот дотрчаа и ја побараа раната), се гледаа голите гради, во длабочината меѓу дојките имаше црна рана, сè беше испрскано со крв. Нејзините црни очи ѝ беа отворени и стаклено го гледаа...

На камбанаријата од селската црква отчука дванаесет часот; тој не го слушна тоа.

Го облеваше пот.

„Ох, боже, боже, и тоа е втиснато во космосот. Зарем ќе морам одново да гледам во споменот? Да, да гледам во вечноста! Грешниците таму нема да видат ништо, ништо; тие ќе гледаат само на своите недела, на своите жртви за сите век и векови...“

Почна да го тресе студ. Облечен, несвесно се фрли во креветот. Пак ги гледаше отворените црни очи, мртовечки бледото тело, испрскано со крв... Гледаше и гледаше, а таа слика не

се тргаше од пред него... И како да исчезна од површината на земјата – нигде никого, нигде ништо... само таа лежи мртва пред него, испрскана со крв. Тој зјапа во нејзините мртви стаклени очи и така тоне во вселената...

IV

Вториот ден, учителката навистина дојде.

Веќе имаше слушнато многу за учителот што живее сам со својот слуга, кој никогаш не е весел и малку или ништо не зборува.

Кога го виде првпат во четвртокот, ја обзеде некакво необично чувство. Некако ѝ стана пријатно кога помисли дека таа би го галела и би го разведрила со мил разговор. И колку беше само среќна кога забележа дека уште првиот ден покрај неа толку се беше расположил. Денес нешто неодоливо ја тераше да појде во Друшковац и постојано претчувствуваше: ќе се случи нешто.

Веднаш појде в црква.

Засвиреа оргулите, но веќе при првите акорди ја обседоа жал и некаков страв. Музиката беше чудна, необична, а кога тој запеа од горе, заедно со оргулите, во црквата настана сметеност, размрданост. Таа се запрепасти и солзи ѝ потекоа од сомилост. Беше Божиќ, а учителот ја пееше Велигденската песна: „Алелуја“.

Ѓуро Мартиќ полуде.

СОНОТ НА ДОКТОР МИШИЌ

Ксавер Шандор Ѓалски

Отсекогаш Јабучевачкиот дворец го биеше глас како дворец на духови, сеништа и секакви други чудовишта. Тоа беше една стара, дрвена градба, искршена од сите страни. Нејзините први сопственици одамна изумреа. По нив никако и во ничии раце тој имот не успеа да се задржи и речиси на секои пет-шест години се менуваа господарите. Најпосле, до него се дограба еден Евреин. На селаните им ја даде земјата под закуп, а дворецот го остави празен и пуст. Бедната куќа сега, од година во година, изгледаше уште победно и секоја есен ветрот исфрлаше ќерамиди од покривот. И така, тој страшен изглед придонесуваше куќата да ја бие страшен глас, а дури и најпијаниот селанец секојпат побожно и понизно ќе се прекрстеше кога ноќе ќе мораше да помине покрај неа.

Најпосле, се најде станар и за оваа жална куќа. Имено, во околијата се вработи еден лекар. Немаше стан во околискиот центар, немаше ниту во целата околија, па така лекарот го прифати она што му преостануваше и се реши за куќата. Воопшто не му пречеше страшниот углед на дворецот. Се плашеше само од стаорци и глувци и од слабиот покрив. А кога покривот беше поправен и куќата исчистена, доктор Мишиќ беше сосем задоволен од своето живеалиште. Кога уште дозна од соседот Баториќ дека по тенка крвна линија е потомок на поранешните сопственици на имотот, благородниците Јабукоциј, се чувствуваше како да се наоѓа во сопственото родно огниште. На приказните што кружеа за дворецот и за страшните работи што се раскажуваа не обраќаше внимание ниту се загрижуваше. Тој, човек од науката, на реалната наука, заснована на експерименти, на позитивната наука, обземен со идеите на „просветлениот деветнаесетти век“ – зарем ќе размислуваше за нешто што не можеше да се допре со прст и да се докаже со опит! А оние луди приказни за духови, пророчки соништа и така натаму! Неговиот модерен ум со својата логика беше толку далеку од сето тоа, што господинот Радичевиќ, кој сите овие приказни сакаше да ги протолкува како четврта димензија, му се чинеше како да има болен дух, а старите благороднички, кои уште беа задоени со романтицизам и се присилуваа да им веруваат на тие приказни, му се чинеа неизмерно глупави. Затоа и на нивните исплашени прашања дали

веќе му се привидело нешто не можеше да одговори ништо друго, освен да им се насмее в лице, весело, невоздржано, речиси хомерски. Најпосле, таа озлогласеност на имотот го веселеше. Во друштво секогаш му претставуваше извор на многу шеги, а воопшто не му пречеше во работењето.

И покрај страшниот глас што го биеше, во дворецот доаѓаше народ и амбулантата секогаш беше полна со луѓе. Се разбира, ноќе никој не би дошол. „Барем ноќта е моја“, задоволно си велеше докторот и секоја вечер си легнуваше сигурен дека нема да треба да станува и да оди кај болните. „Ова е ужасна работа и во град, а не, пак, на село – по тие грозни патишта, камења и клисури“, велеше и покрај сета своја љубов кон службата.

Беше мошне умен и сериозен човек. Првата младост веќе го беше одминала. Можеше да има околу триесет и четири години. Сè уште не беше оженет, а немаше ни намера да стапи наскоро во брак. Работеше со огромна страст. Својата лекарска задача ја сфаќаше како задача на војник што мора секој миг да биде подготвен за секаква жртва. „Во нашава професија има илјадници и илјадници моменти што се слични на ситуациите во битка, кога околу глава ти фрчат топовски зрна. Често, дури пречесто ја ставаме главата в торба. Кај има време човек да мисли на жена?!“ Освен тоа, немаше доверба во своето здравје. Родителите рано му починаа, мајка му падна од некоја тешка нервна болест. „Не чувствувам дека сум слаб или болежлив,

ама сепак – крушата под круша паѓа – не сакам да оставам вдовица зад себе“, обично возвраќаше кога ќе му дојдеа роднини или пријатели со предлози и со совети за женење.

Но, имаше уште една причина зошто не дојде до негова женидба. Сè уште се немаше заљубено. А не беше поради тоа што имаше *студена* и *мрзлива крв*. Напротив – беше еден од оние со врел и жежок нарав, кои токму поради тој свој жар не успеваа своите чувства и своите желби да ѝ ги прикажат на една убавица. Него го занесуваше и го возбудуваше секоја убавина. Можеше да се каже: го љубеше сиот тој преубав пол, неговите убави и прекрасни облици, неговото глатко тело, неговата густа полна коса и привлечноста на неговите нежни и слатки движења. Ах – и тој никогаш не зборуваше во својот занес за некоја убавица на која ѝ го фрлил уметничкото око и што му ја распламтила врелата крв, и што му го опиваше духот, туку секогаш во секоја од нив го славеше женскиот пол како таков, прекрасна јунонска форма или занесна венерска линија. Во красното распламтено око на прегрнатата убавица, секогаш го гледаше погледот на целиот женски пол и отелотвореният поглед на убавината. Тој занес го чуваше да не западне во бездната на простата sверска страст. Неговите желби му ја остваа душата чиста и секогаш копнееја по совршените појави, и само во нив можеше да најде можност да ја згасне жедта на својата душа и на своето тело. И така, овој занес по поубавиот пол не му пречеше внимателно да ги

следи стапките на својата ука, на која ѝ се предаде со сета душа и што го водеше во највисоките предели на човечкиот дух.

Таков беше докторот Мишиќ. Сосем удобно си го нареди животот во Јабучевац. Мошне брзо стекна глас на вешт и совесен лекар, па праксата му носеше пари и покрај познатата бавност на благородниците кога стануваше збор за плаќањето на лекарските посети. Постепено и стариот дворец доби нов лик и изгуби многу од претходниот изглед. Но сепак, го задржа својот страшен углед. Вистина, докторот сѐ уште можеше и мораше да остане на својот првичен став на човек неверник, иако за своја спална соба ја уреди токму просторијата за која се шираа најстрашните гласини. Но слугите! Кутриот доктор претрпе страшни маки од нив. Еден по друг, слугите го оставаа и бегаа од службата. А тој беше добар, не внимаваше ни на виното, ни на кафето, ни на шеќерот, со еден збор, им препушти сѐ на луѓето, па сепак никој не издржа подолго од еден месец во дворецот. И секој го напушташе со плач, му бакнуваа раце и се колнеа дека не ја напуштаат службата поради него – та господинот е толку добар – туку поради тоа што не е можно веќе да ги поднесат страшните ноќи, кршењето, тропањето и привиденијата. Еден видел некакви необични сенки, друг пламени во танц, трет тврдеше дека дошло да го избричи некакво prosирно суштество, а една дебела готвачка споменуваше цели разговори што ги имала со духовите на покојниците и го преколнуваше докторот

да ја напушти проклетата куќа. Секако, таа ги скри сите шишиња со рум што кришум ги беше испила. Докторот, во секој случај, претпоставуваше од каде ѝ е таа дарба да разговара со оној свет и уште повеќе им се смееше на сите приказни и бајки. Самиот тој никогаш ништо немаше слушано или видено. Секое лудо тропање или кршење, или крцкање можеше да им го припише или на стаорците и глувците или на ветрот. Најпосле, се привикна и на тоа, па секоја ноќ одлично спиеше, на огромно жалење на соседот Радичевиќ, кој силно се надеваше дека ќе го прибере докторот во друштвото на приврзаниците на четвртата димензија. Уште поголемо разочарување неговите мирно проспани ноќи ѝ донесуваа на бароницата Албахица, која секојпат го прашуваше како ја поминал ноќта или дали видел нешто, па секојпат се муртеше и се онерасположуваше кога ќе го слушнеше неговиот одговор.

Така поминаа околу осум месеци. Ноќите на докторот беа мирни, но од неодамна секое утро почна да чувствува одреден душевен немир или, подобро кажано, некаква меланхолија што му ги притискаше духот и сетилата, па понекогаш му се чинеше дека ќе умре од жал. Во таквите мигови, неговиот весел нарав како да исчезнуваше без трага и без глас. Дење, потонат во работата, забораваше на тоа, но речиси секое утро таквото расположение му се повторуваше. Никако не можеше да си го објасни. Животот му течеше со мирен, едноличен тек. Не постоеше ниту еден момент што би можел

да го вознемири или да го растажи. Напротив, сè беше така наредено, што само можеше да биде задоволен. Значи, поводот за тоа расположение можеше да се крие само во него. Помислуваше да не му се подготвува некаква тешка болест? Но, уште веднаш мораше да си признае дека е здрав и снажен, како што одамна не бил. Можеби беше претчувство. Неговата покојна мајка секогаш тврдеше дека ја насетува иднината. На доктор Мишиќ, во прво време, оваа помисла му се причини толку смешна и несмасна, што не се задржа на неа ниту секунда повеќе. Тој, паметен човек, целосно исполнет со модерната наука, не можеше да му се предаде на таквото мистично толкување на појавите. Едноставно не ги признаваше можностите на претчувствувањето. И затоа, најпосле, сето тоа го сведе на проблеми со желудникот. „Сигурно имам тешкотии во варењето на храната – од тоа е предизвикана нередовна циркулација на крвта – а тоа ги предизвикува тешките и непријатни соништа кај мојот цврст и длабок сон, кои не остануваат во сеќавањето кога ќе се разбудам, па единствената трага од нив е меланхолијава.“ Така си толкуваше и си објаснуваше доктор Мишиќ. И беше сосем задоволен од ова физиолошко толкување и беше конечно уверен дека навистина погодил или, како што велеше, поставил точна дијагноза. Си додели задача да се подложи на голема диета. И навистина, внимаваше што јаде и што пие, кога јаде и дали работи премногу. Но и покрај тоа, неговите утрински маки не престануваа. Веќе стана

сосем раздразнет и нервозен. Кога пред него ќе паднеше дури и некој најлесен предмет, затреперуваше со целото тело и чувствуваше болка во мозокот, како нешто да го пресекло над слепоочниците. Кога ќе се чукнеа две чаши, нему веќе во главата му прелетуваше толку сјајна искра, што од неа му се стемнуваше пред очи. Меланхолијата сè посилно му ја тиштеше душата. Имаше мигови кога стануваше разжалостен до крајност, само што не беше заплакал. А сепак, не можеше да си објасни зошто е толку натажен, дури жалоста немаше никаква содржина ниту некаква сликовита форма. Беше како некој придушен, длабок татнеж или темна далечина.

Мишиќ целосно се промени. Неговото друштво ја забележа промената. Еднаш разговараа кај Радичевиќ. Доктор Мишиќ сè уште се придржуваше до својата дијагноза.

„Се лажете“, го прекина господинот Радичевиќ, „не може тоа тукутака да се толкува со вашата физиологија. И самиот признавате дека дигестивниот систем ви е во ред. Значи, соништата не доаѓаат од расипаниот желудник. Станува збор за она што отсекогаш го тврдев. Таа куќа е позната како одличен медиум за контакт со светот што постои над нашите пет сетила и што има повеќе од три димензии. Во тој медиум не е можно вие да не дојдете во некаков допир со тој свет. Да имавте други нерви и да бевте попристапни кон таквиот допир, целиот впечаток би бил појасен и посилен. А вака, пак, бидејќи сте неспособен и бидејќи никако не сакате да верувате – ех – од тој допир, во кој сте

дошле со другиот свет, во вашата свест не останува ништо, освен меланхолијава. Кога би се отвориле кон тој впечаток, ех – којзнае што би виделе, би дознале и би слушнале!“

Докторот гласно му се смееше на Радичевиќ. Целото друштво мораше да се поведе по него. Сепак, се разврза разговор во слична насока. Навистина, Мишиќ не се нафати да го побие Радичевиќ, но жупникот Лацица Кунтек продолжи со своите ставови и мислењата за светот на духовите и така настана жива дебата. На крајот, се јави и господинот Баториќ. Тој никогаш не трпеше нештата да се свртат на шега или да се претворат во празно нафрлање здодевни и невозможни приказни.

„Не мислам како нашиот Шкендер, но сепак не сум согласен ни со вас, докторе! Вие, едноставно, ги негирате претчувствата и пророчките соништа. Искуството ве побива. Историјата познава соништа што однапред ја кажале вистината. Ги познава и претчувствата. Овој факт не може да се затаи. Вие ја објаснувате вашата меланхолија со остаток од некој неубав сон, но на тој сон му придавате физиолошко значење. И јас би ја објаснил меланхолијата со остаток од сон, но уверен сум дека човечката душа, во сонот, има сила да погледне појасно и подалеку во светот одошто на јаве. Впрочем, таа сила ја има кога се наоѓаме во најдлабокиот сон. Значи, лесно можете да имате таков сон во кој нешто ви е откриено од иднината, нешто што не е добро за вас. Во многу ретки случаи, соништата оставаат целосна слика во умот, а

и кога ќе остават, тоа обично се случува така што смислата им е пренесена преку слики. Вие добро спиете, па вам ни тоа не ви останува во сеќавањето. Патем, кој би знаел што е и како е! Само вие немојте да се плашите премногу.“

„Не плашете се, господине“, му одговори докторот, одново со смеа. „Секако дека нема да се плашам од пророчки соништа, туку би можел да бидам немирен поради желудникот и нервите. А против тоа се борам со посебна исхрана.“

„Е, па, добро. Затоа сега главниот на оваа маса мора да ве ослободи од должноста да пиете со нас во чест на јабучевачките сеништа. Памти, Јанко – тој нејќе со нас. Еј, докторе, можеби се крие некоја убавица меѓу сенштата, па ќе ви биде жал што ние пиеме за неа, а вие не!“, се пошегува старецот.

Но, докторот остана воздржан и не ја допре чашата. И кога сè уште никој не помислуваше да си замине, незабележано се извлече од друштвото и тргна право дома.

Уште повеќе ја заостри диетата. Ги укина вечерите и секоја ноќ легнуваше речиси гладен в постела. Тоа го правеше бидејќи вознемиреноста и утринскиот немир стануваа посилни. Освен несфатливата и беспричинска меланхолија, почна да го измачува и некој неодреден копнеж. Не ни знаеше по што му тежнее душата, но го чувствуваше тоа. Тој копнеж беше најсличен со еротска желба. Имаше мигови кога во срцето се чувствуваше исто како да е заљубен. Низ мислите му се појавуваа женски

облици, а со усните мрдаше како да бакнува. И со сигурност знаеше дека ниедна од убавиците од соседството не му го предизвикала тоа.

Една ноќ, околу еден часот, наеднаш се разбуди од еден живописен, сосем јасен сон. Во прво време, сетилото за простор му беше збунето, низ телото му се задржало истото чувство, а во душата – истите емоции што ги проживеа во сонот. Долго чувствуваше чуден мирис на карбол, што никако не можеше да си го објасни, бидејќи супстанциите ги чуваше дури во петтата соба, а јасно знаеше дека претходниот ден воопшто не употребуваше карбол. Не се разбуди од мирисот; му се чинеше дека тоа насетување на карбол му е само спомен од сонот.

Сонуваше дека влегол во некоја темна, неописливо студена собичка. Ѕидовите беа сосем потемнети од влага и прекриени со зелени дамки. Како и зошто дошол таму, не му беше сосем јасно и никако не можеше да ја претпостави причината. Во собата беше многу темно и мораше да чека долго за да му се привикнат очите. Потоа, од височината (имаше мало прозорче под таванот) се спушти дебел млаз бледа светлина. Не можеше да процени дали тоа се сончеви зраци или месечева светлина. Млазот паѓаше странично и го зафаќаше горниот дел од просторијата. На камениот под лежеше младо женско тело. Не можеше да знае дали девојката спие или е мртва, или само почива; но сепак, насетуваше дека очите ѝ се вперени во него, а погледот ѝ беше толку чуден, необичен, што од него му стануваше тешко и непријатно. А не

можеше да се сврти. Очите ѝ беа толку убави и волшебни со својата големина, со својот мирен, длабок поглед, засенети од долгите трепки како од свилени завеси, па не можеше да го оттргне погледот од нив. И колку подолго ја гледаше, толку посилно запаѓаше во занес и го обзеде една силна желба да се фрли на подот и да доползи до неа. Во собичката влезе уште еден човек. Го погледна и се препозна себеси во него. Носеше нож во раката, се наведна кон девојката и сакаше да го изврши познатиот анатомски засек, со кој се започнува обдукција.

„Чекај! Таа не е мртва! Не, не е, не е мртва“, почна да му вика на дојденецот. „Кажи ми, кој си ти и како дојде ваму, кога сум веќе тука?“

„Знаеш, нашата служба е иста како војничката, секогаш ја носиме главата в торба. Морам да го сторам своето.“

„Ама чекај, кажи ми првин која е оваа девојка; па, погледни колку е убава, ох, ако би љубел некоја, тогаш сигурно би била оваа.“

„Ха-ха-ха! Не лудувај!“, и тоа другото негово „јас“ почна набрзина да му ја раскажува приказната на девојката, но Мишиќ не разбра ништо од тоа. Потоа тоа друго негово „јас“ почна да пее некоја американска песна на англиски јазик, на која Мишиќ се сеќаваше дека ја слушна од некој колега Американец, во една виенска анатомска сала, додека тој ја засекуваше раката на едно мртво женско тело и истовремено јадеше кифлички.

„Зарем ти знаеш англиски?“, зачудено праша. Но, другото негово „јас“ не му одговори

ништо, туку пак се доближи до девојката, ја поткрена покривката со која беше дополу прекриена, а на неа се видоа дамки од одамна исушена крв. Мишиќ се почувствува зашеметен. Телото во кое гледаше беше прекрасно. Никогаш во животот немаше видено таква совршена убавина. Само скулптурата „Психа“ на Канова би можела да се спореди со тие нежни, а сепак прекрасно заоблени и сосем складни облици. Убавата глава со бујна црна коса почиваше на левиот лакот, а десната рака беше припиена под десната града. Мишиќ речиси не можеше да ѝ одолее на таа привлечност, иако можеше да види како другото негово „јас“ беше облеан во крв веднаш штом ѝ се приближи на девојката. Мишиќ се фрли на земја до неа и ја зеде во својата прегратка. Почувствува силен студ низ целото тело, но тоа не го спречи уште повеќе да ѝ го притисне убавото тело кон себе. Девојката сега со двете раце цврсто го фати околу вратот и ги допре усните до неговите. Почувствува како од тие студени бакнежи – студени како мраз – да впива крв, но сепак тоа не можеше да биде, бидејќи од бакнежите како да запаѓаше во некаква замаглености. И наеднаш веќе не се наоѓаше во собичката, туку како во прегратката да пловеше некаде по далечна бескрајна вода и потоа тонеше во сè подлабоки бранови, густи, жолти и нечисти како морето кога дува југовината. Силниот страв, како и ужасниот студ, го тиштеа, но и покрај тоа ја држеше девојката во прегратка и се бакнуваше со неа. Посака да проговори, но не можеше да изусти ни збор, а

ни таа не кажа ништо. Најпосле, му стана толку ладно што си помисли дека ќе смрзне. И тогаш се разбуди.

Целиот сон јасно му се задржа во сеќавањето и го повторуваше во себе. Посилно од кога и да било го почувствува својот вообичаен душевен немир. Речиси плашливо се обѕрна по собата. Таа тивко и темно се простираше пред него, орманите и столовите беа неодредено вкочанети во нејасни црти, наликувајќи на тркалезно црно тело, од прозорецот на завесите им се прикрадуваше тесниот сноп месечева светлина што устремено паѓаше до средината на подот. Ѕидниот часовник не се гледаше и се јавуваше само спокојното и мрзливо тик-так, додека будилникот на ноќната масичка, покрај постелата, отчукуваше непријатно гласно. Мишиќ се сврте кон него. Од осветлените стрелки сфати дека е еден часот и десет минути. Се сврте кон ѕидот и одново задрема. Се разбуди по одредено време. Мислеше дека е веќе утро бидејќи сонот му беше долг. Погледна во часовникот. Беше само еден часот и шеснаесет минути. Во сонот проживеа време од најмалку десет часа. Одново ја сонуваше истата девојка. Но, овој пат ја виде среде некаква далечна пуста рамница. Таа го дочека со истиот вкочанет поглед и дури кога ѝ се доближи, го прегрна со двете раце околу вратот и почна да го бакнува, односно, да му ги цица усните.

Тој неволно, а сепак доброволно и со наслада, им се препушташе на бакнежите што стануваа сѐ постудени – студени како мраз. И одеднаш во рамницата од сите страни почна

да тече нечиста, каллива вода што ги опколи нив двајцата. Мишиќ, сепак, не почувствува страв, туку и понатаму му се препушти на бакнувањето на девојката и ги милуваше нејзините облици, прекрасни како кај Хеба. Се чувствуваше како да ѝ пее моќен дитирамб, во кој нејзиното преубаво тело го споредува со криновите во градината, со птиците во шумата и со сребрените риби во водата, а заедно со неговите стихови околу нејзините гради, раменатa, околу вратот, прекрасните лакти и околу бедрата пловеа и кринови, и птички, и риби, сплетувајќи се со водата и телото во китки. Поворката стануваше сè подолга, бројните венци од секакви прекрасни суштества се протегаа до недоглед и, кружејќи околу него и неа, создаваа бранови со сребреникава пена пред и зад нив. А од рибините крлушки, од птичјите пердуви, од ливчињата на цвеќето, од брановите струеше некаква посебна модрикава фосфорна светлина, од која во огромните длабочини можеа уште да се видат цели роеви златни и црвени риби како пловат кон својата поворка, наликувајќи на смарагди, топази и рубини. „Venus Anadyomene[26]“ – славенички викаше и мавташе среде бучните бранови, ѝ го целиваше студениот врат и ги припиваше градите кон нејзините бедра, додека таа, нема и неподвижна, му висеше обесена околу вратот и повеќе го цицаше одошто го бакнуваше по усните. По-

[26] Венера Анадиомена – слика од сликарот Тицијан, насликана околу 1520 година. На неа е прикажано раѓањето на Венера, како излегува од морето.

тоа, со неа се најдоа на една огромна школка, како на чамец, и двајцата овенчани со венци од лисје од кипарис. Силните риби и опасните води ја влечеа школката – сè подалеку и подалеку – скокајќи во водата со прекрасни страсни движења. Воопшто не се грижеше каде плови. И така пловеше со часови, секогаш гледајќи ги пред себе силните корални гребени, ужасните длабочини и прекрасните насади од подводна фауна со сè уште невидени видови цветови, а сето тоа беше опсипано со некаква волшебна, но меланхолична светлина. Наеднаш, школката се промени во дрвен сандак. Никако не можеше да открие каков сандак е тоа. Најпосле се сети. Тоа беше мртовечки ковчег. Сиот беше исполнет со сладок и пријатен мир, со чувство на блаженство и неопислива леснотија, додека нејзиното тело стана уште поубаво и уште посјајно почиваше покрај него. Којзнае колку долго траеше сето тоа. Немаше чувство за времето, ниту размислуваше за него.

Одеднаш, ковчегот удри во некаков гребен, а тој почна да паѓа сè подлабоко. Го обзеде силен страв и се разбуди.

Не можеше да заспие до утрото. Беше силно вознемирен и раздразнет. Се сети на тврдењата на Радичевиќ и на Баториќ. Се разбира, имаше логика во неговото разумно опирање на нив, но сепак му беше некако мачно. Како нешто да лебдеше во воздухот и како да се провлекуваше по sидовите, па како да распознаваше некакво тенко осцилирање, час слично на треперење на жици од гусли, час слично на по-

следни акорди од некаква далечна музика или пеење. Исто така, тоа како да беше проследено со звук на дрвено чеканче, како некој со него да удираше од сите страни по некаков тврд, звучен предмет. А сликата на девојката од сонот јасно и еднакво му се нишаше пред очите – без разлика дали му беа отворени или затворени. И како уште да го маѓепсуваше со својата божествена убавина. Ох, колку јасно се сеќаваше сега, на јаве, на секоја линија, на секој облик. Речиси алчно му се грчеа дланките од желба да ја допре таа совршена прелест.

„Да најдев барем таква убавица во животот!“, гласно повтори неколкупати. И низ главата му прелета помислата зошто не е сликар или скулптор, па оваа волшебна појава да му ја претстави на надворешниот свет.

Во зорите одново заспа. Падна во длабок и мирен сон. Кога се разбуди, веќе беше десет часот и собата блескаше од дневната светлина. Иако веднаш мораше да се подготви за работа, бидејќи и во претсобјето и во ходникот го чекаа болните, одново мораше непрекинато да мисли на својот сон. Сонот некако го вознемируваше и одвреме-навреме се присетуваше на објаснувањето на Радичевиќ.

„Ах, глупости!“, сам се прекинуваше, а потоа пак размислуваше и за тврдењата на Баториќ. Ја познаваше малку филозофијата на Шопенхауер, а токму неговата теорија за сонот му беше позната. Секако, и покрај тоа, не беше уверен дека Баториќ е во право, но сега веќе не го поседуваше својот претходен мир на моде-

рен материјалист. „Најпосле, кој би можел да знае!“, неволно рече, додека му препишуваше рецепт на еден селанец што тврдеше дека боледува од воспаление на желудникот.

Сликата на девојката од сонот никако не го напушташе. Имаше неколку болни и мораше да прави споредби меѓу видените форми и облиците што му се прикажаа во сонот.

За време на остатокот од денот не можеше да се ослободи од чувството на убавина што ја виде во сонот. Приквечерината не појде некаде на гости во соседството, како што обично правеше, туку остана дома и појде во градината да се прошета. Се надеваше дека ќе му олесни од свежиот воздух и дека ќе се смири, а одново нешто го влечеше да остане сам и да мечтае за сонуваната девојка. Градината беше огромна и се шириле далеку кон ридот. Старите овошки делумно придонесуваа таа да изгледа како шума. Имаше и други дрвја: високи липи, брези, елки и жални врби. Затоа, целата градина по зајдисонцето веднаш се исполнуваше со густи сенки. Тесните и обраснати патеки едвај можеа да се препознаат. Од едната страна на градината стоеше полуразурната градинарска куќа. Од неа водеше мошне долга, но тесна алеја од дренови и од лешници до вештачкото ритче, на кое се наоѓаше кинески павилјон, исто така запуштен. Докторот расеано зачекори по таа алеја. Во сивиот воздух, далеку кај павилјонот, неподвижно стоеше глупавиот тркалезен лик на кинеска глава со шилеста шапка, сместена на врвот од покривот. Мишиќ се насмевна и

тргна кон павилјонот со желба за убав видик. Оттаму се гледаше целата градина и дел од рамницата што се протегаше под него, сè до потокот. Мракот се спушташе и околината замираше во таа непријатна полусива темнина, во која нештата уште можеа да се видат, но им недостигаше убавината на светлината. Само уште наместа полетуваа ластовици, а воздухот го пресекуваа лилјаци и вечерни инсекти. Околу врвовите на дрвјата, а најмногу по тополите, се собираа врани и гаврани. Во длабокиот и тесен ендек под павилјонот, силно обраснат со трње, густ плевел и уште погуста трева, се меткаше нешто, создавајќи шум. Мишиќ, против своја волја, затрепери од тоа, не мислејќи на ништо. Сè уште беше силно вознемирен. Седејќи во павилјонот на искршената клупа, мораше подеднакво да мисли на својот сон и на девојката во него.

„Да беше сега овде, жива, во алејава, пред мене! Мала убавица“, и разнежено почна да се присетува на милото суштество од делото на Гете, па се почувствува како девојката од неговиот сон да е исто такво таинствено суштество.

„Но, од каде?“, гласно се запраша, уверен во своето детинесто прашање. Сепак, го засени нешто чудно и мистично, зашто за миг беше убеден дека девојката е навистина жива и дека постои некаков спој меѓу нив двајцата. Се загледа во далечината. Наеднаш, му се причини дека таму долу, на работ од долината, нешто како да се провлече, како да пролета над грмушките. Го полазија морници по целото тело.

„Ох, ми се чини дека сум болен. Нервите целосно ми се растроени. Од нив ми доаѓаат сите овие лудости“, точно претпоставуваше, но во истиот миг му се причини дека покрај него, во воздухот, се разбранува некаква сенка, некакво движење – или нешто слично. Се обѕрна, сè беше тивко, мирно – речиси мртво. Не се мрдаше ниту едно ливче на околните дрвја, а високо во воздухот, со лесен лет, прелетуваше птица кон запад и во полумракот не можеше да препознае за каква птица станува збор. Нерасположен и вознемирен, докторот го напушти павилјонот и пак се спушти кај алејата. И таму сè беше тивко и мирно – само по некој кос или верверица шушкаше по густите и меѓусебно испреплетени гранки на дреновите и на леските. Во тој мир западна докторот против својата волја и, покрај намерата да размислува за случаите од неговата лекарска пракса, одново почна да се присетува на телото на девојката од сонот и се задлабочи во мечтаење, во кое ја гледаше убавицата во секакви романтични и секојдневни ситуации, секогаш со необична јасност, речиси како на сон, а имаше и мигови кога – како што обично се случува при мечтаењата – не гледаше само делови од нејзината појава или само неодредена целост, туку баш ја гледаше како јасно и отелотворено да стои пред него, дека само треба да ја допре со прстот. Притоа, во душата му се провлекуваше некаква разнеженост. Трогнато погледнуваше, ако може да се каже така, на ликот од својата фантазија и истовремено чувствуваше силна

желба по неа, копнеж да оживее и да се најде токму пред него. Го обзеде занес од убавината што ја гледаше во своите мисли и можеби никогаш неговиот естетски инстинкт не бил толку возбуден и задоволен како овој пат, пред лажливиот фантом што лебдеше во мислите пред него. Им се восхитуваше на преубавото овално лице и на бујната коса без сјај, на совршено извајаните рамена и девојчинските гради, на тенката става и на прекрасната извиена линија од грбот до бедрата, на прекрасните нозе, со такви облини. Ах, тој гореше и пламтеше, се тресеше од страст и не мислеше дека сето тоа е само мечта, дека не е стварно.

Настана целосен мрак. Во алејата веќе не се гледаше ништо. Пак тргна кон павилјонот. Само што стигна таму, одново го почувствува претходниот страв. Плашливо се обѕрна околу себе неколкупати. Силниот вечерен мир го притискаше сè посилно. Насекаде наоколу длабоката и глува тишина поклопуваше сè. Не се слушаа ни штурците во тревата. Докторот не можеше да го разликува пулсирањето на крвта кај слепоочниците.

Наеднаш, му се причини дека покрај него нешто шепна, како нешто да засаска. Се сврте, но не виде ништо. Месечината само што се беше издигнала над шумата и слаба светлина ги облеа павилјонот и кинеската глава, чиј лик како да сјаеше од подбив и злоба. Набрзо сè беше осветлено од месечината. Небото веќе не беше сиво, туку темномодро, и на него трепереше само по некоја ѕвезда. Близу месечината

лебдеше темен тркалезен облак, чии рабови од страната на месечината добиваа сјајна метална боја. Докторот го проследи облакот со поглед и пак западна во своето мечтаење. Набрзо од тоа го штрекна уште посилно саскање или шепот и му се чинеше дека сега може да го чуе своето име. Срипа од клупата, а очите му се вперија во карпестиот засек покрај ендекот. Нема сомнеж – таму долу се гледа нешто. Му се чинеше дека ја гледа истата појава што ја виде во сонот, па дури и дека таа му мавта со раката. Не можеше да ѝ го распознае лицето, но сепак му изгледаше како да е тажно и несреќно и како да го повикува напомош.

Тргна нанапред, но во истиот миг се созеде.

„Ох, па јас сум луд! Зарем олку ми попуштиле нервите!“, болно и очајно викна и со двете раце се фати за челото што беше врело, а крвта осетливо му течеше по вените.

Со брз чекор го напушти павилјонот, но од срам пред самиот себе, сврте кон ендекот и по високата оросена трева се спушти кон местото каде што му се привиде појавата. Една жаба му скокна под нозете и тој се стресе. На местото каде што му се привиде сега сè беше обично, а еден расцутен јоргован, облеан од месечевата светлина, му ја реши загатката со привидот.

„Така е!“, победнички се насмеа, но реши вечерва да се искапи со студена вода.

Таа ноќ не сонуваше. Спиеше цврсто и, кога се разбуди утрото, сонцето беше извишено на небото. Не ја чувствуваше ни вообичаената меланхолија.

„Еурека!“, воскликна и добро проспаната ноќ му ја припиша на студеното капење. Одлучи да се подложи на тој тип лекување. *Знаев дека сето тоа ми е од растроените нерви!* Но по ручекот му падна тешко што не ја сонуваше убавата девојка. Слатка и нежна желба му ја исполни душата да ја види – макар само и насон. Кога помисли на тоа дека нејзината слика ќе исчезне и дека нема да ја носи ни во душата ако му престанат соништа, се почувствува како да изгубил драга познајничка.

И поминаа осум дена како сонот не му се враќаше. Докторот речиси жалеше по него. Му придаваше одвишни кобни значења и гореше од желба пак да му се прикаже таквата убавина. Само да го види тоа совршенство! Досега никому не му беше раскажал за своите соништа. Го спречуваше нешто што и самиот не можеше да си го објасни. Најпосле, кога мислеше дека соништа му поминале, една вечер кај Баторић во Брезовица го прераскажа целиот сон и речиси со занес почна да расприкажува за убавината на виденатa девојка.

„*Fine finaliter*“, на шега го усвои начинот на зборување на своите соседи, „во мене се крие некаков сликар или скулптор. Замислете – а јас сум доктор! Целосно сум ја утнал својата работа и целта“, шеговито заклучи докторот.

Господинот Радичевиќ само кимна со главата и побара докторот одново да му ја раскаже случката во градината.

„Ви велам, до нервите е. Сето тоа ми е поради растроеност“, заврши Мишиќ.

„Така е. Имаш право“, се вмеша господинот Баториќ, „и јас би рекол дека тоа ти било поради нервите. Но, што се однесува до сонот, веќе станува збор за нешто сосем друго. Знаеш како пее древниот Хорациј: *Post mediam noctem, cum somnia vera*...[27] А старите Латини биле умни луѓе и секогаш трагале по вистината. Патем, има една добра книга, ја напишал некојси Артемидорус и, ми се чини, насловот ѝ беше *Ancirokritikon*. Како млад, еднаш ја држев в рака – кај мојот кум, стариот гроф Кеглевиќ. Кога би ја имал, драг мој, и кога би ја прочитал, можеби би нашол објаснување за својот сон.“

Докторот само се насмевна и кога вечераа, не дозволи да го наговорат да ја прекрши диетата.

Неколку дена подоцна, одново го сонуваше истиот сон. Повторно го гледаше истото прекрасно женско тело. Тој пат сонуваше дека е уште студент на виенскиот универзитет и дека се наоѓа во салата за анатомија. Слугата му јави дека денес, кога нему му е редот за аутопсија, дошло цело мртво тело, и додаде дека треба да му даде награда за тоа, бидејќи токму слугата ја наредил работата и затоа сите други студенти му се лути и гневни. „Внимавајте, господине доктор, да не ви се случи нешто, зашто би можеле да го изгубите и срцето, до толку е убава“, му рече слугата.

Кога се доближи до масата, ја виде неа – сосем гола. Знаеше дека ја познава, ама не мо-

[27] (лат.) По полноќта, кога се остваруваат соништата...

жеше да се сети од каде и каде ја видел претходно. Обземен од нејзината убавина, долго не можеше да се фати за ножот. Му беше жал да ги засече градите со толку совршени облици, за да го подготви препаратот за своето поглавје од анатомија.

Наеднаш не можеше да се помрдне. Како да му се здрвија и рацете и нозете, очите му се вкочанија, не гледаше ништо, само слушна како, од страшна далечина, допираа некакви латински разговори што не ги разбираше; знаеше дека се на латински јазик и дека тоа силно го измачува и го боли, дека е страшно. Се разбуди од страв. Погледна во стрелките на часовникот. Беше еден часот и десет минути.

„*Post mediam noctem, cum somnia vera*...“, му беа првите зборови, полни со ужас и страв. И одново ги почувствува стариот немир и меланхолијата.

„Таква ли да ја видам – мала убавица!“, шепна речиси жално. „А зарем не значи тоа нешто во стварноста? Што би значело тоа упорно појавување на истите облици? Што значи, најпосле, секогаш истиот развој на настаните? Зошто чувствата ми се возбудени и вознемирени само од соновната појава, од фантомот на мојата фантазија, и како тие чувства ми се толку силно опседнати, тоа не ми се случило ни со жив човек?“, се прашуваше докторот. И не сакаше напомош да ги повика реалните причини на својот разум и постулатите на својата наука, туку некако слатко и опседнато му се препушти на ова размислување, топејќи се од радост што

прекрасната девојка од сонот не би можела да биде само појава на неговата фантазија, ами вистинско суштество, „без разлика од кој вид.“

„Но зошто ја сонувам во такви грозни околности?“, се прекинуваше самиот себеси во своите мечтаења, а околу срцето му се обвиваше нешто студено, како змија, па запаѓаше во меланхолија.

Од таа ноќ, одново почнаа да се појавуваат страшните соништа во кои секогаш ја гледаше истата девојка во некаква страшна околност. И секојпат се будеше од таквиот сон, обземен од ужасен страв. Ако не се разбудеше, прекинувајќи го сонот, во утрата страдаше од меланхолија и тага и се чувствуваше како да очекува нешто страшно.

Но, освен страшните соништа, сега сè почесто имаше и еротски, во кои секогаш се појавуваше истата прекрасна девојка. Тоа беа бескрајни состаноци во дотогаш невидени краишта, невообичаено драматични и живописни доживувања, нешто што во животот – колку што паметеше – го немаше доживеано; имаше ситуации што беа полни со најискрени љубовни признанија и во исто време со крајно љубоморни маки. Често се сонуваше себеси како двајца различни луѓе, од кои едниот му завидуваше на другиот поради убавицата. А неа, пак, секогаш ја гледаше во нејзината совршена убавина, секогаш облеана во поезијата на тага и несреќа.

Тие соништа толку му прирасnаа за срце, што почна да копнее по нив. За да биде посигурен дека ќе му се појават ноќе, уште од вечерта

се присилуваше почесто да мисли на девојката. Но, веднаш забележа дека токму кога особено многу и живо мечтаеше за неа, никогаш не ја сонуваше. За сонот веќе не зборуваше со никого. Всушност, го избегнуваше тоа. Кога Радичевиќ или Баториќ ќе го прашаа нешто, само ќе им кимнеше со главата или ќе им се насмевнеше, и веднаш ја менуваше темата на разговорот. Ни самиот веќе не знаеше што да мисли за целата таа работа и само силно сакаше појавата на девојката да не му излезе од умот. Кога беше дете, учеше да црта. Сега се обиде да го нацрта ликот на нејзината појава. Се разбира – мораше да го остави моливот уште во првите минути. Посегна по друго средство. Зеде бележник и во него почна точно да го запишува секој сон.

Една вечер си легна порано, измачен од напорната работа со која беше зафатен цел ден. Надвор се готвеше бура. Од далечината се слушаше татнежот на громовите, темните облаци го покриваа небото осветлено од месечината, а по некоја молња ќе го распараше воздухот. Докторот, мислејќи на својата растроеност, тргна да ги затвори прозорските капаци, за молњите и громовите да не му пречат во сонот.

Заспа набрзо. Сонуваше дека лежи и дека спие на својата постела, од каде што гледа кон темната соба, додека повремено, низ процепите на капаците, се пробиваше модрата светлина на молњите. На спротивниот крај од куќата, во крајната соба, влезе неговиот слуга со дополу изгорена свеќа и докторот виде како тој го от-

вора шкафот и си зема шише добар коњак што го крие под пазувата, а потоа се оддалечува газејќи на прсти. Докторот, сè уште лежејќи во постелата, сега продолжи да го гледа како чекори по ходникот, потоа во приземјето и како, најпосле, влегува во својата собичка, каде што го чека цело друштво од мажи и жени. Сега веќе не го следеше, па не се ни чудеше што може да го види од својата постела. Неговиот поглед беше свртен нанадвор и можеше да види како силниот дожд врне со плесок и како на патот некаква кола – веројатно селска – јури со страшна брзина. И гледаше сè подалеку и подалеку – ни господ не би знаел колку далеку. Потоа, најпосле, виде широк пат, покрај кој имаше осамена ниска и долга зграда, за која веднаш претпостави дека е крчма. Пред зградата стоеја неколку кочии, а во зачадената широка просторија имаше многу кочијаши, селани и секакви неранимајковци. Дебелиот крчмар, со исушената крчмарка, извалкана како и слугинката, една млада крањска девојка, се вртkаа меѓу гостите и секој час носеа или вино, или цигари, или ракија. Во ќошот, покрај печката, одвоено седеше еден наведнат човек, во долг капут што му досегаше до подот, сиот искинат и со неодредена боја. На колената му почиваа гусли. Долгата разбушавена коса му паѓаше на поцрнетото измачено лице, изгорено од сонцето и тешките времиња. Тоа бедно лице беше обраснато во долга црна брада и, бидејќи главата му беше надолу навалена, неуредната брада му лежеше на градите. На нечие намигнување

или повик ги крена гуслите, се исправи и почна да поминува преку жиците со гудалото. Долг жален акорд се разнесе низ просторијата и со тивко, растреперено, речиси болно осцилирање замре меѓу бучавата од пијани гласови. Свирачот се обѕрна во неодреден правец и жално кимна со главата. На негов знак од некаде – од ќошот зад орманот, или од друго место – истапи млада девојка, во кратка циркуска облека со црвена боја и модри врвки и, наместувајќи се покрај гусларот, со свртено лице кон него, почна да пее. Имаше прекрасен, мек и божествен глас. Најпрвин зазуи тивко-тивко, а потоа страсно и силно запеа, по што, најпосле, се распливна во милозвучно роморење на час нежни час силни звуци, а потоа одново, како во бескрајно вдишување, се губеше во волшебно, слатко замирање.

Доктор Мишиќ не ги разбираше зборовите на песната, ниту ја познаваше мелодијата, и само знаеше дека слуша нешто што дотогаш никаде не го имаше слушнато, толку прекрасно, величествено и совршено. Не можеше да ја види пејачката в лице. Но, кога при крајот на песната пијаната толпа почна да се буни и да вика дека не сака такви жални поповски песни, па „Циганката“ нека запее нешто весело, нешто „наше“ – тогаш девојката се сврте кон нив. Во овалното лице со бела и кафена боја, во крупните темни очи, во бујната црна коса, во милиот лебедов врат – во целата нејзина појава – ја препозна непознатата девојка од своите соништа. Му стана страшно тешко и жално што не може

да стане од постелата. А сега беше толку многу поубава од претходно! И сега лицето ѝ беше обвиено од некаква неискажана тага и очите некако уморно ѝ гледаа пред себе – но сепак, од целото нејзино битие струеше топол млад живот. Но, беше толку привлечна, толку чудесна во својата лесно исплашена и речиси детинеста појава, со својот тивок потсмев и зачуден поглед во насолзените очи, засенети од долгите трепки, толку долги што од нив паѓаа сенки. И одново почна да пее – песната повторно прозвучи тажно, уште потажно од првиот пат. Додека пееше, сите молчеа. Најпијаните кочијаши ги потпреа несигурните глави на лактите и слушаа со отворени усти. Други, кои уште некако стоеја на нозе, пристапија поблиску и ја опколија пејачката, па глупаво зјапаа во неа и, покрај тоа што главите им беа во магла, одобрувачки кимаа и си ги бришеа солзите. Кога затрепери последниот звук, наеднаш во спротивниот агол се крена врева: „Нејќам вакви тажаленки, ми ги распаруваат градиве, вратов, ах, вештерко, пеј нешто весело!“ – и еден силен неранимајко, како бесен рис, срипа од клупата, ги искрши со еден замав сите чаши околу себе и пијано се затетерави кон свирачот.

„Весело, нека пее нешто весело!“, му се придружија уште неколкумина и како клопче се стркалаа пред кутриот музичар.

„Оставете ги, гадови, нека пеат! Оставете ги, нека пеат што сакаат. Баш е убаво. Што сакате вие? Уште нека пее!“, се противеа оние што први се насобраа околу пејачката.

„Не, не!“, и настана ужасна врева, мешаница, и најпосле започна бесна тепачка. На кутриот свирач му ги искршија гуслите. Нерасположено ја зграпчи девојката за рака и јурна кон вратата. Во тој миг, едно шише прелета низ воздухот и ја погоди девојката во слепоочницата. Таа се струполи без глас и се склопчи, наместо да се испружи како што обично бива. Доктор Мишиќ, од страв, ужасно крикна – и се разбуди.

Толку беше вознемирен што веќе не склопи око. „Од каде тие страшни и чудни слики“, се прашуваше речиси во очај и се плашеше да не се први знаци на лудило. „Каква јасност, колку сето тоа е живо и прикажано до најмала ситница, речиси како доживеано! Како да е стварно! Овој пат немаше ни трага од некаков фантастичен момент – ох – речиси ми е тешко да сфатам дека сонував. Како навистина да го гледав сето тоа пред себе! Не, ова не е нешто безопасно. Ќе мора да појдам до Виена кај професорите да ме испитаат. Ех, би било страшно да полудам!“

И го обзеде страшен очај. Реши дека веќе нема да им се препушта на мечтаењата за убавата девојка. „Од него ми доаѓаат овие соништа, кои со својата лажлива реалност ја преминуваат границата на сонот и со својата стварност ми го полудеа духот. Ух!“ – и не издржа, лежејќи во постелата. Мораше да стане, па во ноќна кошула шеташе по собата. Најпосле, и самиот без да знае зошто, појде во собата од спротивниот дел на куќата и го отвори шкафот. Погледна кон преградата со коњак. Речиси се запре-

пасти и мораше да се повлече еден-два чекори. Го немаше токму она шише што го сонуваше. Мораше да појде во собичката на слугата – не поради кражбата, туку да се увери подобро. Во ходникот од долниот кат допреа звуци на пијана песна, кои доаѓаа од собата на слугата. И тоа го сонуваше. Му стана многу чудно. Речиси со страв продолжи понатаму. На првото скалило му прелета низ мислите: „Ах, ете, во сон сум ја слушнал оваа пијанка долу, а потоа од тоа сум создал своја приказна!“, и се тресна по челото, смирено се насмевна и се врати во својата соба. „Најпосле, би можел и јас да станам како оној господин Шкендер.“

Поминувајќи покрај шкафот, се сети на коњакот. „Ах, глупости. Веројатно уште вчера сум забележал дека го нема шишето, а потоа не сум мислел на тоа, сè до сонот, кога го сонував.“

И сега смирен легна во постелата.

* * *

Следниот ден, околу пладнето, токму кога заврши со работата во амбулантата, дојде гласник испратен од околискиот суд. Донесе службен налог со кој на докторот му се наложуваше, во својство на судски вештак, да им се придружи на казнено-судските власти во еден случај на насилна смрт, што се случила во некое далечно место на крајот од околијата. Во друг случај, ладнокрвно би ја примил таквата вест. Но, овој пат веднаш се сети на ноќешниот сон. „Хм, сепак барем нешто од тоа е висти-

на!“, шепна додека го читаше службениот документ. Но, веднаш се прекори. „И покрај сета своја растроеност, сега ќе испаднам и смешен.“ А навистина беше вознемирен. Мачниот сон, непроспаната ноќ, возбудената состојба што траеше цела недела, сето тоа придонесуваше да биде понервозен од обично.

Рацете му се тресеа додека ги сместуваше инструментите и ножевите за сецирање трупови во торбата. Трипати се враќаше откај кочијата во својата соба да доземе нешто што го беше заборавил, а му беше потребно за таму.

Во канцеларијата не ги затекна властите. Судијата, заедно со писарот и постариот доктор, веќе тргнале за навреме да стигнат на местото на злосторството. Оставија порака да дојде по нив.

Беше жешко августовско попладне. По патот се креваше густа жолта прав што образуваше цели облаци зад колата. Воздухот беше тежок и запурничав и беше мачно да се вдишува. Докторот нетрпеливо исчекуваше да стигне на местото и конечно да заврши ова лошо патување, а сепак беше прогонуван од некаков страв штом ќе помислеше на мигот кога ќе стигне таму. Ни самиот не знаеше да си одговори зошто се чувствува така – само му се наметнуваше помислата колку е чудно што оди на службен увид на настан што беше мошне сличен на неговиот сон.

„Најпосле... ах, па кој би можел да поверува во тоа, макар и за миг! Ништо, ништо. Таквите нешта се погубни, ни го сматуваат умот.

Едно нешто ми е јасно – човек никогаш не е безбеден пред суеверијата!“, велеше докторот, бркајќи ги сличните мисли од себе.

По околу два часа, стигнаа таму. Селскиот стражар го пречека и го одведе до мртовечницата покрај гробиштата, каде што веќе работеа истражните органи. Таму затече насобран народ околу масата, сместена под ведро небо пред мртовечницата. Покрај масата седеше писарот што во записникот ги внесуваше изјавите на преслушаните луѓе. Докторот само површно фрли поглед кон луѓето. Почна да му се чини дека сиве овие лица му се некако познати. Сепак, немаше време да обраќа повеќе внимание на тоа. Судијата веднаш му пристапи и, покажувајќи кон вратата од мртовечницата, му рече да ја изврши обдукцијата на мртовецот додека тој ги испитува луѓето.

„Убиство, убиено е некое Циганче. Значи, докторе, направете сè што е во ваша должност, па веднаш потоа ќе ни го искажете вашиот наод и мнението. Да не губиме многу време. Ќе сецирате вие, како помлад... така ли е, господине Ашбајер?“

„Да, да. Нека повели господинот колега“, се јави постариот доктор, човек во години и мошне дебел. „Доволно се изнагледав вакви нешта, а и главата некако ме боли, нема ни да можам да влезам внатре. Ќе потпишам сè што ќе кажете вие. Ќе трknам до селото да видам дали некаде има добро вино. А вие, колега, ќе завршите и без мене. Случајот и без тоа е јасен. Смртоносен удар во слепоочницата – ми се

чини, во левата беше – скршен череп над увото, да, да, чист случај. Значи, до гледање! Ќе се вратам уште пред да завршите со сецирањето. Господине судија, и вие немате ништо против тоа.“

И стариот доктор се извлече од насобраната толпа, па со својот расклатен чекор се спушти кон селото.

Доктор Мишиќ ги подготви инструментите, нареди да му донесат вода во мртовечницата и потоа влезе внатре, заедно со гробарот и со стражарот. Таму беше само дополу светло, светлината продираше од малото прозорче над вратата. Просторот беше тесен и ѕидовите беа темни и зелени од влага. Воздухот мирисаше на мувла. Се чувствуваше слаба реа на мртовец. Среде просторијата стоеше невешто и грубо изработена маса. На неа лежеше мртво тело, покриено со нечиста долга прекривка, под која не се гледаше ништо од трупот; само на долниот крај ѕиркаа правливи и изгазени чевли. На горниот дел од прекривката црвенееја крвави дамки.

Докторот Мишиќ го немаше во себе вообичаениот спокој. Постојано во мислите му се појавуваше сеќавањето на ноќешниот сон, а сега, кога ги забележа дамките и просторот во мртовечницата, се сети и на претходните соништа.

„Кога под платново би лежела – таа! Ух, па тоа би било страшно!“, мислеше во себе, повеќе стресувајќи се од помислата да ја види, одошто од претчувството дека сонот би се остварил. Чувството му беше речиси слично на

стравот што го чувствуваше некој љубовник што се бори за животот на својата љубена. Во друг случај, при обдукција, сам би се нафатил со соблекување на мртвото тело, не сакајќи невештата рака на селанецот да се плетка со вкочанетите раце и нозе. Сега, или не сакаше или не можеше да работи вообичаено, па му нареди на гробарот тој да ја заврши работата. Се сврте кон вратата и гледаше надвор, од каде што допираа распитот на судијата и одговорите на испитуваните лица.

„Па, бевме... кој би знаел колку... цела соба беше полна со народ“, одговори еден глас. „Наеднаш стана мешаница и викање, почнаа да се тепаат момци; кој да знае како и зошто? Како да се замешал ѓаволот – ете така се случи. Луѓето пијани... и... кој да знае кој е крив, овој или оној. Јас не сум, можам да се заколнам и пред крст ако треба, не сум допрел никого. Никого.“

„Ох, леле, ох!“, жалеше еден груб глас! „Сите сте криви. Ох, господе, да убиеш такво чедо! Ми го зедоа мојот хранител – ох, леле – мене, кутар старец! Каде да одам сега? Молам, молам, милостив суде, ставете ги сите нив в затвор, а мене нека ми платат, да ми платат многу. Моето кутро, жално дете – го убија како куче, оф, леле! И ми ја искршија виолината – мојата стара италијанска виолина! Ми беше вистинско богатство!“

На Мишиќ гласот му прозвучи мошне познато и сакаше да излезе надвор и да го види старецот што се жалеше. Но, нешто го задржа и остана на своето место.

„Готови сме!“, од зад грб се јави гробарот, проследен од селскиот стражар. Докторот се сепна и, насочувајќи го погледот кон масата, отстапи од вратата и се упати кон кутичето со инструменти. Иако немаше причина да пребира, докторот, сепак, долго бираше меѓу ножевите, ножиците и ланцетите, наведнат над нив.

„Ќе требаат уште свеќи“, рече гробарот, со цел да го потсети докторот да започне.

Мишиќ се исправи со воздишка и со краен напор се доближи до масата, наведнувајќи се да го погледне мртвото тело.

„Ах, глупости, што ми е! Та, не сум Радичевиќ!“, луто промрмори и пристапи сосем близу до масата.

„Ох, таа е!“, речиси гласно викна и отскокна два чекора наназад, додека рацете му виснаа залепени за телото, а со дланките го притисна железото на ножот, по што почувствува силна болка. На масата лежеше мртво голо тело на сосем млада и прекрасна девојка. Нејзиното убаво лице, со преплашен и болен израз, како да гледаше во докторот, а крупните темни очи беа широко отворени; на долгите трепки и на густите веѓи имаше земјен прав, а бујната црна коса разбушавено паѓаше кон подот преку масата; еден прамен под увото беше цврсто стврднат од засирената крв.

„Не, не е можно“, си рече по одредено време. „Ова и исто како тогаш кога во градината го видов расцутениот јоргован и ми се привиде како девојка. Моите нерви... моите нерви!“, и се фати за челото.

Но, колку подолго гледаше, толку повеќе мораше да си признае дека мртвото тело е исто со девојката што ја сонуваше.

„Нема сомнеж – истите облици – истото лице што го сонував толкупати. Таа е, таа е!“, болно викна и душата му ја пронижаа силна болка, недогледен жал, а очите му се насолзија.

„Таа е!“, шепотеше тешко, гледајќи ги прекрасните форми, слабо вкочанети, со недоволно мртовечка боја. Ја препознаваше секоја линија. Оној ист мал непознат црн знак над десното бедро – ете го. И десната рака ѝ почиваше покрај десната града, исто како што ја сонуваше првпат. Се стресе и почувствува силен страв. Како над него да прелета некој кобен и таинствен облак и како да го прекри со својата страшна сенка од надземниот, натчовечен живот.

„Значи, сонот не лаже“, гласно рече, не обраќајќи внимание на двајцата присутни луѓе. „Ете го, истото тело. И токму онакво и во иста положба како што го сонував. И настанот! Оној надвор рече дека имало тепачка. Ах, не – сето тоа може да биде случајно совпаѓање. А можеби не сфаќам баш најдобро. Растроени ми се нервите. Долго време ја сонував истата појава – а сега ја гледам насекаде. Море...“, прекина и со трескавично движење јурна кај гробарот и зеде да го испитува и да го тера да му опише како го гледа мртвото тело. Гробарот зачудено го погледна, потоа го исклешти лицето во глупава насмевка, се сврте кон стражарот и се почеша по увото.

„Па, видете, господине доктор! Хм, убава е, штета што ја убиле. Млада девојка.“

„Ама кажете ми каква коса има, дали е крупна во телото? Ајде, зборувајте.“

„Боже господе, господине доктор – има црна коса. Во телото е – како да кажам – па, млада е, убава, не е дебела.“

„Има ли некаков знак над бедрото?“

„Па, има, секако дека има, како може да нема? Ете го, гледате ли.“

„Значи, добро и реално гледам!“, рече докторот, повеќе за себе. „Таа е, таа е.“

И веќе не мислеше на својот сон – само го гледаше убавото мртво тело. Наеднаш почувствува потреба да биде сам во просторијата и речиси грубо ги избрка надвор гробарот и стражарот.

Го насочи долгиот поглед кон мртвата девојка. Убавината на нејзините нежни облици одново му заблеска пред очите, како во сон. Душата му се исполни со огромен жал, со светечка сомилост, со ужасен очај. „Колку е убава, колку е прекрасна! Со својата убавина заслужува само среќа – а сега, ох, сега е само мртов труп! Зошто доживеа ваква страшна судбина?“ И во мислите потона во историјата на кутрата музичарка-скитничка, чија судбина не се задоволила со бедниот живот на пат и со непрестајниот допир со немаштијата, со гревот и со маката, туку уште и сакала да ѝ подметне толку рана и грозна смрт! Докторот се стресе од згрозеност. Потоа, низ мислите му поминаа спомените од неговите љубовни сништа. Се чувствуваше како да ги доживеал, и сега стоеше пред мртвата и ја оплакуваше како љубовник

што плаче по својата умрена сакана жена. Се жалеше на својата тешка судбина зашто онаа, која му ги освои душата и срцето, ја гледа мртва во стварноста. Огромна нежна трогнатост му се спушти во утробата и сети потреба да ги почувствува усните на мртвата. Главата му се исполни со неверојатни мисли и во некаков чуден занес почна полугласно да зборува, да вели дека таа е негова, дека му е судена, дека тоа што ја сонувал не било случајно.

„Да, да, меѓу нашите души имаше врска што ги надмина сите физички пречки и тие се најдоа. Таа е моја, моја е!“

Се наведна над неа и ја бакна во студените усни. Првин се штрекна од непријатниот допир и мртовечкиот мирис. Но, кога одново го спушти погледот кон неа, прекрасна, убава и нежна, повторно го обседоа претходниот занес и претходната трогнатост, па се засрами што накратко мораше да почувствува одвратност кон неа, без разлика што е мртва, неговата „љубена“ – па сега почна не само да ја бакнува мртвата само по лицето, туку и по косата, по раменатa, по градите и по рацете, сета ја опсипа со бакнежи. Кога си дојде на себе, одново се штрекна и се оттргна од чудната прегратка. Сега, низ душата му проструи чуден, неопислив бол. Сосем јасно ја виде целата трагика на тој уништен млад живот, толку убав и прекрасен живот, а уште повеќе ја сфати трагиката на сопственото срце и духот. Тешко залипа. Крупни солзи му потекоа по лицето што се грчеше и се искривуваше од болка.

Тоа беа страшни мигови за него!

„Значи, докторе, почнавте ли?“, се јави судијата од кај вратата. „Јас сум речиси готов.“

И зеде да му раскажува што истражил за случајот. Беше исто како што сонуваше докторот. Покрај судијата, се протна и таткото на усмртената девојка. Докторот одново затрепери кога го виде. Беше речиси ист како свирачот во сонот.

„Што ви е, докторе? Побледевте, изгледате...“, рече судијата кога забележа дека докторот се однесува вознемирено и променето.

„Ништо, ништо. Веќе долго време не сум сецирал некого.“

„Ако ви е лошо, сецирањето ќе го преземе Ашбајер. Ќе пратам човек по него. Вистина, стар е, па тешко му оди.“

„Не, не!“, викна докторот. Му беше страшна помислата дека некој друг би го разгледувал тоа тело. *Морам јас! Барем тоа да го добие од мене!*, речиси лудо си велеше во себе.

Старецот музичар, во меѓувреме, се беше склопчил во еден ќош и непрестајно плачеше и липаше. Жалеше по своето дете и по своите гусли. Судијата сакаше да го изведе надвор, но тој ги крена рацете и замоли да го остават таму. Докторот не се согласи на тоа и ги замоли сите да се оддалечат освен гробарот, кој ќе му го придржува садот со вода.

Сега остана сам. Со силен морален напор се присили да биде мирен. И навистина, сосем сталожено го соблече капутот, ги засука ракавите до под рамена и се фати за инструментите.

Ах – се разбира, уште првиот засек преку челото му зададе ужасна морална болка. Тоа прекрасно мазно чело, тоа преубаво лице – кое го освои со својата убавина и привлечноста во чудесните и слатки сништа – сега мораше да го уништува со ножот. И кога ја отстрани кожата и почна да го сече черепот, мораше да направи мала пауза и да земе воздух.

И покрај сите напори, не можеше да се соземе. Трепереше и се тресеше со целото тело од вознемиреност, од страшна болка и од тага. Само неговата силна вештина на исклучителен анатом му помогна да сецира. Кога мораше да го отвори градниот кош, а потоа и утробата – речиси снеможи и веќе не можеше да прави правилни потези. Дебели капки пот му се појавија на челото и по целото тело. Едвај гледаше пред себе. Кога го извади срцето, му стана страшно тешко. Го обзеде некаква несвестица: се заниша, клапна и со горниот дел од телото падна над трупот, а рацете му беа прекрстени.

„Господе, па внимавајте да не се исечете!“, викна гробарот, кога забележа дека десната рака со ножот се заби некаде под левото рамо. Докторот не го слушна. Збунето се поткрена за миг – и речиси несвесно и механички продолжи со својата работа.

Никогаш претходно не му било потребно толку време за сецирање. Кога заврши, излезе надвор и го повика писарот за да му даде свој наод и мнение за во записникот. Гласот првин му трепереше, но постепено си доаѓаше на

себе, и кога докторот Ашбајер дојде, Мишиќ веќе диктираше цврсто и уверено.

При потпишувањето во записникот, наеднаш на хартијата капна крв од под ракавот на Мишиќ.

„Што е тоа?“, се зачуди доктор Ашбајер.

„Не знам“, му одговори Мишиќ. „Убаво се измив, не знам од каде би имал крв?“

„Боже, да не сте се исекле? Господе, а што ако сте се исекле?!“

„Не знам како би се исекол“, мошне исплашено рече Мишиќ.

„Ама сте се исекле, еве, ви тече крв. Господе боже – сте се заразиле!“, и стариот доктор брзо му го соблече капутот на Мишиќ и му го засука ракавот од кошулата. На левата надлактица, веднаш до рамото, имаше мошне долга и тенка исеченица.

„Оф, леле, па како се случило тоа? Толку високо? Да беше на дланката, на прстите, ќе разберев, ама толку високо?! Како се случи толку високо да замавнете со ножот? Речиси е невозможно човек да се пресече таму.“

Гробарот рече дека видел како докторот со ножот се исекол по рамото кога му се слошило и кога паднал во несвест.

„А ти, глупав човеку, ништо не рече? Глупак, глупак ниеден, зарем не знаеш дека тоа не е обична рана, тоа е отров, тоа е смрт, ако не добие веднаш помош! Сега ќе оконча за два часа“, се лутеше Ашбајер.

Потоа, појде да побара во кутијата на Мишиќ средства за прва помош при такви случаи.

Испадна дека во неа нема ни алкохол, ни стипса, ни амониум нитрат – ама баш ништо. Во расеаноста, додека се подготвуваше да дојде на обдукцијата, Мишиќ заборави да ги спакува сите овие работи.

„Боже, што ќе правиме сега?“, викаше старецот додека Мишиќ стоеше неподвижно, како изгубен. „Предоцна е да ја исцицаме крвта од раната.“

„Предоцна!“, се огласи докторот, зборувајќи повеќе за себе, некако свечено и придушено. Се чувствуваше како да се наоѓа под власта на некаков силен апсолутен закон што ја извршува својата волја, не внимавајќи на ништо, против чија волја нема простор за борба и опирање. Дури сега му стана сосем јасен неговиот сон.

„Значи, тоа беше таа вкочанетост на телото, таа шума, тоа давење во страшната вода, тие нејзини ситни бакнежи – сè ми беше кажано и покажано во сонот. Мене смртта ме чекала – оттаму и доаѓаше меланхолијата, мојата душа во сонот однапред видела сè. И мораше така да биде“, шепотеше Мишиќ за себе, не внимавајќи што се случува околу него и не грижејќи се за ништо. Во целото негово битие навлезе силна безволност. Целосно беше под впечатокот дека целиот човечки живот, дури и во најмалите ситници, е само непрекината низа од конечно одредени настани. Сега сфаќаше дека неговата душа со недели претходно можела да знае нешто што навистина ќе се случи. Го почувствува тој миг и го разбра неговиот за-

гадочен нарав. Неговото дотогашно механичко и хемиско разбирање на светот и на самиот себеси се стрмоглави во ништото и во душата насетуваше нешто поголемо од само обичен физиолошки процес на мозочното ткиво. И не се чувствуваше тешко поради тоа. Напротив, се сети и поголем и посилен, па помислата на смртта не го поништуваше. Западна во некаков мистичен занес, во кој се извишуваше со духот и како да претпоставуваше дека смртта не е конечен крај, туку почеток на приближувањето кон вистинското совршенство. При оваа помисла, се сети на мртвата девојка и го облеа топол, нежен жар поради тоа што одново ќе се сретне со неа...

„Ајде да побрзаме дома“, го прекина во мислите колегата Ашбајер. „Ќе пратиме од таму кола по лекари во Загреб за да ти помогнат. Опасноста е голема, како што добро знаете – та зарем ќе кријам од вас? И самиот знаете што е мртовечки отров. Мора да се ампутира раката – од рамото. Така ќе бидете спасен.“

„Мислите? Хм, не знам“, му одговори Мишиќ, помислувајќи на својот сон. Но, не рече ништо друго. Не се ни противеше дома кај него кога пратија кола во Загреб по лекар, еден познат хирург. Како да не му беше грижа за ништо.

Уште ноќта падна в постела со температура, а затруената рана се воспали. Воспалението првин зафаќаше дури до зглобот. Кога наредниот ден рано утрото, пристигна хирургот со својот помошник, воспаленото место се прошири, зафаќајќи го целото рамо; немаше сом-

неж дека крвта му е затруена. Ампутацијата веќе не можеше да помогне.

„Нашата служба веќе нема работа тука. Повикајте свештеник. Известете ги неговите роднини“, му рече хирургот на Ашбајер и, откако им наплати, одјури во градот каде што го чекаше одложената работа.

Мишиќ запаѓаше од една треска во друга. Речиси и да не доаѓаше при свест. Болеста напредуваше со стреловита брзина и со силна жестина. Паѓаше во бунило, бладаше. А во тие фантазии, остваруваше среќна љубов со несреќната девојка. Тоа беа денови, месеци и години на пресреќно блажено љубење. Таа вечност ја проживеа во само неколку часа.

Кога се приближи физичкиот крај, си дојде на себе. Летното блескаво сонце продираше во собата. Покрај неговата постела седеа Ашбајер и стариот Баториќ.

„Не ми е тешко!“, рече болниот. Ја зборуваше вистината. Се чувствуваше некако лесен и како да беше сосем оддалечен – од сето она што го опкружуваше. Не можеше да сфати како можел да има љубов и смисла за сиот дотогашен живот. Толку чудно, толку далеку и сосем рамнодушно му беше сето тоа. И не го трогна ни златниот сончев зрак, ниту зажали што истиот тој зрак набрзо ќе му згасне, за век и векови.

Наеднаш умот му стана необично чист. Секоја мисла му се појавуваше остро и точно – без никаква двозначност и без никаков сомнеж. А мислите јуреа со брзина на која не ѝ беше рамна ни брзината на струјата. Речиси целото не-

гово знаење му помина низ умот, јасно, точно, како никогаш претходно. Одамна заборавените нешта од училиштата, секоја страница од проучуваните книги – сето тоа го знаеше, како сега да го учеше. А потоа пак душата му се исполни со некаква необичност. Целиот негов живот, од детството до денес, стоеше пред него. И најмалата ситница, најбезначајниот детаљ, детските игри, глупавите шеги, разговорите, доживувањата – сè, сето тоа се наоѓаше тука. Не се појави како статична слика или едно по друго да му се редеа пред очите. Сè беше чудесно, како одново да ги преживува. Притоа, не постоеја границите на физичкото време и просторот. Во тоа привидение веќе немаше разлика меѓу неговите вистински доживувања и кобниот сон. А сонот повторно беше целосно јасен и ги предизвикуваше истите чувства и овде. Слатката раскошна затруеност му ја освои душата и прекрасната слика на младата девојка стоеше пред него.

„Сè постои за нас, оние што примаме со душата – и сега гледам дека само тоа е навистина наше. Тоа нас не нè напушта ни во смртниот час!“, гласно се прекина во мислите.

„Ох, колку ми гори крвта!“, болно се исправи и сакаше да се премести. Во тој миг, снеможи и со главата падна на перницата. Умре.

ПОГОВОР

Уште на прв поглед е јасно дека изборот што го носи оваа антологија е прецизен, а не општ. Намерата ни беше да ги претставиме најинтересните и најуспешните раскази од периодот меѓу последната деценија на деветнаесеттиот век до Втората светска војна, односно оние раскази што на најуверлив начин го претставуваат стилскиот плурализам на модернизмот во хрватската книжевност. Антологијава донесува мал број раскази, но го сумира најдоброто од хрватската книжевна продукција од тоа време, со желба да ѝ ги претстави на македонската средина авторите и делата што досега, можеби, не биле толку присутни во преводите, што не биле познати или читани. Затоа за македонскиот читател книгава би можела да претставува концизен вовед во контекстуализацијата на хрватската модернистичка книжевност и нејзин сооднос со тогашните светски книжевни движења.

При изборот најлесно беше да се следи стилското и временското ограничување на текстовите. Сите раскази јасно го покажуваат својот модернистички сензибилитет, при што и оние авангардни дела што се стремат радикално да раскинат со традицијата ги набљудуваме како производи на истиот плуралистички дух на времето и на единствениот книжевно-историски процес, во кој авангардата го заострува и го доведува до крајни граници она што модернистите го започнале. Цензурата што ја одбележува Втората светска војна ја гледаме како временска граница до која занесот на првата модерна речиси целосно издишува, а кога се обновува по завршувањето на војната, во книжевноста, сепак, внесува нови сознанија и нова чувствителност, која има некаква врска со предвоените писатели, но сепак е доволно различна да може – а впрочем така е и веќе утврдено – да се смета за нова книжевна етапа.

Рамо до рамо со овие книжевно-историски одредувања стои и книжевно-теориското, т.е. жанровското одредување, а секој оној што се занимавал со темата за краткиот расказ, веројатно, најпрвин ја воочил многукратноста на нејзините дефиниции. Придавката во нејзиниот назив означува дека оваа тема неразделно се подразбира според нејзиниот опсег. Меѓутоа, не секогаш е сосем јасно колку мора да биде краток некој текст за да се нарече *краток* расказ, односно колку долг мора да биде за да биде *расказ*. Одредувањето според големината, од-

носно должината, веднаш ги повикува поделбите на руските формалисти на големи и мали форми, при што краткиот расказ тогаш мора да потпадне под малите прозни форми, додека на другото поле од споредбата стои романот. Различните теоретичари и писатели на прашањето за должината даваат различни одговори, но би можело да се заклучи дека краткиот расказ се сместува во рамките меѓу 500 и 20.000 зборови (Scofield, 2006: 4-5). Меѓутоа, проблемот се усложнува кога ќе ја земеме предвид и своевидната терминолошка неускладеност кога говориме за кратките прозни форми. Во хрватската историја на книжевноста и книжевнотеориските трудови, по трагата на германските класификации, во оптек се три поими – расказ (Erzählung), новела (Novelle) и краток расказ (Kurzgeschichte). Покрај нив, уште треба да се додаде и цртичката, а и треба да се напомене дека изразот *краток расказ,* како одредница, посилно се воспоставува дури од средината на XX-от век, по зајакнувањето на влијанието на американската критика и изразот *short story*. Таквата, условно кажана, несреденост од една страна како да бара повнимателни разграничувања и попрецизни дефиниции, додека од друга страна, одново се провлекува изостанокот на една сеопфатна дефиниција.

Првото што се воочува, а што го засегнавме споменувајќи ги формалистите, е дека сместувањето на краткиот расказ во воспоставените класификациски системи го отвора пра-

шањето за неговиот однос кон некој надреден или почетен жанр (Levanat- Peričić, 2013: 481). Мирослав Шицел, приредувачот на најобемната *Антологија на хрватскиот краток расказ* (2001), не инсистира на одвојувањето на краткиот расказ од новелата, поистоветувајќи го со кратката проза како бинарна опозиција на долгата проза. Крешимир Немец (*Антологија на хрватската новела*, 2007) го смета краткиот расказ како подвид на новелата, односно една фаза во развојот на новелата. Хелена Саблиќ Томиќ ги разликува новелата и краткиот расказ преку споредбата отворено-затворено; додека новелата е генерално затворен текст со јасно дефиниран почеток и поентирачки крај, краткиот расказ се одликува со отвореност и фрагментарност (Sablić Tomić, 2012: 43). Ијан Рид, пак, вели дека краткиот расказ и новелата се сродни, дури и симбиотски категории, за најпосле да поентира дека краткиот расказ е жанр со „протејска разновидност“ (2007:255). Во сличен манир, Рут Килхенман ја истакнува неговата „камелеонска форма“ (Kilchenmann 2007: 271), мешавина што ѝ се опира на цврстата дефиниција. Очигледно не се можни чисти дефинирања, а и избраните текстови само ќе ни ја покажат нивната хибридност, која ги заматува границите меѓу жанровите и родовите. Впрочем, краткиот расказ ни сведочи за оној логос на нечистотија во кој Дерида го препозна законот на жанрот, контаминацијата што ја вознемирува вообичаената, традиционална таксономија. Дерида кон тоа ќе додаде оти токму

таквиот закон на жанрот, кој со хибридизација произведува жанр, „жанрот“ е она посебно обележје на книжевното уметничко дело (Derrida, 1992). На тој начин, во нашиот избор, без многу размислување, можевме да ги сместиме и текстовите од само неколку страници и текстовите од поголем обем, како оние на Ѓалски или на Крлежа, при што нам ни беше битно избраните раскази сепак да ги задоволуваат „условите“ за збиеност, за концизност во изразот, за дејствие и за стилска припадност кон модернистичките книжевно-уметнички стремежи.

Погледнато од перспектива на книжевната историографија, Мирослав Шицел изворот на краткиот расказ во хрватската литература го гледа во фељтонистиката, а тоа гледиште го презема и Саблиќ Томиќ кога вели дека фељтонот е генотекст на краткиот расказ (Šicel, 2001: 5; Sablić Tomić, 2012: 53). Меѓутоа, додека фељтонот секогаш со едната нога ја засегнува актуелната општествено-политичка реалност, краткиот расказ во модерната почнува да создава сосем нови светови на темелот на индивидуалното доживување на реалноста од страна на уметникот. Ако ја прифатиме таквата порозност на границата меѓу новинарскиот и фикционалниот текст, како што вели Шицел, може да заклучиме дека краткиот расказ се развил од фељтонот кога неговите новинарски обележја прераснале во книжевно-уметничко остварување. Потпирајќи се на зацврстената традиција на фељтонот, кој, пак, својата појава му ја

должи на подемот на новинарството и на издавачката дејност од средината на XIX-от век, патот до прифаќањето на кратките фикционални текстови во печатот изгледал речиси природно. Таквиот соживот на краткиот расказ, на списанието и на новинарството ќе потрае уште долго по периодот претставен во оваа антологија.

И додека Аугуст Шеноа бил писател што ги надоместувал пропуштените децении во хрватската книжевност вметнувајќи во своите дела и елементи на романтизам и елементи на реализам (некаде и на натурализам), во периодот на модерната младите хрватски писатели целосно го фатија чекорот со актуелните европски литературни движења. Кај раните модернисти, како Лесковар и Матош, во избраните раскази се забележува силното свртување на индивидуалната перцепција на сопствената стварност, без поголемо осврнување на актуелните општествени настани. На местото на дискурсот што може рационално да се објасни доаѓаат фантазијата, сетилноста, интуицијата и чувствителноста. Приматот на индивидуалистичките светогледи во следната генерација ќе доведе до целосно непризнавање на објективноста и до распад на картезијанската слика на светот. Писателите како Камов и Донадини уште посилно се свртуваат кон иронијата и автоиронијата, кон гротеската и апсурдот како реакција на атомизираниот свет околу себе. Можеби токму затоа краткиот расказ толку добро му одговара на модернизмот како форма за артистичко ис-

тражување на односот меѓу поединецот и конкретниот контекст во кој е потонат. Како што вели М. Шицел, кога веќе посегнувале по нив, реалистичните писатели пишувале кратки раскази во паузите меѓу големите романи или поетските проекти (Šicel, 2001: 10); во периодот на модерната, краткиот расказ станал автономна уметничка форма.

Помисла на вечноста на Јанко Лесковар е првиот книжевен текст што покажува недвосмислено отстапување од реализмот и што отвора простор за новиот уметнички сензибилитет. Расказот е објавен 1891 година во списанието *Вијенац* (*Vijenac*) и во него не наоѓаме ни тематизирање на односот село-град, ни историска тематика, ни пропаѓање на благородништвото, ни општествено-политичка или, пак, наследна мотивација на ликовите, типични за реализмот и натурализмот. Лесковар се свртува кон поединецот, кон неговите немири и опсесии; тој е првиот што во корпусот на хрватската книжевност огледалото на литературата доследно и во целост го свртува кон внатрешниот живот на ликот. Содржинската иновација е проследена и од наративната, па во *Помисла на вечноста* доаѓа до интересно претопување на временските планови, при што минатото активно учествува во стварноста на ликот и го обележува до таа мера, што му ја осуетува секоја нормална иднина. Тоа претопување на временските димензии, всушност, го подвојува главниот лик што Лесковар го сумира во

заклучната и, како што вели Хелена Саблиќ Томиќ (ibid. 66), во пресвртно-антологиската реченица: „Ѓуро Мартиќ полуде“. Раздвојувањето на името и презимето[1] во стандардниот јазик е дозволено, но истовремено е ретко и изразено стилски обележано, па со тоа како дополнително да се нагласува внатрешното растројство на ликот, типично за модернистички обликуваниот карактер. Во расказот не наоѓаме традиционален јунак, силен субјект како носител на акцијата; Ѓуро Мартиќ е интелигентен, но нестабилен и пречувствителен маж што живее меѓу халуцинацијата и јавето. Со приказите на исцрпеноста, песимизмот и здодевноста, свртувањето кон мистичното и соновното, Лесковар со Ѓуро Мартиќ создал прототип на болежлив, хиперсензитивен, опсесивен и пасивен човек што е целосно потонат во себе. Со ликот на Мартиќ, Лесковар довел до промена на парадигмата во хрватската книжевност.

Подвоеноста на ликот се забележува и во приказната *Глушец* на А. Г. Матош, најзначајниот хрватски писател и интелектуалец на модерната. Имено, самиот насловен мотив е бинарен и означува животно, но и љубената жена на главниот лик, од што, потоа, се отвора јазот меѓу реалноста и халуцинацијата, јавето и визиите. Брзиот ритам на раскажувањето го доловува ритамот на лудилото и вешто означува стрмоглавување во конечен несреќен залез. Матош го

1 Во оригиналниот текст таа реченица гласи вака: Đuro je Martić poludio.

проширува и тематскиот видокруг на книжевноста, пишувајќи за дотогаш премолчуваните и скандалозни теми како абортусот, теми што авторот умешно ги вклопува во преписката помеѓу љубовниците. Во *Глушец* наоѓаме и одзиви на Ниче во деловите во кои главниот лик ги смета луѓето што „пропагираат општа љубов“ за неморални непријатели на цивилизацијата, а симпатијата ја прогласува за варварско чувство што исчезнува пред образованието и развојот. Приказот на жената, исто така, станува нагласено мачоистички, речиси мизогин и мошне спротивен на романтичарските идеализации (еднакво поедноставени и неприфатливи). Михајло, главниот лик, ја нагласува грдотијата на својата љубовница и вели дека, по раѓањето на детето, би можела да го интересира уште две-три години. Како и кај Лесковар, како што поодминува дејствието на приказната, толку повеќе преовладува фантазмагоричноста; всушност, Михајло сам ја детектира својата патологија и си поставува дијагноза кога вели дека „најновиов настан со глушецот ми мириса на хистерија, хипохондрија и делириум“.

Ликовите на чувствителни и интелигентни декаденти со наклоност кон уметноста, а посебно кон поезијата и музиката, речиси стереотипно го одбележуваат раниот модернизам во хрватската книжевност. Мирко Новаковиќ, главниот лик во расказот *Иглесто чедо*, обликуван е поентилистички со само оцртани контури на човечко тело. Сликарската техника на

физичкото конструирање на ликот означува свесна интермедијалност што својот целосен замав ќе го добие во подоцнежните авангардни остварувања. Новаковиќ е само трага од човек, „бидејќи е иглест, не можете да го забележите“. Во расказот одново се појавува мотивот на самоубиството, но овој пат инвентивно поврзан со фројдовскиот феномен за нагонот кон смртта, за автодеструкција при средбата со мрачната привлечност на смртта, како конечно разрешување на психичката напнатост. Гледајќи ги и естетската дотераност и тематско-стилската иновативност, без никакво стеснување можеме да го сметаме Матош за автор на најдобрите кратки раскази во хрватската модернистичка книжевност, чии три збирки кратки прози „станаа место од кое овој жанр тргна во својот пробив“ (Sablić Tomić, 2012: 77).

За хетерогеноста на идентитетот пишува и Миливој Дежман Иванов во својот расказ *Исповед*. Говорејќи за можностите од спознавањето на душата, тој го споредува човекот со мозаик составен од мноштво различни елементи и не го гледа како монолитна целина. Се чувствува дека во тоа време современата и мошне актуелна психоаналитичка мисла инспиративно одекнала меѓу помладата генерација писатели. Дежман Иванов се прашува „кој може да ги расчлени сите оние тајни, невидливи струи што несвесно се влеваат во секоја мисла?“ Честата потрага по вистината, кружењето околу непроникливото јадро на себството, ментално

го исцрпува ликот и во текстот впишува *хистерична* структура што се гради околу парадоксот на далечната блискост; фактот дека не можеме докрај да се спознаеме себеси, но истовремено во одредена мера, сепак, мораме да се познаваме, бидејќи во спротивно, не би можеле да се опишуваме и да се анализираме.

На поширокатa читателска публика книжевното дело на Јосип Баричевиќ денес, веројатно, ѝ е помалку познато, па неговото вклучување во изборов може да послужи и како застранување од списокот на канонските писатели, но и како доказ дека модернистичките стремежи го зафатиле и она што денес го доживуваме како маргина на тогашната книжевна продукција. Во приказната со прстенеста структура, раскажувачот пронаоѓа оставен ракопис со приказна за постепено исчезнување од глад. Меѓу интересните елементи на овој расказ, секако треба да се издвои експресионистички осмисленият простор во која само тенките зраци на светлината ја облеваат визуелно запуштената, смрдлива и мувлосана соба. Ликот што живее во неа, исто така, е експресионистички прикажан како сремен жив мртовец, испиен од глад и маки.

Иако се отвора со импресионистичката слика на железницата што јури низ магловитиот самрак, контрастни експресионистички елементи наоѓаме и во расказот *Во самракот* на Фран Галовиќ. Свесно во силната споредба и нагласено грозно, внатрешноста на возот е из-

разено нечиста, подот е исплукан и полн отпушоци, пејзажот е каллив и исполнет со гнили и соголени дрвја. Меѓутоа, Галовиќ очигледно го интересира и општествено ангажираната книжевност, па во ваквата модернистичка стилизација вметнува и социјална тематика за принудената емиграција. Малку подоцна, активистичко залагање за обесправените најјасно ќе може да се прочита и кај Крлежа.

Расказот *Двајца ормани* на Никола Шоп се здобива со еден речиси магиски призвук, ако прифатиме дека мебелот ја презема улогата на носител на раскажувањето. Никола Шоп е најлирски автор меѓу писателите претставени во овој избор, кој мошне умешно се служи со постапката на очудување, поставувајќи ја сцената реалистично, но оживувајќи ја, меѓутоа, со своевиден фантастичен пулс. На тој начин, ликови во приказната се двајцата ормани, при што веднаш треба да се забележи дека Шоп ја користи бројната именка *двајца*, форма што обично е резервирана за категоријата на живи суштества од машки род. Давајќи им човечки квалитети на секојдневните предмети, за кои најчесто не ни размислуваме – ормаите, расказот воедно може да се чита и како алегорија за отфрлањето на дотраеното и непотребното.

На сосем другата страна од модернистичкиот спектар стои Јанко Полиќ Камов, иконокластичен писател што ја отвори вратата за заострените уметнички поетики, т.е. за аван-

гардата. Изразено бунтовен и со огнена желба за повторно вреднување на сите вредности, не се приклонувал ни кон артистичко-естетската линија под шинелот на Матошевиќ, ни кон ангажираната струја што ја предводел Крлежа. Со радикално држење на страна од сите книжевни примери, Камов навестува книжевни правци што наскоро ќе го променат текот на европската книжевна сцена. Со право можеме да се прашаме како би изгледал развојот на хрватската книжевност кога неговиот превратнички роман *Исушено блато* би бил објавен по завршувањето, а не со разлика од половина век (напишан е во 1909, а издаден дури во 1957 година!). Изразено провокативен и со ниво на иновации што, очигледно, биле тешко сварливи за тогашната публика, романот како светлоносец на грдото, изопаченото, бизарното, апсурдното и гротескното го одбележува почетокот на авангардата во европската литература. Во својот новелистички опус – самиот ги нарекува своите раскази *Лакрдии* – сепак е стилски поумерен. Ги замислувал, како што велел самиот, како „сатири за човечката душа“, во кои аналитично и студено ги црта психолошките профили. Иако се посмирени во својот израз, во кратките раскази, сепак, јасно се воочуваат гротескноста, стилската разузданост и хиперболичноста. Во расказот „Жена“ среќаваме типична Камовска жена, која е убава кога смрди; таа е слаба, има остро и несиметрично лице, нечешлана е и има неизмиени заби. Текстот на жената ѝ пристапува сексистички и садистички, а со оглед дека таа

не е именувана, очигледно се мисли на жената општо, па таа се смета за суштество кому му се потребни грев и казна. Насилните зборови го одразуваат насилното дејствие, морничавата атмосфера и силниот еротски занес, поттикнат од алкохолот. За наследниот патолошки нарав на човекот ни раскажува и расказот *Брада*, во кој Камов, речиси како *кредо*, пишува дека духот никогаш не се изразува толку видливо како во злосторствата, убиствата, во пиењето и во сексуалните испади, и дека човечката психа ја обележуваат спротивставеностите и апсурдите. Ако во естетицистичката гранка на модернизмот се задржувала рационалноста како спротивност на оничричното, во кое ликовите, всушност, живеат, кај Камов нема место за рационалност ни во јавето, бидејќи токму ирационалното ја одбележува будноста. Со разбивањето на *рацијото* исчезнува и потребата за каузална мотивација во текстот, па е занимливо да се забележи како расказот започнува *in medias res* токму со нејасно мотивираниот и необјаснет чин на бричењето брада. Освен тоа, бричењето на брадата е единствен чин во целосна смисла на зборот, бидејќи нарацијата веднаш потоа се свртува кон опсесивна автоанализа и анализа на ликот во однос на другите, што целосно го прелева конвенционално поимното дејствие. Камов е револуционерен писател што се остварил во сите книжевни родови и што, посебно гледано од денешна временска дистанца, несомнено припаѓа кон најтесниот круг најоригинални и најдобри предвоени хрватски писатели.

Радикалниот раскин со традицијата и воспоставените принципи на книжевната репрезентација ги читаме и во *Луди приказни* на Улдерико Донадини, објавени во 1915 година. Донадини, исто како и Камов, е авангардист што сака да шокира, да запрепасти и да протресе за да го разбуди читателот од удобноста на малограѓанството. Во *Ѓаволот на господинот Андрија Петровиќ,* во одредена мера, наоѓаме и елементи на текот на свеста во фантазмагоричната сцена во која ѓаволот го влече ликот во смрт. Сценатa на расказот е поставена изразено експресионистички – денот догорува, улицата се искривила, куќите се наведнале, стаклата се запалиле, листовите невралгично треперат, а унаказените сенки се кршат од ѕидовите. Целокупниот простор е искршен во асиметрични плоштини. *Доктор Квак*, пак, ни донесува ироничен, речиси бурлескен портрет на човек во приказната за промена на судбината и со пресврт на крајот, кој донекаде повикува на споредби со Кафка.

Бардот на хрватската книжевност, Мирослав Крлежа, е застапен со два сосем различни расказа. *Смртта на блудницата Марија* е краток расказ што ги спојува возбудениот, збркaниот и повишен тон на модернизмот и социјалната критика, но без запаѓања во евтин морализам. Од сите писатели, Крлежа сигурно најуспешно знаел да ја преточи општествената тематика во уметност. Расказот е напишан во стил на хиперболична репортажа, како детален

приказ на еден случај што може да се воопшти, па така и да стане општествен коментар. Раскажувачот е недвосмислено пристрасен и со многу патос ја доловува апсурдноста на лицемерието поради кое гние општеството. Впрочем, јасно се чувствуваат анимозитетот и гадењето кон „неверникот и циникот во свештена одора“. Крлежа често укажувал на лажната моралност на утврдените верски институции, но во овој расказ, можеби, и најпоентирачки го прикажал разблудениот и пијан, расипан и неморален клерик. Јасно свртување на критичкото бодило кон оној што традиционално се наоѓа на позиција на моќ наоѓаме и во *Барака пет Б*, расказ од збирката *Хрватскиот бог Марс*. Во гневниот и повишен тон, со реченици преполни со извичници, приказната се чита како грчевит крик против бесмисленоста на военото страдање на народот што е принуден да им служи на империјалните сили и да војува туѓи војни. Лудилото на воената кланица го следи згуснатата нарација доведена до гротеска. Често се појавуваат мотивите на крв и кал, а Крлежа не се стеснува сликовито да ги опише осакатените и истоштените тела што умираат (како Ото Дикс во неговиот *Воен циклус*). Меѓу највпечатливите сцени од хрватската експресионистичка книжевност, секако, спаѓа крајно гротескната поворка на сакати луѓе, натерани да парадираат и да го поздравуваат австриското знаме во чест на неодамнешната победа, додека заповедниците наздравуваат и пијат, и покрај тоа што пред победата се засолниле на безбед-

но место. Ангажираноста на текстот се гледа и во давањето глас на јавноста. Бидејќи, иако има индивидуализирани ликови, носител на дејствието е колективот на обесправени и ранети луѓе што го фаќаат последниот здив пред спасот во смртта. Активно спротивставувајќи им се на летаргијата и на беспомошниот очај, овој расказ, можеби, е најгласниот крик на Крлежа за промена на дотогашните угнетувачки односи и на ниво на поединец и на ниво на цел народ.

Ксавер Шандор Ѓалски во својот долг и авторски мошне плоден живот, имал неколку стилски периоди. Остана запаметен како еден од најважните писатели на реализмот, но дел од неговиот опус може да се вклопи и во стилските тенденции на модернизмот. Освен тоа, во книжевно-критичките расправи што се воделе на почетокот на XX-от век, одлучно застанал на страната на „младите“. Во *Соното на доктор Мишиќ*, забележуваме елементи на романтизмот во описот на запуштениот дворец што наводно е населен со духови и е како да излегол од популарните готски романи, гледаме симболистички претставена убава мртва девојка, препознаваме мотиви на наследност кога раскажувачот ни соопштува дека и мајката на Мишиќ можела да претскажува настани од иднината, што можеме да го протолкуваме како наследност на психички аномалните состојби, читаме експресионистички опис на салата за обдукција како полуосветлен тесен простор со темни и зелени ѕидови и мирис на

мувла во воздухот, меѓутоа, во најголема мера, сепак, наоѓаме модернистички интерес за сонот и за соновното. Дејствието во приказната го придвижува тензијата помеѓу рационалниот и ирационалниот принцип на бинарното себство. Мишиќ е лекар што не верува во ништо што не може да се докаже преку експеримент, но како што се развива приказната, мистичното и оничното сè повеќе почнуваат да преовладуваат за, на крајот, дневните активности на лекарот целосно да западнат во втор план. Во јавето, Мишиќ почнуваат да го измачуваат немир и меланхолија, па сè повеќе почнува да живее во сонот, бидејќи таму живее без цензура. На тој начин, излегува дека соништата стануваат место на вистинскиот живот каде што се ослободува инаку задушената сексуалност. Ѓалски со тоа речиси неверојатно ги антиципира Фројдовите дела за сонот, во кој потиснатото се враќа и дури соопштува дека сликите што ни се дадени во сонот се, всушност, обработени и метафорички кога вели дека „сонот, во најретки случаи, остава целосна слика во сеќавањето, а и тогаш кога ќе ја остави, тоа се случува само во смисла пренесена преку слики“. Освен тоа, јасно се препознава и фројдовскиот мотив на срам кога она што силно го плаши истовремено и силно го привлекува, овозможувајќи му патолошко уживање. Свртувајќи се кон темата на мртовечка еротичност, понирајќи во внатрешните светови на ликот, Ѓалски на почетокот на 1890-те години се јавува како зачетник на сето она што низ свесна уметничка програма ќе поч-

не да го остварува следната генерација писатели, генерацијата на модернистите претставени токму во ова издание.

* * *

Секој избор, поради нужната потреба за ограничување и исклучување, на некој начин е и погрешен избор. При секое избирање се среќаваме со неможноста, па и со неуспехот, да се придржуваме кон сопствените правила што често се несистематски, а понекогаш, едноставно, се претвораат во слободни варијации. Кога ќе се прифати фактот дека не можат да постојат неутралност и објективност, изборите од ваков вид многу лесно (и неоптоварено) стануваат лични географски карти на минатите книжевни искуства.

Со овие кратки осврти го затворивме лакот од Лесковар и Матош, преку Камов, Донадини и Крлежа, до Ѓалски; лак што јасно покажува дека модернизмот е обележан токму со плурализмот и симултаноста на поетиката и стиловите. Со други зборови, со жива, полемична и активна литературна сцена. За уметноста тоа било возбудливо време кога уметниците, свесни за застранувањето од миметичките наративни модели, на уметноста ѝ отвораат простор за слобода и за автономија, па така модернизмот се воспоставил како веројатно и најсилен поттик за развој на хрватската книжевност. На крајот, треба уште да се додаде дека *приказна-*

та за краткиот расказ во хрватската книжевност, сепак, не застанува со модернизмот. Како жанр, тој ги преживува сите стилски пресложувања и неговиот развој непрекинато може да се следи сè до ден-денес, кога квантитативно доминира над другите прозни форми.

Игор Дворшќак

Литература:

- Derrida, J. (1992). *The Law of Genre*. U: *Acts of Literature*. Ur: Derek Attridge. New York/London: Routledge
- Kilchenmann, R. J. (1981). *O definiciji kratke priče.* Dometi 11: 45-52. U: *Teorija priče. Panorama o umijeću pričanja 1842.-2005.* (2007). Ur. Tomislav Sabljak. Zagreb: HAZU, 271-278
- Levanat-Peričić, M. (2013). *Kratka priča od* Antologije (2001.) *Miroslava Šicela do* Festivala! (2011.) *Romana Simića Bodrožića*. Zadar: Croatica et Slavica Iadertina IX/II, 481-493
- Nemec, K. (1997). *Antologija hrvatske novele.* Zagreb: Naklada Pavičić
- Reid, I. (2007). *Kratka priča*. Dometi 11: 59-72. U: *Teorija priče. Panorama o umijeću pričanja 1842.-2005.* (2007). Ur. Tomislav Sabljak. Zagreb: HAZU, 254-270
- Sablić Tomić, H. (2012). *Uvod u hrvatsku kratku priču*. Zagreb: Leykam international
- Scofield, M. (2006). *The Cambridge Introduction to The American Short Story*. Cambridge: Cambridge University Press
- Solar, M. (1974). *Ideja i priča: aspekti teorije proze*. Zagreb: Liber
- Šicel, M. (2001). *Antologija hrvatske kratke priče.* Zagreb: Disput
- Šicel, M. (2007). *Kratka priča*. U: *Teorija priče. Panorama o umijeću pričanja 1842.-2005.* (2007). Ur. Tomislav Sabljak. Zagreb: HAZU, 430-432

Во истата едиција:

1. **Андреа Јанковски** *Раскази кои немаат намера да бидат тоа*
2. **Оскар Вајлд** *De Profundis*
3. **Бруно Шулц** *Продавниците со боја на цимет / Санаториумот во знакот на Клепсидрата*
4. **Оскар Вајлд** *Кантервилскиот дух*
5. **Хенрик Сјенкјевич** *Скици нацртани со јаглен*
6. **Чарлс Буковски** *Холивуд (II издание)*
7. **Оскар Вајлд** *Критичарот како уметник*
8. **Витолд Гомбрович** *Космос*
9. **Михаил Булгаков** *Театарски роман*
10. **Ципријан Норвид** *Цивилизација*
11. **Теодор Фонтане** *Ефи Брист*
12. **Гастон Леру** *Мирисот на дамата во црно*
13. **Ладислав Клима** *Како ќе биде по смртта*
14. **Витолд Гомбрович** *Транс-Атлантик*
15. **Стефан Грабињски** *Мистични приказни*
16. **Оскар Вајлд** *De Profundis (II издание)*
17. **Чарлс Буковски** *Пошта (II издание)*
18. **Болеслав Прус** *Повратен бран*
19. **Оскар Вајлд** *Пропаста на лагата*
20. **Еухенио Камбасерес** *Беспаќе*
21. **Вилијам Батлер Јејтс** *Келтскиот самрак*
22. **Хорхе Луис Борхес** *Алеф*
23. **Фернандо Песоа** *Банкарот анархист*
24. **Михаил Булгаков** *Ѓаволијада / Кобни јајца*
25. **Витолд Гомбрович** *Фердидурке*
26. **Алис Манро** *Бегалка*
27. **Хорхе Луис Борхес** *Книга од песок*
28. **Амадо Нерво** *Балкони*
29. **Марио де Са-Карнеиро** *Исповедта на Лусио*
30. **Марио де Са-Карнеиро** *Небо во оган*
31. **Бруно Шулц** *Митизација за реалноста*
32. **Хорхе Луис Борхес** *Извештајот на Броди*
33. **Јакуб Арбес** *Свети Ксавериј*
34. **Владислав Ванчура** *Разуздано лето*
35. **Маргарет Атвуд** *Приказната на робинката*

36. Хорхе Луис Борхес *Фикции*
37. Хорхе Луис Борхес *Универзална историја на нечесноста*
38. Фернандо Песоа *Филозофски раскази*
39. Хорхе Луис Борхес *Сеќавањето на Шекспир*
40. Михаил Булгаков *Белата гарда*
41. Мигел де Унамуно *Магла*
42. Евгениј Замјатин *Ценем*
43. Станислав И. Виткевич *Ненаситност*
44. Михаил Булгаков *Доживувањата на еден мртовец*
45. Ладислав Клима *Страдањата на кнезот Штерненхох*
46. Хорхе Луис Борхес *Историја на вечноста*
47. Семјуел Бекет *Повеќе бодила од ритање*
48. Славомир Мрожек *Слон*
49. Теофило Брага *Фантастични раскази*
50. Федериго Тоци *Три крста*
51. Валтер Бенјамин *Еднонасочна улица / Детството во Берлин околу илјада и детстотата*
52. Боб Дилан *Тарантула*
53. Хорхе Луис Борхес *Книга за измислените суштества*
54. Алис Манро *Мил живот*
55. Витолд Гомбрович *Бакакај*
56. Вилијам Б. Јејтс *Црвениот Ханрахан и др. приказни*
57. Алис Манро *Месечините на Јупитер*
58. Михаљ Бабич *Калифот штрк*

Издавач
БЕГЕМОТ – Скопје
Бул. „АСНОМ“ бр. 94-1/12, 1000 Скопје
Телефон: + 389 70 741 782
РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА

е-пошта: info@begemot.mk
www.begemot.mk

Тираж 300

ДОКТОР КВАК
(АНТОЛОГИЈА НА ХРВАТСКИ
МОДЕРНИСТИЧКИ РАСКАЗ)

Печат
ПЕЧАТНИЦА ГРАФОДЕН
Ул. Долно Лисиче 69, 1000 Скопје
2020

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
“Св. Климент Охридски”, Скопје

821.511.141-31

БАБИЧ, Михаљ
Калифот штрк / Михаљ Бабич ; [превод од унгарски јазик Анамарија Цинеге-Панзова, Златко Панзов]. - Скопје : Бегемот, 2020. - 203 стр. ; 18 см. - (Библиотека Ars Magna)

Превод на делото: A gólyakalifa / Babits Mihály

ISBN 978-608-4869-30-6

COBISS.MK-ID 51209477